*ден и Компјутерски софтвер износ од 1.620.000 денКанцелариски мебел за Општинската администрација како и Реконстукција на тоалети во Општинската зграда.*

# ПРОГРАМА Ф – УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

*е планирана на вкупен износ од 1.500.000 ден и истата се реализира преку следните потпрограми:*

**Потпрограма Ф1 – УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

*Вкупните расходи за оваа Програма со Предлог буџетот се планирани на износ од 1.500.000 ден за Изработка на просторни и урбанистички планови на територијата на Општина Кавадарци.*

# ПРОГРАМА Г – ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

*е планирана на вкупен износ од 89.777.000 ден и истата се реализира преку следните потпрограми:*

**Потпрограма Г1 – Подршка на Локален економскиот развој**

*Вкупните расходи за оваа Програма планирани се на износ од 48.914.000 ден. и тоа:*

**Трошоци за стоки и услуги:**

*-Трошоци за комуникација износ од 554.000 ден-набавка на интернет и изнајмување на Оптичко влакно за потребите на Проектот Сигурен град*

*-Поправки и одржување на совтверска и хардверска опрема износ од 520.000 ден ден*

*-Изнајмување на опрема за штампање износ од 760.000 ден*

*-Други Договорни услуги планиран износ од 1.930.000 ден наменети за Волонтери,Општокорисна работа,Јавни работи Комисија за урбанистички планови*

*-Привремени вработувања планиран расход од 12.000.000 ден*

*-Расходи за Камата на искористени кредити износ од 3.300.000 ден*

*-Трансфери до здруженија на граѓаниод Општина Кавадарци износ од 3.960.000 ден врз основа на Јавен повик до НВО од Оопштина Кавадарци.*

*-Други трансфери планиран износ од 25.890.000 ден наменет за трансфери врз основа на Субвенции до Совет за превенција на малолетничка деликвенција-30.000 ден,Совет за безбедност во Сообраќајот-60.000 ден,Субвенции за велосипеди-300.000 ден, за Фотоволтаици износ од 5.000.000 ден,Субвенции до Јавните претпријатија и институции основани од Општина Кавадрци и тоа:ЈПЈасмин износ од 1.600.000 ден ,ЈП Паркинзи износ од 5.000.000 ден, ЈП Превоз Кавадарци износ од 5.000.000 ден, Културна институција Подиум Јадро износ од 600.000 ден,Локален Вински музеј за рег.Тиквеш износ од 4.000.000 ден и Проект –СоветувалиШте –Центар за подршка од родово базирано и семјено насилство износ опд 700.000 ден,Проект Развој на вински туризам и семејни винарии износ од 1.000.000 ден,Проект ГО САКАМ КАВАДАРЦИ наменет за младите од 18 години износ од 200.000 ден и Трансфер на средства до ЦРВПР износ од 1.900.000 ден наменет за учество во Набавка на ПП возило.*

***Потпрограма Г2 – Потикнување на развојот на туризмот***

*Расходите за оваа програма во Предлог Буџетот се планирани на износ од 2.225.000 ден и истите се наменети за реализација на Програмата за активности на Општина Кавадарци во промоција на КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА со цел воспоставување на добри релации на Општина Кавадарци со граѓаните и сите други корисници на услугите на Општината како и Развој на туризмот на теритотијата на Општина Кавадарци.*

*Реализацијата на оваа Програма е преку следните расходни ставки:*

*-Услуги за копирање,печатење и издавање износ од 825.000 ден наменети за Кавадаречки Информатор, Туристичка карта, Брошура Боите на Тиквешијата, Летоци и Брошури, и сл.,*

*-Објавување на Огласи и Соопштенија во државни печатени медиуми износ од 700.000 ден*

*-Други трансфери износ од 700.000 од кои износ од 150.000 ден наменети за набавка на Плакети, признанија, сувенири и други обележја, износ од 200.000 ден наменети за Пропаганден туристички матерјал и износ од 350.000 ден наменети за реализација на Проектот-Заштита на културното наследство во соработка на асоцијацијата на градови на Р.Франција*

***Потпрограма ГА – Изградба на комерцијални објекти***

*Расходите за оваа програма во Предлог Буџетот се планирани на износ од 38.638.000ден. наменети за следните проекти:*

***Капитални расходи:***

*-Проект-Дореализација на Проект за Изградба на водоводна линија,фекална и атмосферска канализација на ул.Лазо Асијата износ од 7.455.000 ден.*

*-Проект-Дореализација на Проект за Поставување на фотонапонски панели на 10 Јавни Општински Објекти со инсталирана моќ 19,2 КВ/ч во износ 3.490.000 ден.*

*-Проект-Реконструкција на водовод за викенд населба во Ресавски залив ,Вкупен износ на проектот 4.985.000 ден Срества обезбедени од Биро за регионален развој износ од 1.800.000 ден и Износ од 3.184.869 ден плаќа ОпШтина Кавадарци од сопствени средства*

*-Проект –Изградба на потпорен ѕид на ул.Клинска - Фаза 2 износ од 1.557.000 ден*

*-Проект – реконструкција и пренамена на постојан објект на ул.7-ми Септември со намена за домување на социјално загрозени лица.Вкупна вредност на пропектот износ од 9.537.000 ден од кои Бирото за регионален развој обезбедува износ од 3.399.995 ден а Општина Кавадарци од сопствени средства обезбедува износ од 6.136.893 ден.*

***Отплата на главница:***

*-Отплата на главнина на кредит износ од 5.220.000 ден наменет за отплата на Кредит од Комерцијална банка во вкупен износ од 117.488.844 ден наменет за изградба на Градски Пазар со подземен паркинг .Првиот ануитет достасува за наплата на 20.07.2023 година.Износ на еден ануитет(Главница + камата) 3.328.884 ден.Годишно се плаќаат 4-ри ануитети или износ од 13.315.536 ден.Последен ануитет достасува на 20.04.2033 година.Отплата за 10-ет години или 40 ануитети.*

*-Отплата на главнина на долгорочни позајмувања од централната власт во износ од 6.394.000 ден. наменет за отплата на кредит на Мин. За финансии во*

*вкупен износ од 63.931.920 ден реконструкција на сообраќајници во Град Кавадарци.Првиот ануитет достасува за наплата на 10.09.2021 годинаИзнос на еден ануитет 3.196.370 ден.Годишно се плаќаат два ануитета во износ од 6.394.000 ден.Последен ануитет достасува на 10.03.2031 година.Отплата за 10-ст години или 20-ет ануитети.*

***Расходи од кредити*** *планиран износ од 0,00 ден*

## *ПРОГРАМА Ј – КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ*

### *Потпрограма Ј0 – Одржување на урбана опрема*

*Планирани расходи за оваа програма се наменети за Поправки и тековно одржување на Урбана опрема-Клупи,Корпи за ѓубре,Сливници, Канделабри,Шахти и др. на износ од 1.400.000 ден.*

### *Потпрограма Ј3 – Јавно осветлување*

*Планираните расходи на оваа програма се предвидени на износ од 26.500.000 ден од кои износ од 4.500.000 ден се наменети за Набавка на Други матерјали за тековно одржување на уличното осветлување ,износ од 2.000.000 ден се наменети за поправки и одржување на улично осветлување, и износ од 20.000.000 ден е наменет за Трансфер на средства до ЈП Паркинзи Кавадарци по основ на извршена услуга за потрошена Електрична енергија за улично осветлување во Град Кавадарци и Селата во Општина Кавадарци*

### *Потпрограма Ј4 – Јавна Чистота*

*Планираните расходи на оваа Потпрограма на износ од 20.680.000 ден од кои14.000.000 ден се наменети за Одржување на улици и патишта во Град Кавадарци односно Миење и Метење на истите по Програмата за 2023 година и салдо од 2022 година во износ од 6.680.000 ден*

### *Потпрограма Ј6 –Одржување и заштита на локалните патишта и улици и Регулирање на режимот на сообраќај*

*Расходи за оваа Програма се планирани на износ од 13.800.000 денари од кои 11.500.000 ден се наменети за Одржување на улици и патишта - Крпење на ударните дупки, Зимско одржување на локални патишта,Одржување на локални патишта и Обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии.*

*За Поправки и одржување на друга опрема планирани се расходи за Поправка и одржување на Семафорска сигнализација во износ од 400.000 ден.*

*Други договорни услуги планиран износ од 1.400.000 ден наменети за Проценка на градежно земјиште,Геодетски елаборати,Лабараториски испитувања на асфалт и др.градежен матерјал, и Други трансфери планиран износ од 500.000 ден наменет за Брендирање на такси возила и автобуси, и сл.*

*Потпрограма се финасира со средства од Агенцијата за патишта на РМ и од комунален надоместок за уредување на градежно земјиште.*

## Потпрограма Ј7- Одржување и користење на паркови и зеленило

*Вкупните расходи на оваа Програма-Одржување на други зелени површини се димензионирани на износ од 12.827.000 ден од кои 11.000.000 ден. се наменети за уредување и одржување на Јавното зеленило во град Кавадарци за 2023 година и исплта на салдо кон ЈП Комуналец во износ од 1.827.000 ден*

## Потпрограма Ј8 – Други комунални услуги

*Планирани расходи на оваа Програма со Предлог Буџетот се на ниво од 7.300.000 ден. од кои за*

*-Дезинфекција , дезинсекција и дератизација износ од 1.600.000 ден и Одржување на тоалетни кабини износ од 1.500.000 ден*

*-Други трансфери планиран расход од 4.200.000 ден наменети за Организација третман и згрижување на бездомни кучиња износ од 1.000.000 ден, Набавка на цветни и дрвни насади со засадување износ од 800.000 ден,Бесплатни Оџачарски услуги во Организација на ЈП Комуналец износ од 1.200.000 ден, Одржување на трева на Градскиот стадион износ од 1.200.000 ден*

## Потпрограма ЈА-Изградба на јавно осветлување

*Планираните расходи на оваа Програма со предлог Буџетот се на ниво од 16.851.000 ден од кои 13.351.000 ден се наменети за отплата на последните 11-ет Рати за 2023 година за реконструкцијата на Јавното осветлување во град Кавадарци.Вкупен износ на Проектот 53.101.000 ден.*

*За изградба на нови инсталации за улично осветлување во 2023 година износ од 3.500.000 ден*

## Потпрограма ЈД-Изградба и реконструкција на локални улици и патишта

*Планираните вкупни расходи во оваа програма се на ниво од 158.831.000 ден,распоредени на следниот начин:*

**Купување на друга опрема планиран износ од 11.000.000 ден наменети за изградба на детски игралишта.*

**Подготовка на Проекти износ од 8.100.000 ден наменети за Изработка на основни проекти,Ревизија и ГИС*

**Изградба на улици и патишта на територијата на Општина Кавадарци износ од 101.500.000 ден*

**Реконструкција на други објекти износ од 24.850.000 ден*

**Надзор над Изградбата износ од 1.500.000 ден*

**Надомест за одземен имот во вкупен износ од 11.881.000 ден*

## Потпрограма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација

*Планирани вкупни расходи со Предлог буџет во износ од 2.695.000 ден од кои -Расходи за Купување на друга опрема планирани се на износ од 2.195.000 ден наменети за набавка на Сообраќајни знаци и патокази,Опрема за семафори и раскрсници.*

*-Расходи за подготовка на проекти,елаборати и ревизија на сообраќајни проекти износ од 500.000 ден*

## Потпрограма ЈГ - Изградба на систем за водоснабдување

*Вкупните планирани расходи за оваа програма во износ од 3.000.000 ден и истите се наменети за изградба-реконструкција на системи за водоснабдување во Општина Кавадарци –Системи за водоснабдување на Тиквешко езеро- Приклучоци за водовод до викенд куќите во нас.Брушани.*

## Потпрограма ЈИ - Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадните води

*Со Буџетот во 2023 година планиран е расход од 1.500.000 ден за Интервенции на фекална и атмосферска канализација и водоводната мрежа во Општина Кавадарци- Град Кавадарци и рурарните подрачја.*

## Потпрограма ЈЛ - Други комунални услуги(Капитални расходи)

*Вкупните планирани расходи за оваа програма во износ од 13.200.000 ден и истите се наменети за Набавка на тоалетни кабини во износ од 900.000 ден како и Изградба на други објекти во износ од 12.300.000 ден наменети за Изградба на спомен куќа на 12-те Младинци,Изградба на фонтана, Партерно уредување на градски гробишта.Реконструкција на фудбалски терен во с.Дреново и Исплата на ПАМП ТРАК патека.*

## Потпрограма ЈН – Урбана опрема(Капитални расходи)

*Капитални расходи наменети за Купување на друга опрема планирани на ниво од 3.700.000 ден од кои за набавка на Урбана опрема износ - Корпи за отпадоци,Клупи за седење износ од 1.700.000 ден и ,Комплет детски игралишта-оградување,патеки,гумена подлога износ од 2.000.000 ден*

# ПРОГРАМА К - КУЛТУРА

*е планирана во вкупен износ од 41.656.000,00 денари и истата се реализира преку следните потпрограми*

## Потпрограма К1-Библиотекарство

*Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2023 година се планирани на износ од 7.384.000,оо денари од кои трошоците за плати и надоместоци од плати во износ од 5.973.000,оо денари дел се финансираат од Блок дотации за култура износ од 5.730.000,оо денари и дел од Основниот Буџет на Општина Кавадарци износ од 243.000,оо денари, трошоци за Стоки и услуги што ќе се финансираат дел од Самофинансирачки активности се во износ од 489.000 ден. и дел од Основниот Буџет на Општина Кавадарци во износ од 922.000 ден. се наменети за покривање на материјалните трошоци.*

## Потпрограма К2-Музичко и Сценско уметничка дејност

*Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2023 година се планирани на износ од 13.049.000,оо ден. од кои трошоците за плати и надоместоци од плати во износ од 8.399.000,оо денари се финансираат дел од Блок дотации за култура износ од 8.154.000,оо денари и дел од Основниот Буџет на Општина Кавадарци износ од 245.000,оо денари,трошоци за Стоки и услуги ќе се финансираат дел од Самофинансирачки активности во износ од 1.320.000 денари и дел од Основниот Буџет на Општина Кавадарци во износ од 3.330.000,оо денари се наменети за покривање на материјалните трошоци.*

## Потпрограма К3-Музејска и кинотечна дејност

*Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2023 година се планирани на износ од 10.423.000 ден. од кои трошоци за плати и надоместоци од плати во износ од 8.928.000 ден. се финансираат дел од Блок дотации за култура износ од 8.682.000 ден. и дел од Основниот Буџет на Општина Кавадарци износ од 246.000 денари и трошоците за Стоки и услуги износ од 1.280.000 денари ќе се финансираат од Основниот Буџет на Општина Кавадарци и се наменети за покривање на материјалните трошоци..*

## Потпрограма К4-Културни манифестации и творештво

*Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2023 година се планирани на износ од 10.800.000 денари и истите се однесуваат на трошоци поврзани со организација на Културните манифестации –Нова година,свети Трифун,Тиквешки гроздобер и културни настани поврзани со одбележување на значајни настани од историјата на Општина Кавадарци*

## Потпрограма КА-Културни манифестации и творештво(Капитални трошоци)

*Капиталните расходи се планирани на износ од 350.000 ден наменети за набавка на информатичка и друга опрема во износ од 170.000 ден и Набавка на книги во износ од 180.000 ден*

# ПРОГРАМА Н – ОБРАЗОВАНИЕ

*е планирана во вкупен износ од 453.951.000,00 денари и истата се реализира преку следните потпрограми*

## Потпрограма Н1-Основно образование

*Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2023 година се планирани на износ од 309.254.000 денари од кои трошоците за плати и надоместоци од плати во износ од 240.497.000 денари, трошоците Стоки и услуги неопходни за нормално работење на износ од 65.587.000 денари се финансираат дел од Блок дотации во износ од 47.618.000 ден,, дел од материјалните трошоци што ќе се финансираат од Самофинансирачки активности изнесуваат 2.370.000 денари, трошоците кои што ќе се финансираат од Основниот Буџет на Општина Кавадарци се во износ од 4.685.000,оо денари и трошоците по основ на донации од страна на национална агенција за европски образовни програми и мобилност се во износ од 10.914.000 денари кои што трошоци се наменети за студиски патувања во странство за дел од наставниот кадар од Основните училишта, како и торшоци за субвенции и трансфери износ од 1.350.000 ден наменети за сместување на ученици, исхрана на деца со посебни потреби и плаќање на судски решенија.*

## Потпрограма Н2-Средно образование

*Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2023 година се планирани на износ од 144.697.000 денари од кои трошоците за плати и надоместоци од плати во износ од 99.795.000 денари, како и трошоци за Стоки и услуги неопходни за нормално работење на износ од 44.402.000 денари од кои дел се финансираат од Блок дотации за образование износ од 27.805.000 ден, дел од материјалните трошоци ќе се финансираат од Самофинансирачки активности на износ од 8.390.000 денари, трошоците кои што ќе се финансираат од Основниот Општински Буџет на Општина Кавадарци во износ од 2.590.000 денари и дел од трошоците од донации во износ од 5.617.000 денари кои што трошоци се наменети за студиски патувања во странство за дел од наставниот кадар од Средните училишта, како и трошоци за субвенции и трансфери износ од 500.000 ден наменети за исплата на трансфери при пензионирање.*

## Потпрограма НА- Капитални расходи во Основно образование

*Планирани капитални расходи во износ од 360.000 ден наменети за купување на информатичка и друга опрема во износ од 150.000 ден , Набавка на мебел износ од 50.000 ден и набавка на книги и учебници во износ од 10.000 ден*

## Потпрограма НБ- Капитални расходи во Средно образование

*Планирани капитални расходи во износ од 1.317.000 ден наменети за купување на информатичка и друга опрема во износ од 532.000 ден ,Реконструкција на објекти износ од 470.000 ден, Набавка на мебел износ од 255.000 ден и Набавка на книги и учебници во износ од 60.000 ден*

## ***ПРОГРАМА В1-Детски градинки***

*Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2023 година се планирани на износ од 118.021.000 денари од кои трошоците за плати и надоместоци од плати во износ од 71.610.000 денари, како трошоци за Стоки и услуги неопходни за нормално работење на износ од 46.210.000 денари од кои дел се финансираат од Блок дотации за детска заштита во износ од 4.050.000 ден, дел се ќе се финансираат од Самофинансирачки активности изнесуваат 33.160.000 денари и дел од трошоците ќе се финансираат од Основниот Буџет на Општина Кавадрци во износ од 9.000.000 денари,износ од 50.000 ден наменети за трансфери при пензионирање и капитални расходи во износ од 151.000 ден за набавка на училишен мебел.*

## ***ПРОГРАМА ВА-Капитални расходи за Детски градинки***

*Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2023 година се планирани на износ од 1.880.000 ден од кои за Купување на информатичка и друга опрема износ од 500.000 ден , Купување на мебел износ од 380.000 ден и Купување на возила износ од 1.000.000 ден*

## ***ПРОГРАМА Л0 –Спорт и рекреација***

*Вкупните расходи за оваа Програма со Предлог буџетот се планирани на износ од 20.0000.000 денари од кои за Трансфери до спртски клубови во Општина Кавадарци врз основа на претходно усвоена програма од Советот на Општина Кавадарци*

## ***ПРОГРАМА Т1 –Унапредување на здравствена заштита***

*Вкупните расходи за оваа Програма со Предлог буџетот се планирани на износ од 500.000 денари во вид на трансфер до Здравствените институции во Општина Кавадарци а врз основа на изготвена Програма за здравствена заштита.*

## ***ПРОГРАМА Ј0-ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА***

*Вкупните расходи за оваа Програма со Предлог буџетот се планирани на ниво од 21.605.000 ден , од кои за расходи за плати и надоместоци износ од 19.681.000 ден финансирани дел од наменски дотации во износ од 13.000.000 ден и дел од ОпШтинскиот Буџет во износ од 6.681.000 ден. Учество на Буџетот на Општина Кавадарци за покривање на Трошоци за стоки и услуги износ од 1.859.000 ден и Други трансфери износ од 65.000 ден*

## ***ПРОГРАМАЈА-Противпожарна заштита(Капит.Трошоци)***

*Капитални расходи на оваа програма за 2023 година се планирани во износ од 700.000 ден и се намемети за набавка на опрема за потребите на ППЕдиница во Кавадарци.*

.

# В.РАЗВОЕН ДЕЛ НА БУЏЕТОТ

*Развојниот дел на буџетот ги содржи плановите на програмите за развој прикажани по развојни проекти во Вкупен износ од 103.000.000 ден за период од 2023 година до 2025 година односно планирани Капитални Расходи во 2023 година во износ од 15.000.000 ден,планирани капитални расходи во 2024 година износ од 43.000.000 ден. и план. капитални расходи во 2025 година износ од 45.000.000 ден*

*Развојниот дел на Буџетот на Општина Кавадарци во 2023 година е проектиран на износ од 15.000.000 ден и ќе се реализира преку следнита РАЗВОЈНА програма:*

## ПРОГРАМА ЈДБ-ИЗГРАДБА и Реконструкција НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ

*Реализацијата на развојната програма за Изградба на Јавни објекти ќе се реализира преку два капитлни проекти наменети за подобрување на условите за живот на граѓаните на Општина Кавадарци чија реализација се планира во период од 2023 до 2025 година.*

*Вкупните капитални инвестиции на оваа програма за проектираниот период од 2023 до 2025 година за двата проекти изнесува 103.000.000 ден..*

*Расходи на оваа програма во 2023 година планирани се на ниво од 15.000.000 ден., во Буџетот во 2024 година планиран износ од 43.000.000 ден и во Буџетот во 2025 година планиран износ од 45.000.000 ден ,наменети за Изградба на јавни објекти во Град Кавадарци со средства обезбедени од Основниот Општински Буџет.*

*Реализацијата на пооделните проекти по години е следната:*

***Прв Проект:Изградба на Кеј на река Луда Мара од Новата болница до мостот на ул.Видое Смилевски Батао***

*Вкупната капитална инвестиција за Проектот изнесува 53.000.000 ден*

*Средствата се обезбедени од Основниот Буџетот на Општина Кавадарци*

*Проектот треба да се реализира во период од 2023 и 2025 година*

*Реализацијата во Буџетот за 2023 година е планирана на износ од 5.000.000 ден , во Буџетот за 2024 година ќе се планира во износ од 23.000.000 ден и во Буџетот во 2025 година износ од 25.000.000 ден*

***Втор Проект:Изградба на типски спортски Сали во склоп на подрачните училишта во с.Сопот И с.Марена***

*Вкупната капитална инвестиција за Проектот изнесува 50.000.000 ден*

*Средствата се обезбедени од Основниот Буџетот на Општина Кавадарци.*

*Проектот треба да се реализира во период од 2023 и 2025 година*

*Реализацијата во Буџетот за 2023 година е планирана на износ од 10.000.000 ден , додека Буџетот за 2024 година ќе се планира во износ од 20.000.000 ден и во Буџетот во 2025 година износ од 20.000.000 ден*

*Општина Кавадарци*
*Сектор за финансиски прашања*
*Кавадарци,Декември 2022 г.*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за извршување**
**на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/2** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.12.2022 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15,

167/16 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 51/20, 172/21“) и одредбите на Колективниот договор на општина Кавадарци бр.09-5438/1 од 25.08.2022 година и член 154 , член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21)

Советот на на Општина Кавадарци на 21-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот. Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20%** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%**.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации, буџетот на дотации или буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- За избраните и именуваните лица основицата за пресметување на плата изнесува 26.755 денари по коефициент 3,2;
- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;
- на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Кавадарци и измените од истиот.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2023 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);
- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да доставaт барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации се должни да доставaт известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува **60%** од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на **сите** седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

**Член 14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0, ДО и ЊО расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот под услов вработениот да работел најмалку шест (6) месеци во календарската година кај работодавачот.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 60% од просечната месечната нето плата во Република Северна Македонија објавена до денот на исплатата.

Исплатата на надомест на име 13-та плата ќе се врши од Програма ЕО-општинска администрација и Програма ЊО-Противпожарна единица на конто 401-основни плати и конто 402-придонеси од социјално оосигурување од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година.

Висината на надоместокот за 13-та плата се утврдува во износ од просечна месечна нето-плата во Република Северна Македонија објавена до денот на исплатата.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990 – Разни трансфери

**Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 конто 464940-Трансфери при пензионирање, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, односно во висина на помошта утврдена со соодветниот колективен договор, а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990 –Други Трансфери.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 – Други Трансфери, согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и другите примања на вработените во општинката администрација на Општина Кавадарци Колективниот договор на општина Кавадарци бр.09-5438/1 од 25.08.2022 година.

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од обласга на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни

установи, со соодветна пропратна документација, и

- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

**Член 22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 24**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 25**

Буџетот на Општиа Кавадарци се извршува од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 26**

Одлуката влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на општина Кавадарци", а ќе се применува од 01 јануари 2023 година.

**Бр.08- 7742/2**
**22.12.2022 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/3** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.12.2022 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 88 став 2 од Законот за административните службеници од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2023 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2023 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на општина Кавадарци", а ќе се применува со исплата на плата за јануари 2023 година.

Бр.08- 7742/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на помошно техничките лица вработени во Општина Кавадарци за 2023 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на помошно техничките лица вработени во Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-7975/4 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 107 од Законот за работни односи („Сл.Весник на РМ„ бр.74/15....120/18, и „Сл.Весник на РСМ„ бр.267/20 и 151/21 ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредноста на бодот за платите помошно техничките лица вработени во Општина Кавадарци за 2023 година**

Член 1

Вредноста на бодот за платите на помошно техничките лица вработени во Општина Кавадарци за 2023 година, изнесува 81,6 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на општина Кавадарци", а ќе се применува со исплата на плата за јануари 2023 година.

**Бр.08- 7742/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ТППЕ во Општина Кавадарци за 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ТППЕ во Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 107 од Законот за работни односи („Сл.Весник на РМ„ бр.74/15....120/18, и „Сл.Весник на РСМ„ бр.267/20 и 151/21 ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ТППЕ во Општина Кавадарци за 2023 година**

Член 1

Вредноста на бодот за платите на вработените во ТППЕ во Општина Кавадарци за 2023 година, изнесува 25,83 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Кавадарци", а ќе се применува со исплата на плата за јануари 2023 година.

**Бр.08- 7742/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 до Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), а во врска со член 27 точка 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 82 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
# За подготовка и донесување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година

| Можен датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| **Декември/Јануари** | Советот на Општината донесува буџетски календар | Совет на Општината |
| **1 Јануари** | Започнува новата буџетска година | |
| **Јануари** | Објавување на донесениот буџет од тековната година на општинската веб страница и споделување со јавноста | Општинска администрација |
| **Јануари** | Подготовка на Граѓански буџет за тековната година и споделување со јавноста | Општинска администрација |
| **Најдоцна до 31 јануари** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи(К1,К2 и К3) за 4 квартал од претходната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина. | Градоначалник, Сектор/Одделение за финансиски прашања |
| **15 дена по истекот на секој месец** | Месечни извештаи на општинските буџетски корисници до општината со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови. | Општински буџетски корисници |
| **Најдоцна до 28 февруари во тековнатата година, за претходната година** | Се изготвува и доставува Годишната сметка на буџетот до Советот на општината. | Градоначалник |
| **Најдоцна до 15 март во тековнатата година, за претходната година** | Се донесува Годишната сметка на буџетот | Совет на општина |
| **Најдоцна до 31 март во тековнатата година, за претходната година** | Годишната сметка на буџетот се доставува до Министертвото за финансии | Градоначалникот |
| **Најдоцна до 30 април** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи(К1,К2 и К3) за 1 квартал од тековната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина. | Градоначалник, Сектор/Одделение за финансии |
| **Најдоцна до 31 јули** | Подготовка и доставување на | Градоначалник, |

| | | |
|---|---|---|
| | кварталните извештаи (К1,К2 и К3) за 2 квартал од тековната годинасо образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина. | Сектор/Одделение за финансиски прашања |
| **Септември 2023** | Министерот за Финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки на Предлог – Буџетот за наредната година и висина на дотациите од Буџетот на РСМ кој им го доделува на општините. | Член 21 од Законот за буџетите (”Сл.весник на РСМ” бр.64/05, 4/08, 1038/08, 156/09,95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, 150/21)<br>Член 27 став 1 и 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (”Сл.весник на РСМ” бр.64/04, 96/04 и 67/07, 156/09, 47/2011, 192/201, 209/18, 244/19, 77/21,<br>150/21) |
| **Септември/Октомври** | Организирање на буџетски форуми со граѓаните и посебните засегнати страни.На овие форуми може да се разгледуваат нацрт-развојните и нацрт-годишните програми. Бројот на форумските сесии обично е дефиниран во согласност со специфичноста и приоритетите на општината и временски усогласен со останатите буџетски чекори. | Градоначалник/Општинска администрација |
| **Втора половина на Октомври** | Проценка на трошоците и изготвени програмски активности за наредната буџетска година се враќаат во Секторот за финансии од останатите сектори и буџетски корисници. | Сектор за финансии |
| **Најдоцна до 31 октомври** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи (К1,К2 и К3) за 3 квартал од тековната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина | Градоначалник,<br>Сектор/Одделение за финансиски прашања |
| **31-ти Октомври 2023** | Од институциите:<br>а. Се собираат буџетски барање<br>б. Барањата се анализираат<br>в. Се изготвува билансот на приходи и расходи | Сектор за финансии |
| **Октомври** | Анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните сектори во општината (со цел | Општинските буџетски корисници/Општинска администрација/Сектор-одделение за финансии |

| | | |
|---|---|---|
| | утврдување на нивните фискални потреби (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани активности). Усогласување на аналитичките информации со целите/ приоритетите/активностите на секој од општинските сектори | |
Јавното претпријатие за комунални работи Комуналец ќе се грижи за заштита и благосостојба на животните, со правилен третман на бездомните кучиња, согласно закон и Годишна програма. Комуналната редарска служба ќе врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката за комунален ред за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци. Општина Кавадарци во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етичките и законски обврски на сопствениците на миленици, преку едукативни предавања.

Контролата на квалитетот и исправноста во извршување на обврските на општина Кавадарци, согласно Закон за заштита и благосостојба на животните и Годишната програма, ќе ја вршат надлежни органи, Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, Сектор за инспекциски надзор.

III.Финансирање

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Кавадарци за 2023 година, програма Ј8-други комунални услуги (464 990-други трансвери) за годишна вакцинација и третман за заштита од бездомни кучиња и третман на нови бездомни кучиња обезбедени се 1.000.000 денари.**Со обезбедениот буџет се очекува приближно да се заловат 120 куќиња бездомници, на целото подрачије на општина Кавадарци.**

IV. Известување

Сите известувања и информирања на граѓаните ќе се врши преку соопштенија истакнати на јавни места, ВЕБ страната на општината, соработка на општината со локалните надлежни органи: полиција, противпожарна служба, здравствен центар, здружение на пчелари итн, за точниот термин на акцијата и начинот на изведување

на третманот.

V. Мониторинг

Мониторинг над спроведувањето на општите мерки на Општина Кавадарци за заштита и благосостојба на животните, врши претсгавник на локалната самоуправа - комунален редар/инспектор. Во случај на спроведување на посебни (специфични) мерки ќе биде известена надлежната институција Агенцијата за храна и ветеринарство, за вршење на надзор на активноста.

VI. Завршни одредби

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

| | СПЕЦИФИКАЦИЈА за набавка на собирање,згрижување и еутаназија на кучиња скитници | Единична мерка | Единечна цена за едно животно | Единича цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Стручен третман со кастрација** | | | | |
| 1.1 | Заловување и транспорт до прифатилиште, враќање во реонот | **Број** | 1 | 280 | 50 |
| 1.2 | Лабораториско испитување на Лајшманија | **Број** | 1 | 700 | 126 |
| 1.3 | Кастрација | | | | |
| | Ојаловување на куче-машко | **Број** | 1 | 1700 | 306 |
| | Оварио – хистероктомија за женско куче | **Број** | 1 | 2400 | 432 |
| 1.4 | Идентификација, микрочипови, окулвратник во боја,ушни маркички | **Број** | 1 | 400 | 72 |
| 1.5 | Вакцинација против беснило и | **Број** | 1 | 660 | 119 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | антипаразитски третман | | | | |
| 1.6 | Престој во прифатилиште – дневен трошок | **Број** | 1 | 260 | 47 |
| **2** | **Еутаназија** | | | | |
| 2.1 | Заловување и транспорт до прифатилиште,транспорт до депонија | **Број** | 1 | 300 | 54 |
| 2. 2 | Лабораториско испитување на Лајшманија | **Број** | 1 | 700 | 126 |
| 2. 3 | Престој во прифатилиште – дневен трошок | **Број** | 1 | 260 | 47 |
| 2. 4 | Еутаназија (безболно усмртување) | **Број** | 1 | 1700 | 306 |
| | **ВКУПНО** | | | 9360 | 1685 |

**Бр.08- 7742/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на
## Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2023 година

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2 Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/21** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/04...37/16 и „Службен весник на РСМ“ 257/20), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци“бр. 08/05...75/21),

Советот на Општина на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за спроведување на општите мерки за заштита нанаселението од заразни**
**болести во 2023 година**

Согласно одредбите од Законот за заштита на населениетоод заразни болести, Советите на Општините, по претходно стручно мислење (елаборат) на Центарот за јавно здравје за подрачјето за кое е основан, донесуваат Програма за спроведување на општи меркиза заштита на населението од заразни болести на своетоподрачје.

Со оваа Програма се утврдуваат општите мерки, активности,извршители, рокови и извори на финансиските средства потребниза нивна реализација во 2023 година.

**Мерки, цели, активности**

Главна цел на програмата е спроведување на општи меркиза заштита на населението од заразни болести како и утврдувањена активностите,

извршителите, роковите и финансиските средства потребни за нивна реализација во 2023 година.

Програмата дефинира пет општи мерки за заштита на населението на Општина Кавадарци од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да придонесат закревање на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести.

## I. Општа мерка

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ИСПРАВНОСТА НА ВОДАТА И ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

### 1. ЦЕЛ

Снабдување на населението со безбедна вода за пиење.

### АКТИВНОСТИ

Населението во Општина Кавадарци се снабдува со вода за пиење од градскиот водоводен систем со кој стопанисува комуналното претпријатие Ј.П. Комуналец, од локални селски водоводи, јавни чешми и бунари.

### 2. ЦЕЛ

Контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување.

### АКТИВНОСТИ

Ц.Ј.З. Кавадарци врши проценка на безбедноста на водата за пиење преку санитарно- хигиенски увиди на водоснабдителните објекти, земање на примероци вода и лабораториска анализа во однос на физичко-хемиски и микробиолошки параметри на примероците на вода. Годишно се изготвува информација до Советот на Општина Кавадарци за безбедноста на водата за пиење, состојбата со заболувања кои може

да се пренесуваатпреку водата за пиење, се предлагаат мерки за подобрување и сеиздвојуваат приоритетните објекти.

Финансиските средства за спроведување на точка 1 ќебидат обезбедени од буџетот на Ј.П. Комуналец и ОпштинаКавадарци.

**II. Општа мерка**

ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ И ДРУГ ЦВРСТ И ТЕЧЕНОТПАД НА НАЧИН ШТО ЌЕ ОНЕВОЗМОЖИ ЗАГАДУВАЊЕ НАЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА

1. ЦЕЛ

Отстранување и одведување на отпадните води се вршисо цел да се оневозможи загадување на човековата околина.

АКТИВНОСТИ

Во Општина Кавадарци одведувањето на отпадните води севрши во главиот колекторски систем а го врши – Ј.П. Комуналец.

Финансиските средства за спроведување на точката 1 ќебидат обезбедени од Буџетот на Ј.П. Комуналец – Кавадарци.

2. ЦЕЛ

Отстранувањето на цврст отпад (смет) е континуиранпроцес што обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавнитеповршини, на отворените простори на јавните објекти и надворните површини на колективните и индивидуалните објекти задомување, заради обезбедување на здрава и чиста животнасредина.

АКТИВНОСТИ

Одржувањето на чистотата на јавните површини,празнењето и чистењето на садовите за смет од јавнитеповршини и собирањето, изнесувањето и депонирањето на смет идруги отпадоци од станбени,

деловни и други корисни површиниво Општина Кавадарци, го врши Ј.П. Комуналец - Хигиена.

Одржувањето на чистотата се врши според годишнатапрограма за чистење на Јавното комунално претпријатие.Годишната програма содржи: динамика, начин и технологија начистење, како и обем на работите со одделни и вкупни вредностина програмираните работи.

Финансиски средства за втората цел ќе се обезбедат одБуџетот на Ј.П. Комуналец и Буџетот на Општина Кавадарци.

3. ЦЕЛ

Заштита на вработените во Јавното комунално претпријатие,коишто вршат отстранување на отпадот и во својата работа сеизложени на опасност заради контакт со ѓубре, со што би се спречило , првенствено настанување, а потоа и ширење на заразни болести.

АКТИВНОСТИ

- редовно обновување на опремата за работа ( заштитна униформа, алат и сл.) и
- задолжително вакцинација по епидемиолошкииндикации (активна имунизација против цревен тифус - задолжителна еднашна три години).
- систематски здравствени прегледи на вработените.

Финансиските средства за третата цел ќе бидат обезбедениод Буџетот на Комуналното претпријатие кое врши отстранувањена цврст отпад.

**III. Општа мерка**

## САНИТАРНО-ТЕХНИЧКИ И ХИГИЕНСКИ УСЛОВИ ВО ЈАВНИ ОБЈЕКТИ - УЧИЛИШТА

Училиштата се потенцијални жаришта на заразни болести,па поради тоа потребно е водење грижа во повеќе сегменти.
На територијата на општина Кавадарци има:

**- Средни училишта**

| |
|---|
| 1. СОУ - Гимназија „Добри Даскалов“ |
| 2.СОЗШУ - „Ѓорче Петров“ |
| 3. СОУ „Киро Спанџов Брко“ |

**- Основни училишта**

| |
|---|
| 1. ООУ „Гоце Делчев“ |
| 2. ООУ „Димката А. Габерот“ |
| 3. ООУ „Димката А. Габерот“ - Ваташа |
| 4. ООУ „Страшо Пинџур“ |
| 5. ООУ „Тоде Х. Тефов“ |
| 6. ООУ „Тошо Велков Пепето“ |

**- Општински јавни установи од областа на културата, социјалната и детската заштита**

| |
|---|
| 1. ЈОУ – Библиотека „Феткин“ |
| 2. ЈОУ – Детска градинка „Рада Поцева“ |
| 3. Дневен центар за лица со посебни потреби |

1. ЦЕЛ

Следење на здравствената состојба на вработените војавните установи со цел исклучување на опасноста одпренесување на заразни заболувања на најранливата група -децата.

АКТИВНОСТИ

- вршење на здравствени прегледи врз вработени
во погореспоменатите училишта согласно законските прописи.

Начинот на вршење, содржината на прегледите, видовитена прегледите на вработените, како и формата и содржината насанитарната книшка, ги пропишува министерот за здравство.

2. ЦЕЛ

Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција идератизација во училишните, предучилишни и социјални установисо цел создавање на безбедна средина.

АКТИВНОСТИ

Во училиштата превентивата дезинфекција, дезинсекцијаи дератизација е задолжителна на секои 6 месеци, а ја вршат лица кои со закон се овластени да спроведуваат превентивни мерки на дезинфекција, дезинсекција и дератизација од јавно-здравствен интерес.

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училиштатасе врши пред почетокот на првото и пред почетокот на второтополугодие.

3. ЦЕЛ

Создавање здрави поколенија преку постојано следење наздравствената состојба на учениците и нивна имунизација.

АКТИВНОСТИ

За систематските прегледи и вакцинациите на учениците,надлежен е Здравствен дом - Кавадарци, а се вршат споредоднапред изготвен распоред на екипите по што училиштатаблаговремено се известуваат за распоредот и термините.

По добивање на известувањето, училиштата се обврзани даги преземат потребните активности. За таа цел, училиштатаимаат

назначено лице кое по известувањето од надлежнатаздравствена установа, пристапува кон активности заспроведување на истата.

Точните термини за вакцинација и систематски прегледидопонително се определуваат, а се извршуваат во следните одделенија:

**За вакцинација**
**Одделение**

| |
|---|
| I - 6 години |
| II - 7 години |
| VI - 12 години |
| IX - 14 години |
| 6 |
| III/IV – 18години |

**За систематски преглед**

**Одделение**

| |
|---|
| I |
| III |
| V |
| VII |

Финансиски средства за активностите под цел 3 не сепотребни.

4.ЦЕЛ

Одржување на беспрекорни хигиенски услови со целспречување на настанување и ширење на заразни болести.

АКТИВНОСТИ

- постојано одржување на хигиена на работните простории;
- постојано одржување на хигиена со дезинфекција во санитарните јазли;
- течен сапун во тоалетите;

- замена (каде што има потреба) на чучавци со WC школки;
- зголемување на бројот на хигиеничари;
- дезинфекција на водата за пиење онаму каде што нема.

Финансиски средства за извршување на општата мерка 4 ќеобезбедат училиштата од сопствените буџети.

**IV Општа мерка**

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНО–ПРОМОТИВНИАКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НАНАСЕЛЕНИЕТО

ЦЕЛ

Промоција на здравјето и превенција од заразни болестипреку здравствена едукација на учениците во основните училишта натериторијата на општината.

Унапредување на здравјето и заштита на локалното население од ХИВ инфекција преку подигање на свеста, формално и неформално образование, превенција и рано откривање.

АКТИВНОСТИ

Во 2023 година, Советодавни и едукативни предавања воучилиштата ќе се вршат и на други теми, согласно со потребите иможностите на Ј.З.У. „Центар за Јавно Здравје“ - Кавадарци.

Финансиски средства за реализација на оваа цел не сепотребни.

**V. Општа мерка**

ВРШЕЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА И ДРУГИ ХИГИЕНСКО-ТЕХНИЧКИ МЕРКИ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

ЦЕЛ

Спречување на појавата на штетници кои предизвикуваатили се преносители на зарази.

Дезинсекција се извршува како мерка во борба противинсекти, а со цел спречување на ширење заразни болести кадешто како вектори се јавуваат истите.

Дератизација се извршувакако мерка во борба против глодарите, а со цел спречување наширење на заразни болести каде што како вектори се јавуваатистите.

АКТИВНОСТИ

Дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата сеизведуваат со стручна и техничка помош на Ј.З.У. „Центар за ЈавноЗдравје“ - Кавадарци и правни лица што ги исполнуваат условитепропишани со закон и прописи донесени врз основа на истиот.

Авиотретирањето против комарци ќе се врши соавиозадимување и запрашување и на територијата на ОпштинаКавадарци на површина од 750 хектари во 2наврати или соаеросолна дезинсекција од земја на следните локации:

- **Локации:**

| |
|---|
| 1. Течение на река Луда Мара |
| 2. Депонија Мелци |
| 3. Целото градско подрачје |

Авиотретирањето или третирањето од земја се извршува во раните утрински часови, во периодот на месец април, мај, јуни, јули и август а зависно од временските услови.

Согласно стручниот елаборат се препорачува да се користат сретствата Aqua Kothrine и Neopitroid premium.

Отстапување од оваа редовна постапка ќе се изврши попретходно упатство од страна на ЈЗУ „Центар за Јавно Здравје“ – Кавадарци.

Дезинсекцијата (третман против крлежи) на територијата наОпштина Кавадарци ќе се врши на следниве јавни површини:

**- Јавна површина**

| |
|---|
| 1. Градски парк |
| 2. Парк Полиција |
| 3. Парк 11 Октомври |
| 4. Стадион Јасмин |

Хемиските третмани ќе се изведуваат во раните утрински часови. Операцијата ќе биде изведена во две фази, односно двапоследователни третмана, со меѓупериод од две седмици(зависно од временските услови). За таа цел ќе се користатинсектициди регистрирани од Министерството за здравство на Р.Македонија.

Дератизацијата се врши со поставување на мамци воотворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа, а ќебидат опфатени и отворите што служат за собирање наатмосферска вода. Вкупниот број на опфатени шахти изнесува1000, во два наврати и тоа: март – јуни и септември – декември.

Потребно е хранлива подлога и родентицидниот препарат (на база на Bromadiolone, Brodifacoum и Difetialone)

Се предвидува поставување на мамечки места во јаснообележени и затворени мамечки кутии, кои ќе бидат фиксираниво ѕидот на основата од кејот.

ФИНАНСИРАЊЕ

Финансиски средства за извршување на дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата ќе се обезбедат од Буџетот наОпштина Кавадарци.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Кавадарци“.

Бр.08- 7742/21 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
22.12.2022 година Претседател,
К а в а д а р ц и д-р Стојанчо Рамов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2 Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/22 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**23.12.2022 година ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци д-р Митко Јанчев**

Врз основа на чл. 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 20 став 1 точка 1 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ”бр. 32/20), член 82, став 1, точка 6 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05..75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе,

**П Р О Г Р А М А**
**за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година**

Вовед

Планската Програма за изработка на Генерален урбанистички план, Детални урбанистички планови, Урбанистички планови за села и Урбанистички планови вон населени места, како и Урбанистички проекти е Годишна Програма и претставува основа за уредување и опремување на градежното земјиште.

Планирањето има за цел дефинирање на комплементарен пристап во развојот на градот;

- Зголемување на ефикасноста во функционирање на инфраструктурните системи;
- Заштита на историскиот идентитет на градот и вредните амбиентални целини;
- Дефинирање на сообраќајниот систем на градот;
- Обезбедување пристап до секоја градежна парцела и поврзување со екстерниот сообраќаен систем;
- Рационализација на просторната организација на домувањето преку рационален и економичен пристап во идното користење на градежното земјиште со наголемување на степенот на изграденост и искористеност во согласност со важечките стандарди и нормативи;
- Подигнување на станбениот стандард на повисоко ниво во сите елементи на живеење;
- Елиминирање на супстандардниот станбен фонд;
- Ревитализација и санација на станбениот фонд;
- Потврдување на катастарските парцели со градежни парцели заради трансформирање на градежното земјиште;
- Индустријата и во наредниот период ќе се развива на нови локации со рационално користење на просторот и заштита на животната средина така да економските и социјалните критериуми треба да бидат потчинети на еколошките услови и постигнување на повисок квалитет на живеење и работа;
- Развој на угостителство и туризам со обезбедување и заштита на природните предели, амбиенти и пејсажи како и зачувување на културно историските споменици;
- Развој на селските населби и уредување на руралните подрачја.

Планирање

Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на ГУП на град Кавадарци и населените места Ваташа и Глишиќ;
- Изработка на нови Детални урбанистички планови;
- Измена и дополнување на Детални урбанистички планови;
- Изработка на урбанистички планови за село;
- Изработка на урбанистички планови вон населено место;

- Изработка на Урбанистички проекти;

Врз основа на годишната Планска Програма за изработка на урбанистички планови Општината (нарачател на планот) склучува договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови (изработувач на планот) согласно член 45 и 70 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ„ бр. 32/20).

Изработката на Урбанистичката документација опфаќа повеќе планирани активности како изготвување на планска програма со опис за намена на дејности, обезбедување на дигитални катастарски планови со внесена постоечка инфраструктура. За плановите вон населено место треба да се добие Решение за Услови за планирање на просторот како и Елаборат за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање и Агенција за планирање на просторот-Скопје, исто така и за Урбанистички проект по член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ„ бр. 32/20);

- Во зависност од планската документација донесувачот или изработувачот на планот треба да изработи Предлог Планска Програма. Планска програма ја одобрува Стручна комисија, партиципативно тело и Градоначалник на Општина Кавадарци. Потоа се работи Нацрт Урбанистички план или Предлог Урбанистички план после што следува:
- Градоначалникот формира комисија за постапување по поднесените иницијативи во системот на е-урбанизам;
- Решение за Комисија формирана од Градоначалникот за изработка на Мислење по Нацрт т.е. Предлог на Урбанистички план;
- Мислење од Комисијата по Нацрт т.е. Предлог на Урбанистички план;
- Извештај за постапување по забелешките од Комисијата (од изготвувачот на Планот);
- Одлука за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација (од Градоначалник на општина);
- Соопштение за спроведување на Стручна расправа и Јавната презентација со јавна расправа (од Градоначалник на Општина – Јавната анкета трае минимум од 30 до 90 дена);
- За спроведување на Јавна анкета и јавна презентација се објавува повик преку информацискиот систем е-урбанизам, на веб-страната на општината и се огласува со печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат;
- Јавен повик до учесници на јавни институции и други релеванти фактори за времето и местото на одржување на Јавната презентација и јавна анкета;
- Записник од спроведена Јавна презентација и Евидентен лист на присутни учесници во јавната презентација;
- Решение за формирање Комисија за постапување по забелешките од Јавната анкета (од Градоначалник на Општина);
- Извештај за постапување по забелешките од јавната анкета и Јавната презентација од стручна Комисија;
- Известување за постапување по забелешките од Јавната анкета – имплементирани во Предлог Планот (од Градоначалникот);
- Мислење од Агенција за катастар на недвижности Скопје;
- Обезбедување на позитивни Мислења по предложената Урбанизација од Институции и Јавни претпријатија: ЕВН Македонија, Македонски Телеком, ЈП Комуналец, Министерство за култура, Дирекција за заштита и спасување, Агенција

за патишта, Водостопанство, Министерство за животна средина, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и други согласно потребите на намената и местоположбата на опфатот;

- Изработка на Ревизија на Нацрт Урбанистичкиот план од Ревизорска куќа (со лиценца и овластувања);
- Извештај за постапување по забелешките од Ревизијата (од изготвувачот на Планот);
- До Министерство за животна средина се доставуваат пополнети формулари и Одлука од Градоначаникот за спроведување односно неспроведување Стратегиска оцена за заштита на животната срдина;
- По добивањето Одговор од Министерство за животна средина и просторно планирање за спроведување т.е не спроведување на Стратегиска оцена за заштита на животната средина ( зависно дали опфатот е во или вон населено место) се изработува и
- Нацрт верзија на Извештај на Стратегиска оцена за заштита на животната средина ( лиценцирана фирма за изработка на соодветни елаборати);
- Се бара Мислење од Министерство за животна средина по Нацрт верзијата на Извештајот ;
- По добивање на Мислењето од животната средина се изготвува:
- Соопштение за спроведување на Јавна презентација по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на заштита на животната средина ( од Градоначалникот);
- Се објавува во 1 медиум ( потребна е Потврда од истиот) и
- Се објавува на ВЕБ страната на Општината 30 дена

(Одлука за спроведување на Стратегиска оцена, Формуларот, Нацрт Извештајот, Соопштението);

- По спроведување на Јавната презентација се работи :
- Предлог верзија на Извештајот за Стратегиска оцена за заштита на животната средина.
- Од Министерство за животна средина се бара Мислење по Предлог т.е. финалната верзија на Извештајот за Стратегиска оцена за заштита на животната средина;

По добивање на позитивно Мислење истото ќе биде вградено во предлог на Генерален урбанистички план, Предлог на Урбанистичкиот План вон населено место или Урбанистички проект по член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ”бр. 32/20);

- Од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство се бара мислење на земјоделско земјиште (ако е УПС или УПВНМ) во градежно земјиште во границите на опфатот за таа цел потребно е да се обезбедат:
- Изводок од Програмата за изработка на Урбанистички планови;
- Планска Програма;
- Геодетска подлога;
- Топографска карта;
- Список на индикации на катастарски парцели кои влегуваат во опфатот (од Агенција за катастар на недвижности);
- Оригинални имотни листови за парцели кои влегуваат во опфатот;

  По обезбедување на сите погоре наведени прилози се пристапува кон изработка на:

- Предлог Урбанистички план ( го изработува изготвувачот на Планот);
- Се бара Согласност по Предлог Урбанистичкиот план од Министерството за транспорт и врски;
- По добивање на Согласност од Министерството за транспорт и врски по предложената Урбанизација се носи:
- Одлука на Совет на Општина за Усвојување на Предлог Урбанистичкиот план.

Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди од:

1. Финансирање од Локалната самоуправа од буџет и
2. Агенција за финансиска подршка во земјоделието и руралниот развој.
3. Самофинансирање од страна на правни и физички лица

Финансирањето на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови од општина Кавадарци ќе биде предвидена во Буџет на Општина Кавадарци и од физички и правни лица, а во согласност со член 40, став 3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ"бр. 32/20) и по донесување на Тарифникот за вредност на работи од урбанистичко планирање и во согласност со член 40, став 3 и член 81, став 2 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ"бр. 32/20).

Глава: **I. <u>Урбанистички планови финансирани од Буџет на Општина Кавадарци</u>, се додаваат насловите кои гласат:**

| I. | **Урбанистички планови финансирани од Буџет на Општина Кавадарци** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **реден број** | **Нов назив на урбанистички план (во согласност со Усвоен ГУП на град Кавадарци)** | **Површина на Опфат** | **Граница на опфат** | **Намена на Површини** |
| 1. | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Д4.2-Меморјални простори со паметници во зеленило „12 Ваташки Младинци" КО Ваташа, Општина Кавадарци** | ~2,07 ха | Предметното добро е заштитено на КП 2426, КП 2427 (дел), КП 2428 (дел) и КП 2429 | Д4.2 – Меморијални простори со паметници во зеленило |
| 2. | **Генерален урбанистички план на град Кавадарци со населбите Ваташа и Глишиќ** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | **ДУП за населба – “Страшо Пинџур” за УЕ 6, Блок 6.9, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци** | ~4,95 ха | -од север граничи со бул. “Моша Пијаде”<br>-од исток граничи со бул.”Западен Булевар”<br>-од југо-запад ул. “Индустриска” | А1- домување во станбени куќи<br>Е-инфраструктура |
| 4. | **ДУП за УЕ 7, дел од Блок 7.1 и Блок 7.3„ Индустриска Зона - Запад’’, КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци** | ~35 ха | -од север граничи со граница на ГУП<br>-од исток граничи со СЕ 3 Сервисна улица.”Индустриска” по ДУП<br>-од југ граничи со Сервисна улица 8 по ГУП<br>- на запад граничи со наменска зона по ГУП | Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија<br>Г3-Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производсво на енергија од обновливи извори<br>Г4-Стоваришта, складови и отпади |
| 5. | **ДУП за УЕ 11, УЕ 12 и УЕ 14, дел од Блок 11.3, дел од Блок 12.1, Блок 12.3 дел од Блок 14.1 и Блок 14.2, „Лазо Асијата’’, Општина Кавадарци** | ~20 ха | | А1- домување во станбени куќи<br>Д4-Меморјални зелени простори и гробишта<br>Е-инфраструктура |
| 6. | **ДУП за УЕ 3, УЕ 4, Блок 3.2, дел од Блок 4.1, „Рајко Жинзифов’’, Општина Кавадарци** | 57,92 | | |
| 7. | Детален урбанистички план за УЕ 9, дел од Блок 9.2, дел од Блок 9.3 и дел од Блок 9.4, населба ,,Бел Камен со Градски гробишта’’, Општина Кавадарци | ~44ha | на север - наменска зона по ГУП, ул. Бел Камен, осовина на улици по усвоен ДУП за дел од УБ 18К и<br>19К, населба "Бел Камен" , Сервисна улица 3 по ГУП- на исток- Осовина на Регионален патен правец<br>Р1103-Мотел Дреново-Лакавица (Магистрална улица М1) | А1–Домување во куќи<br>А2–Домување во згради<br>В1-Образование и наука<br>Г2-Лесна и преработувачка и помалку загадувачка индустрија<br>Г3-Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производсво на енергија од обновливи извори<br>Г4-Стоваришта,<br>Д1-парковско и пејсажно зеленило<br>Д2-заштитно и сообраќајно зеленило<br>Д4-Меморјални зелени простори и гробишта |
| 8. | ДУП за УЕ 14, дел од Блок 14.8, Блок 14,9, „Ваташа’’, Општина Кавадарци | 22,35ха | | А1–Домување во куќи<br>В3-Култура<br>В5.1-Цркви<br>Г2-Лесна и преработувачка и помалку загадувачка индустрија<br>Г3-Индустрија за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | склопување на финални производи, сервисни услуги и производсво на енергија од обновливи извори Г4-Стоваришта, Д1-парковско и пејсажно зеленило -Е2-Згради и комплекси на инфраструктурните системи |
| 9. | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на велосипедски улици и патеки од граница на град Кавадарци до Дрекслермаер , КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци** | | Линиска градба низ повеќе КП на КО Кавадарци вон град | Е1.1- Сообраќајни патни инфраструктури |
| 10. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на велосипедски улици и патеки од граница на ГУП на град Кавадарци до граница на УПС Марена , КО Марена, Општина Кавадарци | | Линиска градба низ повеќе КП на КО Марена | Е1.1-Сообраќајни патни нфраструктури |
| 11. | **Изработка на урбанистички проекти** | | | |

Глава: **II. <u>Урбанистички планови финансирани од Буџет на Општина Кавадарци кои треба да продолжат</u>, се додаваат насловите кои гласат:**

| II. | | **Урбанистички планови финансирани од Буџет, чија постапка треба да продолжи во 2023 година се до нивно донесување** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Нов назив на урбанистички план (во согласност со Усвоен ГУП на град Кавадарци)** | **Стар назив на план отпочнат со стар ГУП** | **Површина на Опфат** | **Граница на опфат** | **Намена на Површини** |
| 1. | **ДУП за УЕ 4, Блок 4.2 и УЕ 12, Блок** | | | Север и североисток-станбена ул.1 (Ст 1), Исток и југоисток по | А1- домување во станбени куќи А3- групно домување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **12.2, "ПАРК", КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци** | | ~40 ха | Ст. 2 до кп.6606, кп. 6607,кп.. 6627, кп. 6626.<br>На југ-станбена улица 1 и на<br>На запад дел од Ст.1, дел од кп.6764, дел одКп, бр.6790, кп.6703/1, кп. 6703/2, ја сече кп.6770/1 оди по граница на кп.6770/4, кп.6771 по ул. Дисанска ја сече и се поврзува со проектиранатa станбена улица 1.<br>-На север –граница на град<br>На исток –граница на град<br>На југ- граница на град<br>На запад- градски парк, градски стадион, стрелиште, населба | В1–образование и наука<br>Е- инфраструктура |
| **2.** | **Детален урбанистички план за УЕ 5, Блок 5.2 и Блок 5.3, "Опитно поле 3", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци** | | ~8,26ха | -на север - граница на град<br>-на исток - река Луда Мара<br>- на југ - дел од улица Видое Смилевски Бато<br>- на запад – улица Ѓорѓи Соколов | А1– Домување во станбени куќи<br>А2-Домување во станбени згради<br>Д1-парковско зеленило<br>Д2-Заштитно зеленило<br>Д3-Спорт и рекреација<br>Е1-Комунална инфраструктура |
| **3.** | **Локална урбанистичка планска документација за уредување на просторот со намена Е1-комунална инфраструктура на КП 10166/1-дел и КП 10167/1 КО Кавадарци град, Општина Кавадарци** | | ≈0,9 ha | -север граничи со КП 10170, КП 10168/1 и КП 10168/2 КО Кавадарци град | Е1-комунална инфраструктура |
| **4.** | **Детален урбанистички план за УЕ 6, дел од Блок 6.4, и 6,5- дел, УЕ 10, дел од Блок 10.2 и УЕ 11, дел од Блок 11.1, "Центар", КО Кавадарци град, Општина** | | ~9,23ха | на север - улица бр."Пано Мударов" и Цано Поп-Ристов" (согласно ДУП за УЕ 12К -дел)<br>- на исток - улица бр. "Зелен Пазар", до пресек со ул. "7-ми Септември" продолжува на југ | **А-домување**<br>**А1–Домување во станбени куќи**<br>**А2–Домување во станбени згради**<br>**Б-комерцијални и деловни намени**<br>**Б1–Мали комерцијални и деловни дејности** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Кавадарци** | | | со "Браќа Џунови" (согласно ДУП за УЕ 12К -дел)<br>- на југ - улица бр. ”Браќа Хаџи-Тефови“ и ул."Миле В'чков", па свртува кон север по ул. "Тиквешко Востание" (согласно ДУП за УЕ 12К - дел)<br>- на запад – улица "Фердо Росомански", па по улица "Климент Охридски" и ислегува на ул. "Мито Хаџи Василев - Јасмин", па до пресек со улица "Јадранска", и на крај спој со ул. "Пано Мударов" (согласно ДУП за УЕ 12К –дел) | **Б2–Големини трговски единици**<br>**Б5- Хотели**<br>**В-Јавни институции**<br>**В3-Култура**<br>**В4-Државни институции**<br>**Д- Зеленило и рекреација**<br><br>**Д1- парковско зеленило** |
| **5.** | **Детален урбанистички план за УЕ 5, Блок 5.1, "Нова Градинка", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци** | | ~11, 2ha | на север - бул. Методија Андонов Ченто | Детален урбанистички план за УЕ 5, Блок 5.1, "Нова Градинка", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци |
| **6.** | **Детален урбанистички план за УЕ 6, за дел од Блок 6.3, на ул. Блажо Алексов, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци** | | ≈6,6 2ha | На исток - ул. „Блажо Алексов„<br>на југ - ул.„Цано Поп Ристов„<br>на запад- ул. „Лазо Мицев-Рале„<br>северо-запад – ул. ‚Партизанска„<br>на север - ул.„Мирче Ацев„ | **А-Домување** А1–Домување во станбени куќи А2-Домување во станбени згради Д1-Парковско зеленило **Е-Инфраструктура** |
| **7.** | **ДУП за УЕ 10, дел од УБ 10.2, „Мито Х. Василев Јасмин”, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци** | | ~9,0 ха | -на север-ул.„Мито Хаџи Василев-Јасмин” -на исток-„Климент Охридски" -на југ-ул.„ Фердо Росомански"<br>-југ-исток ул. „Тиквечко Востание" -<br>- југо-исток-ул.„Ресавска" | **А-домување**<br>-А1-Домување во станбени куќи<br>-А2-Домување во станбени згради<br>- Е инфраструктура |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | -југо-запад- ул.„Пионерска" | |
| **8.** | **ДУП за УЕ 13, за дел од УБ 13.1, „Коњски Дупки”, КО Кавадарци град и КО кавадарци вон град, Општина Кавадарци** | | 6,4 ха | Опфат ограничен со ново проектирани Улици од ДУП Коњски Дупки Север - ул.„4“; Југоисток - ул.„8“ Југозапад - ул.„3“ Запад - ул.„7 | А1-домување во станбени куќи Е- инфраструктура |
| **9.** | **Изработка на Урбанистички план за вон населено место на дел од КП 4/1 КО Возарци, м.в. Беговица - Општина Кавадарци** | | 20ха | -од север граничи со КП 4/1 КО Возарци -од исток граничи со локален пат -од југ граничи со КП 4/1 КО Возарци -од запад граничи со КП 124, КП 125 и КП 127 КО Возарци | Г2–Лесна и незагадувачка индустрија Е– Инфраструктура |
| **10.** | **ДУП УЕ 5, за Блок 5.10, Цветан Димов, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци** | **Измена и дополна ДУП за плански опфат Цветан Димов, за дел од УБ 9К, КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци** | 4,625 ха | -на север –бул. Вељко Влаховиќ -на исток –бул. Цветан Димов -на југ –бул. Моша Пијаде -на запад –бул. Западен булевар | **А-домување** А2-Домување во станбени згради **Б–комерцијални и деловни намени** Б1 – мали и комерцијални и деловни намени деловни дејности **В–јавни институции и образование** В1-Образование и наука В2-Здравствена и социјална заштита **Д-Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** Д2-заштитно зеленило Д3-Спорт и рекреација **Е-комунална инфраструктура** |

Глава: **III. Урбанистички планови финансирани од Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој, се задржуваат насловите кои гласат:**

| **III.** | **Урбанистички планови за села финансирани од Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Назив на Урбанистички План** | **Површина на Опфат** | **Граница на опфат** | **Намена на Површини** |
| **1.** | **Урбанистички План за село Брушани** | 85,28 ха | | |
| **2.** | **Урбанистички План за село Ресава** | 82 ха | | |
| **3.** | **Урбанистички План за** | 14,86 ха | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **село Дабниште** | | | |
| **4.** | **Урбанистички План за село Бегниште** | *26,26 ха* | | |
| **5.** | **Урбанистички План за село Раец** | 10,1 ха | | |
| **6.** | **Урбанистички План за село Бојанчиште** | 10,99 ха | | |
| **7.** | **Урбанистички План за село Рожден** | 19,22 ха | | |

Глава: **IV. <u>Урбанистички планови финансирани од правни и физички лица</u>, се додаваат насловите кои гласат:**

| IV. | | **Урбанистички планови финансирани од правни и физички лица** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Назив на Урбанистички План** | | **Површина на Опфат** | **Граница на опфат** | **Намена на Површини** |
| **1.** | ЛУПД вон градежен опфат на кп. 936 КО Ваташа (Телелинк) | | | | Базна станица за мобилна телефонија |
| **2.** | ЛУПД вон градежен опфат на кп. 785/1 КО Радња | | 100 м2 | | Базна станица |
| **3.** | ЛУПД вон населено место на кп. 1904 м.в.„В'чкова Воденица" КО Дреново, Општина Кавадарци | | 0,2850 ха | | ГЗ - сервиси |
| **4.** | ЛУПД вон населено место на кп. 7862 КО Кавадарци | | 0,29 ха | | Г- производство, дистрибуција и сервиси ГЗ – сервиси, Г4 – стоваришта |
| **5.** | ЛУПД за БЗ - Угостителски и туристички капацитети, на кп 269, м.в „Голо Глава" КО | | 0,1020ха | север: кп 276, КО Праведник исток: Тиквешко езеро запад: локален интерен пат на кп.3335, | БЗ - угостителски и туристички капацитети |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Праведник, Општина Кавадарци | | | југ: кп 270, КО Праведник<br>БЗ - угостителски и туристички капацитети | |
| **6.** | Изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП 3524/1, 3524/2, 3524/3, КП 3525, КП 3526, КП 3527 КО Кавадарци вон град -Општина Кавадарци | | 2,4181ха | на север –КП 3523/1 и КП 3523/5 КО Кавадарци вон град - на исток регионален патен правец Р 1107, Градско (врска со А1)-Росоман-Кавадарци-Мушов гроб-Витолиште – Лагово (врска со А3) и делница Мајдан-граница со Р. Грција (ГП Пулевац) - на југ – КП 3528 и КП 3529/2 КО Кавадарци вон град и<br>- на запад локален пат | – Г2 –лесна и незагадувачка индустрија<br>Компатибилни намени:<br>Б1–Мали комерцијални и деловни намени<br>Б4 –Деловни простории<br>Г3–Сервиси<br>Г4 –Стоваришта |
| **7.** | Изработка на Локална урбанистичка планска документација за Г2 –лесна и незагадувачка индустрија, на КП 247/2, 247/1-дел, КО Бошава, -Општина Кавадарци | | 0,1785ха | на север –КП 247/1-дел, КП 240 КО Бошава<br>- на исток КП 240, КО Бошава<br>- на југ –пристапен пат, река Бошава<br>- на запад КП 247/1-дел, КО Бошава | Г2 –лесна и незагадувачка индустрија<br>Компатибилни намени:<br>Б1 –Мали комерцијални и деловни намени<br>Б4 –Деловни простории<br>Г3 –Сервиси<br>Г4 –Стоваришта |
| **8.** | Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УБ 10К "Старо Ангро", Општина Кавадарци | **Детален урбанистички план за УЕ 6, за дел од Блок 6.7, "Старо Ангро", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци** | 0,66ха | -на север - улица Втора Бригада<br>- на исток - улица Народна Младина<br>- на југ - улица Љубашка<br>- на запад – пристапна улица Втора Бригада | А1–Домување во станбени куќи<br>А2–Домување во станбени згради |
| **9.** | Изработка на Локална урбанистичка планска документација за лесна и | | ~0,9814ха | - на северозапад границата е КП 288/2, КП 291 КО Раец<br>- на североисток граница е КП бр. 287/3, КП бр. 286/2 КО Раец<br>- на југоисток граница | **Г-Производство, дистрибуција и сервиси**<br>Г2–Лесна и незагадувачка индустрија |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | незагадувачка индустрија – Г2 на КП бр. 285, КП бр. 286/1 и КП бр. 287/1 КО Раец, Општина Кавадарци | | | е Локален земјен пат<br>- на запад границата е КП бр. 284 КО Раец | |
| **10.** | Локална урбанистичка планска документација за А3-Групно домување на КП бр. 2877/2 и КП бр. 2878 КО Сопот, Општина Кавадарци | | 1,38ха | -Во опфат КП бр. 2877/2 и КП бр. 2878 КО Сопот | **А-Домување**<br>А3-Групно домување- Старски дом |
| **11.** | Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УБ ”Едвард Кардељ”, урбан модул В, Општина Кавадарци | Детален урбанистички план за УЕ 6, дел од Блок 6.2, „Автобуска станица”, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци | 1,5ха | на север - Булевар Кочо Рацин<br>- на запад - улица Илинденска<br>- на југо - улица Охридска<br>- на исток – улица Орце Николов | А2- Домување во станбени згради<br>Б2-Големи трговски единици<br>Е2 – комунална супраструктура-автобуска станица<br>Д- Зеленило и рекреација<br>Е –Инфраструктура |
| **12.** | Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УБ 5К "Дисанска", Општина Кавадарци | Детален урбанистички план за УЕ 12, дел од Блок 12.1 "Дисанска", КО Кавадарци град, Општина | 1,9761ха | -на север - осовина на улица ”Дисанска“<br>- на исток – пешачка улица (влез во градски парк)<br>- на југ -осовина на улица новопредвидена Сервисна улица<br>- на запад – осовина на улица "Методија Џунов Џико" | **А-домување**<br>А2–Домување во станбени згради<br>А3-групно домување<br>**Б-комерцијални и деловни намени**<br>Б1–Мали комерцијални и деловни дејности<br>Б2–Големини трговски единици<br>**Д-Зеленило и рекреација**<br>Д1-Парковско зеленило |
| **13.** | Изменување и дополнување на дел од | Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од Блок 10.5 | ~0,9761hа | -на север - осовина на улица "Иван Мазев"<br>- на исток - | **– А-домување**<br>А1–Домување во станбени куќи<br>**Д- Зеленило и** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Детален урбанистички план за дел од УБ 15К "41-ва Девизија", Општина Кавадарци | "41-ва Девизија", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци | | Осовина на улица "41-ва Дивизија"<br>-на југ - Осовина на улица "Црноречка" и улица "Ѓорче Петров"<br>- на запад – Осовина на улица "Ѓорче Петров" улица "Јован Планински" | **рекреација**<br>Д1- парковско зеленило<br>Е-Инфраструктура |
| **14.** | Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УЕ "Рајко Жинзифов", Општина Кавадарци | Детален урбанистички план за УЕ 4, дел од Блок 4.1, "Рајко Жинзифов Тиквеш", Општина Кавадарци | ~3,6ha | -на север - осовина на улица "Рајко Жинзифов"<br>- на исток – крак од улица "Рајко Жинзифов"-крак 1<br>- на југ - осовина на улица "Домовица"<br>- на запад - осовина на улица "Шишка" | **А-домување**<br>А1–Домување во станбени куќи<br>А2–Домување во станбени згради<br>**Б-комерцијални и деловни намени**<br>Б1–Мали комерцијални и деловни дејности<br>Б2–Големини трговски единици<br>Б3-Големи угостителски единици<br>Б4-Деловни простори<br>Г-Производсво, дистрибуција сервиси<br>Г3-Сервиси<br>**Д- Зеленило и рекреација**<br>Д1- парковско зеленило<br>Д2-Заштитно зеленило<br>Е-Инфраструктура |
| **15.** | | Детален урбанистички план за УЕ 6, дел од Блок 6.11, „СРЦ Јасмин", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци | ≈6ha | на север - ул. 8-ми Септември<br>- на исток - Граница на наменска зона по ГУП на град Кавадарци<br>- на запад - бул. Западен Булевар<br>- на југ – ул. Вишешница | Б - Комерцијални и деловни намени<br>Д3 - Спорт и рекреација<br>Е1 – Комунална инфраструктура |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **16.** | | Детален урбанистички план за УЕ 5, дел од Блок 5.5, "Уни Палас", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци | ≈3,6ha | -на север - бул. Македонија<br>- на исток - ул. Орце Николов<br>- на запад - бул. Никола Минчев<br>- на југ – бул. Кочо Рацин | А1- семејно домување во станбени куќи<br>- А2- колективно домување во станбени згради<br>- Б1-мали комерцијални и деловни дејности<br>- Е1 – Комунална инфраструктура |
| **17.** | | Детален урбанистички план за УЕ 11, дел од Блок 11.1, ЈОУДГ „Рада Поцева", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци | ≈0,7ha | -на север - осовина на улица „Браќа Хаџи Тефови"<br>- на исток -осовина на река „Луда Мара"<br>-на запад-Кеј „Браќа Џунови"<br>-на југ- завршува со наменска зона Б1 | -А1-Домуване во станбени куќи<br>Б1-мали комерцијални и деловни намени<br>В2-Здравство и социјална заштита |
| **18.** | | Детален урбанистички план за УЕ 11, дел од Блок 11.1, „Миле Вчков", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци | ≈2,76ha | -на север - осовина на улица „Миле В'чков"<br>- на северо-исток - осовина на улица „Браќа Хаџи Тефови"<br>-на исток – осовина на улица „Киро Спанџов"<br>-на југо-исток-осовина на улица „Ило Костов"<br>-на југо-запад-осовина на улица „Страшо Пинџур"<br>-на запад- осовина на улица „Тиквешко Востание" | -А-Домуване<br>Е1-Сообраќајна инфраструктура<br>Е2-Комунална Супраструктура |
| **19.** | | Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.3 и дел од Блок 14.4, „Ваташко Игралиште", КО Ваташа, Општина Кавадарци | ≈5 ha | -на север - осовина на улица „Калница" и наменска зона А1-Домување во станбени куќи (согласно ГУП)<br>- на исток – улица „Методија Џунов Цикот"<br>-на запад- осовина на река „Луда Мара"<br>-на југ- улица „12-те Другари" | -А1-Домуване во станбени куќи<br>А2-Домување на станбени згради<br>Д3-Спорт и рекреација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **20.** | | Детален урбанистички план за УЕ 11, дел од Блок 11.1, „Слога - 1", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци | ≈7,51 ha | -на север - осовина на улица „Ило Костов" и ул. „Киро Спанџов"<br>- на исток – улица „Киро Спанџов" и ул. Кеј Браќа Џунови"<br>-на запад- осовина на улица „Страшо Пинџур"<br>-на југ- улица „Слога" | -А1-Домуване во станбени куќи<br>А2-Домување на станбени згради<br>В5-Верски Институции<br>Е1-Сообраќајна инфраструктура<br>Е2-Комунална Супраструктура |
| **21.** | **Детален урбанизтички план за УЕ7, дел од Блок 7,1 „Велком Трејд„ КО Кавадарци, град Кавадарци и КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци** | | **-4,3 ха** | **-на север –граница на град Кавадарци<br>-на запад-осовина на Индустриска улица„1„ предвидена со ДУП<br>-на југ-Сервисна улица„6„<br>-на исток – Осовина на сервисна улица 29 по ГУП** | **-Е2 –Згради и комплекси на инфраструктурнит е системи;<br>Г2-Лесна и преработувачка и помалку загадувачка индустрија<br>Г3-Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производсво на енергија од обновливи извори<br>Г4-Стоваришта, складови и отпади** |
| **22.** | **Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од Блок 10.5, „Народен фронт", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци** | | ≈0,6 ha | -на северо-исток - осовина на улица „Народен фронт"<br>-на југо-исток - осовина на улица „Задругарска" - на запад - осовина на улица „Коле Подлешки" | -А1-Домуване во куќи<br>А2-Домување во згради<br>Е1-Сообраќајни линиски и други инфраструктури |
| **23.** | **Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.6 и Блок 14.7, „Силекс згради", КО Ваташа, Општина Кавадарци** | | 5,64 ha | -на северо-запад – наменска зона В1 и А2 по ГУП<br>-на исток - осовина на река „Луда Мара"<br>- на југ осовина на постоечки мост<br>-на запад - осовина на улица „Страшо Пинџур" | - А1-Домуване во куќи<br>А2-Домување во згради<br>В1-Образование и наука<br>Е1-Сообраќајни линиски и други инфраструктури |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план за УЕ 12, дел од Блок 12.1 „Дисанска„ КО Кавадарци, град, Општина Кавадарци планиран развој 2020-2025 година, е со вкупна површина од 1.93 ха.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување Детален урбанистички план за УЕ 12, дел од Блок 12.1 „Дисанска„ КО Кавадарци, град, Општина Кавадарци планиран развој 2020-2025 година.

- Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.21-4660/4 од 21.12.2022 година.

**Член 4**

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УЕ 12, дел од Блок 12.1 „Дисанска„ КО Кавадарци, град, Општина Кавадарци планиран развој 2020-2025 година, ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Со прикачување во електронска форма на Детален урбанистички план за УЕ 12, дел од Блок 12.1 „Дисанска„ КО Кавадарци, град, Општина Кавадарци планиран развој 2020-2025 година, истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со бр.на постапка 28422 .

**Член 6**

Детален урбанистички план за УЕ 12, дел од Блок 12.1 „Дисанска„ КО Кавадарци, град, Општина Кавадарци планиран развој 2020-2025 година, ке го објави во електронска форма на својата WEB страна .

**Член 7**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 7742/26** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за Локален економски развој на Општина Кавадарци**
**за 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/27** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/2002) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ( „Сл. Гласник на општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

I.

# II. Програма за Локален економски развој на општина КАВАДАРЦИ за 2023 година

**ВОВЕД**

Општините со Законот за локална самоуправа од 2002 година, имаат надлежност и улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој.

Програмата за локален економски развој претставува дефиниран збир на проекти кои се планира да се реализираат во текот на 2023 година, и кон кои воглавно ќе бидат насочени активностите на Секторот за Развој. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината кој треба да го подобри нивото на животниот стандард на жителите на општина Кавадарци.

Програмата за развој воглавно е ориентирана кон зголемување на буџетските приходи од донации, од домашни и меѓународни агенции и фондации, како и кон ефикасно искористување на претпристапните фондови од ИПА Програмата и очекуваните кохезиони фондови.

Програмата и програмските активности се усогласени со Националната стратегија за одржлив развој 2009-2030, Нацонална развојна стратегија 2021-2041, Националната стратегија за интеграција на Р.М во Европската Унија, Стратешкиот документ за помош на земјата од ЕУ за периодот 2021-2027, Националната Стратегија за земјоделство и рурален Развој за 2021-2027, Програма за развој на Вардарскиот плански регион 2021-2026, Регионална програма за инклузивен туризам 2021-2024, Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на Р.Македонија за периодот 2010 – 2020, како и со Милениумските цели согласно последниот извештај за релизацијата, Милениумските цели на Р. Македонија од 2010 година, Агенда 21 и последните промени од РИО+20. Програмата за локален

економски развој на општина Кавадарци за 2023 година се изработи и врз основа на форумиски сесии и средби со граѓани.

**Цели на програмата**:

- Подобрување на животниот стандард на граѓаните на општина Кавадарци,
- Континуиран развој на капацитетите на општината за привлекување на инвестиции, зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти, и промоција на општината,
- Диманичен локален економски развој преку континурано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување на добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства,
- Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план,
- Спроведување на стандарди за квалитет во општината, сертифицирање и подобрување на услугите,
- Воведување на иновативни услуги,
- Подобрување на инфраструктурата како предуслов за Локален економски развој и подобар животен стандард.

**НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ**

Носител на Програмата за Развој е Секторот за Локален економски развој на општина Кавадарци кој во соработка и координација со Градоначалникот ја изготви оваа Програма и истиот ќе биде одговорен за реализација на програмските активности. Секторот за Локален економски развој е кадровски екипиран со високо стручен кадар, одговорни за спроведување на програмските активности.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програма ќе се реализира од следниве извори на Финансирање:

1. Буџет на Општина Кавадарци,
2. Буџет на Вардарски плански регион
3. Буџетот на Р. Македонија,
4. Меѓународни донатори присутни во Република Македонија,
5. Фондови достапни по Програми на Европска Унија,
6. Донации од приватниот Сектор

Програмата е концепирана во следниве поглавја:

1. Локален развој/ Регионален развој
2. Рурален развој
3. Туризам
4. Екологија- Енергетска ефикасност
5. Развој на информатичка технологија
6. Образование и Социјала
7. Извори на финансирање

# *1. ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ / РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ*

**1. Прекугранична соработка**

Во 2023 година се очекува да се објави повик по ИПА програмата за програмскиот период 2021-2027 за прекугранична соработка со Грција. Секторот за Локален економски развој ќе оствари средби со партнери од Грчката страна, на кои што ќе се дефинираат приоритетните области и проекти кои ќе бидат усогласени со ИПА програмските цели.

**2. Проект за изградба и рехабилитација на локални патишта**

Општина Кавадарци во 2020 година, аплицираше до Министерството за транспорт и врски со 10 проекти за реконструкција на улици кои се дефинирани како приоритетни. Во 2021 и 2022 година се реализирани проектите од 1 и 2 фаза. Во текот на 2023 година ќе се реализираат проекти од третата фаза кои се целосно финансисрани од страна на Министерството за транспорт и врски, односно реконструкција на улиците:

- улица “Максим Горки“ - 2.150.000,00 денари
- улица “Димката Ангелов Габерот“ - 13.000.000,00 денари
- улица “Вељко Влаховиќ“ - 3.200.000,00 денари
- улица “Слога“ - 2.650.000,00 денари и
- улица “25-ти Мај“ - 8.000.000,00 денари.

**3. Центар за меѓународна соработка и развој (CMSR) - Проект “Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште”**

Проектот “Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште” во 2022 година е аплициран во Центар за меѓународна соработка и развој (CMSR) – од Република Словенија и истиот се очекува да се реализира во 2023 година. Вкупната вредност на проектот е во износ од 722.165,00 евра од кои општина Кавадарци ќе кофинансира со средства во висина од 50% односно 361.082,00 евра.

**4. Стратегија за Локален економски развој 2023-2027**

Стратешкото планирање за локалниот економски развој на Општина Кавадарци претставува темелна алатка за планирање на развојот на општина Кавадарци, која се состои од следните компоненти: состојбите и ресурсите со кои располага општината, насоките, идеите и плановите за идниот економски развој, како и трасирање на патот за остварување на планираниот реален и остварлив локален економски развој.

Методологијата со која се изработува Стратегијата за локален економски развој за Општина Кавадарци ги следи Предлог Насоките за стратешко планирање во единиците на локалната самоуправа подготвени од Владата на Република Македонија, Генералниот

Секретаријат на Владата на РМ и Министерството за локална самоуправа на РМ, и истата е усогласена со сите тековни и релевантни европски, национални и локални стратешки документи. Дополнително, Методологијата за изработка на Стратегијата за локален економски развој за Општина Кавадарци ги инкорпорира карактеристиките, расположливите ресурси, потенцијалите, компаративните предности, можностите, преференциите и очекувањата на локалната заедница во областа на локалниот економски развој на Општина Кавадарци.

5. **Реконструкција на регулирано речно корито на река Луда Мара, со партерно и урбано уредување**

Проектот за "Реконструкција на регулирано речно корито на река Луда Мара со партерно и урбано уредување", ќе се аплицира од страна на Вардарскиот плански регион во 2023 година согласно Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2021-2026 година. Овој проект опфаќа реконструкција на регулирано речно корито нареката Луда Мара почнувајќи од улицата Видое Смилевски до Градската болница во должина од 680 метри. Вкупната вредност на финансиски средства потребни за реализација на овој проект изнесува 53.000.000,00 денари, и истиот ќе се аплицира во партнерство со Вардарскиот плански регион, за што општина Кавадарци ќе обезбеди сопствено финансиско учество за по конкурентно аплицирање.

6. **Министерство за локална самоуправа – намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2023 година**

Општина Кавадарци во 2023 година ќе аплицира по јавниот повик од Министерството за локална самоуправа за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони со проект за Реконструкција на ул. Ѓорѓи Соколов.

7. **Проект за реконструкција на локален пат од Кавадарци до с.Дисан**

Општина Кавадарци има изготвено проектна документација за "Реконструкција на локален пат од Кавадарци до с. Дисан„ во должина од 1,850м. Вкупната должина на локалниот пат изнесува 6200м и истиот минува низ територијата на општина Кавадарци и општина Неготино. Вкупната вредност на делот од проектот што се наоѓа во општина Кавадарци е во висина од 29.423.430,00 денари, додека делот од патот што се наоѓа во општина Неготино е 62.809.819,00 денари. Проектот ќе се реализира во 2023 година.

8. **Пакомак 2023**

Општина Кавадарци во 2023 година ќе аплицира на конкурсот за избор на најеколошка општина кој го распишува Пакомак. Конкурсот се однесува на сите активност и резултати во делот на екологијата постигнати во 2022 година.

9. **Проект за тампонирање на пат на инфраструктура**

Општина Кавадарци во соработка со Вардарски плански регион во 2023 година ќе аплицира со проект за приспособување на патна инфраструкутра за пристап до

земјоделско земјиште. По распишување на повикот ќе се дефинира приоритетната област и ќе се аплицира со соодветен проект.

**10. БРР – развој на урбани подрачја- 2022 год.**

По објавениот јавен повик за развој на урбани подрачја, во 2022 година општина Кавадарци потпиша договор со проект “Реконструкција и пренамена на постојан објект во Кавадарци на ул.7ми Септември”. Вкупната вредност на проектот изнесува 9.536.893,28 денари од кои општина Кавадарци учествува со 6.160.532,00 денари или 65% од вкупната вредност. Средствата треба да се предвидат во буџетот на општина Кавадарци за 2023 година.

**11. Развој на урбани подрачја- 2023 год.**

Бирото за регионален развој секоја година распишува Јавен повик за развој на урбани подрачја. Општина Кавадарци во 2023 година ќе аплицира со проектите “Реконструкција на ул. Ресавска” и “Реконструкција на ул. Домовица”.

**12. Стратегија за роми 2023**

Министерството за транспот и врски секоја година распишува Јавен повик за поддршка на имплементација на декадата и стратегија за ромите. Општина Кавадарци во 2023 година ќе аплицира со проектот “Потпорна конскструкција на ѕид на ул. Клинска“. Вкупната вредност на проектот изнесува 2.000.000,00 денари.

**13. Проект „Го сакам Кавадарци”**

Секторот за Локален економски развој, од септември 2020 година започна со реализација на проектот „Го сакам Кавадарци”, проект кој што е наменет за секој кавадарчанец што ќе наполни 18 години. Станува збор за книга која ја изработи општина Кавадарци и која ја подаруваме како роденденски подарок, а во неа низ зборови и слики можат да го осознаат својот град, неговата традиција, а содржи и корисни информации кои можат да влијаат во одлуката за иднината на младите. Проектот предвидува набавка на ќеси, чаши и приврзоци. Во 2022 година заклучно со месец октомври беа подарени вкупно 350 пакети на сите оние кои се стекнаа со полнолетство. Вкупната вредност на проектот изнесува 200.000,00 денари кои треба да се предвидат во буџетот на општина Кавадарци за 2023 година.

**14. Соработка помеѓу општина Кавадарци и Агенција за млади и спорт**

Со цел развој на спортот во општина Кавадарци, во 2023 година е предвидено да се аплицира со проект за реконструкција на игралиште, партерно уредување со рекреативни содржини и поставување на тартан патека на Спортски центар Јасмин до Агенцијата за млади и спорт.

**15. Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство**

Во 2022 година во општина Кавадарци се отвори Советувалишен Центар кој има за цел да го подобри пристапот до специјализирани сервиси за жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство на локално ниво. Советувалиштето е лоцирано во општина Кавадарци и го користат жени и деца жртви на насилство од општина Кавадарци, Росоман, Демир Капија и Неготино. Дополнително во советувалиштето може да се обезбеди советување и поддршка преку интернет платформи, како и за корисенички кои не можат физички да го посетат центарот. Овој проект е со вкупна вредност од 1.358.000,00 денари од кои општина Кавадарци во буџетот за 2023 година учествува со финансиски средства во висина од 400.000,00 денари.

16. **Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион – Изградба на Стационар**

Општина Кавадарци потпиша договор со Вардарски плански регион и во 2023 година ќе го реализира проектот за заштита на кучиња скитници на ниво на регион, во кој е вклучено изградба на Стационар со сите потребни елементи на територија на општина Кавадарци. Проектот опфаќа изградба и опремување на објект кој ќе служи за згрижување на кучиња скитници на кои ќе им се нуди престој, храна, медицински услуги и други соодветни третмани. Проектот е финансиран од страна на Министерството за локална самоуправа и Швајцарската Амбасада, во вкупна вредност од 20.916.000,00 денари. Општина Кавадарци учествува со земјиште и одобрение за градење на Регионалниот центар за згрижување на бездомните миленици и ветеринарно здравство. Општината има обврска да обезбедни 10% за менаџирање на проектот во буџетот за 2023 година.

17. **Набавка на високо професионално возило за потребите на ТППЕ Кавадарци**

Општина Кавадарци во соработка со Вардарски плански регион и општините Велес, Неготино и Свети Николе во 2022 година потпиша договор за реализација на Проект "Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општините Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални специјализирани возила согласно европските стандарди". Општина Кавадарци во буџетот за 2023 година треба да предвиди 1.000.000,00 денари за реализација на проектот.

18. **Аплицирање по јавни повици од амбасади**

Општина Кавадарци во 2023 година планира да аплицира по јавни повици од странски амбасади присутни во РСМ со соодветни приоритетни проекти. Согласно насоките и критериумите, јавните повици се насочени кон развој и подигнување на образовниот процес, како и поттикнување на социјалниот и економскиот развој на општината.

- **Чешка Амбасада – проект за набавка на опрема за лабораторија за анализа на почвата**

Општина Кавадарци во 2022 година аплицира до Чешка амбасада во РСМ со проект за подигнување на образовниот процес СЗШУ "Ѓорче Петров". Целта на овој проект е набавка на опрема за лабораторија за анализа на почва. Средствата за реализација на проектот се во висина од 1.429.559,08 денари со вклучен ддв. Проектот ќе се реализира во 2023 година.

## 2. *РУРАЛЕН РАЗВОЈ*

Во 2023 година, општината ќе ја искористи можноста за аплицирање за финансирање на проекти за развој на планските региони врз основа на предложени проекти од советите за развој на планските региони.

**Биро за регионален развој**

1. **Развој на подрачја со специфични развојни потреби 2023**

По Јавниот повик за развој на подрачјата со специфични развојни потреби кој секоја година се објавува од страна на Бирото за регионелен развој, општина Кавадарци има изготвено два проекта, односно: Реконструкција на локални патишта во селата Бохула и Чемерско. Во 2023 година општината ќе аплицира по овој повик со еден од овие проекти.

2. **Развој на села 2022 год.**

По објавениот јавен повик за развој на села, во 2022 година општина Кавадарци аплицираше со проект “Реконструкција на водовод за населба Ресавски Залив”. Вкупната вредност на проектот изнесува 4.984.869,00 денари во кои општина Кавадарци учествува со 3.184.869 денари или 64% од вкупната вредност. Средствата за кофинансирање треба да се предвидат во буџетот на општина Кавадарци за 2023 година.

3. **Развој на села 2023 год.**

По Јавниот повик за развој на села кој секоја година се објавува од страна на Бирото за регионелен развој, општина Кавадарци во 2023 година ќе аплицира со Проект за реконструкција на локален пат до с. Дабниште.

4. **Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој**

Согласно програмата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој за 2023 година општина Кавадарци ќе аплицира со проекти по четирите мерки и тоа:

-Мерка 321 – Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини – (Проект за реконструкција на фекална канализација во с. Бохула).

-Мерка 322 – Обнова и развој на села – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните средини - (Реконструкција на локален пат с. Рибарци – с. Сопот).

-Мерка 323 – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните средини – (Реконструкција на локален пат во село Гарниково).

-Мерка 124 – Пристап до земјоделско земјиште - Општина Кавадарци во 2022 година апицираше согласно мерката 124 со проектот "Присопособување на патната инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште во м.в Шамаците -општина Кавадарци". Вкупната вредност на проектот е 1.000.000,00 денари. Проектот ќе се реализира во 2023 година.

Општината ќе ја искористи можноста за аплицирање согласно јавниот повик и во 2023 година со проектот "Присопособување на патната инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште во месноста Моклиште – општина Кавадарци".

## 3. ТУРИЗАМ

1. **Субвенции за туристички манифестации, проекти и форуми од областа на туризмот**

Министерството за економија секоја година распишува Јавен повик за субвеницонирање на проекти за туристички манифестации, проекти и одржување на форуми од областа на туризмот. Максималните финансиски средства според правилникот се во висина од 120.000,00 денари. Општина Кавадарци во 2023 година, ќе аплицира за субвенционирање на манифестацијата Тиквешки гроздобер, како најголема манифестација во градот.

2. **Техничка поддршка за организирање и спроведување на манифестации за промоција на земјоделски производи**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на годишна основа распишува оглас за техничка поддршка за организирање и спроведување на манифестации за промоција на земјоделски производи во висина од 120.000,00 денари. Општина Кавадарци во 2023 година, ќе аплицира со проект за промоција на земјоделски производи (грозје, вино, ракија, маџун, гроздов сок, и останати производи од локални производители) кој што ќе го збогатат Тиквешкиот гроздобер како и промоција и развивање на Градска Винотека и Винскиот Музеј.

3. **Финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации**

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот секоја година објавува Јавен повик за Финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации. Секоја општина/здружение, може да аплицира за грант средства во висина до 120.000,00 денари. Општина Кавадарци во 2023 година ќе ја искористи можоста за финансиска поддршка со тоа што ќе апицира со соодветен проект.

4. **Проект "Изработка на сувенири за туристички цели (магнети, разгледници, подметачи за чаши, привезоци)"**

Реализацијата на овој проект би придонела за промовирање на општина Кавадарци како туристичка дестинација кои ќе бидат наменети за посетители, туристи како и странски делегации. Проектот ќе биде финасиран од буџетот на општина Кавадарци во износ од 250.000,00 денари и истиот ќе се реализира во 2023 година.

5. **Проект "Изработка на пропаганден туристички материјал (брошури, мапи и разгледници)"**

Изработката на туристичкиот пропаганден материјал има за цел да ја промовира општина Кавадарци како туристичка дестинација од алтернативен карактер. Во брошурите ќе биде наведено се што преставува компаративна предност на регионот, но во исто време да ги потенцира можностите за практикување на различни видови туризам кои ги нуди општината. Проектот ќе биде финасиран од буџетот на општина Кавадарци во износ од 200.000,00 денари и истиот ќе се реализира во 2023 година.

6. **Проект "Ревитализација на Стражарската кула до поранешното музичко училиште"**

Стражарската кула има особено значење за историјата на општина Кавадарци и воедно претставува културен споменик кој е заштитен од страна на Министерството за култура како културно наследство од највисок степен. Со реставрација на овој културен споменик општина Кавадарци ќе добие место на светската туристика мапа со што ќе овозможи зголемена заинтересираност за посета на општина Кавадарци од страна на посетители кои се љубители на културниот туризам. Овој проект ќе се финансира со грант средства од индивидуални инвеститори.

7. **Меѓуопштински проект за заштита на културното наследство во соработка со асоцијацијата Градови-Градови од Р.Франција**.

Општина Кавадарци учествува во меѓуопштински проект за заштита на културното наследство во соработка со асоцијацијата Градови-Градови од Р.Франција. Вкупнатата вредност на финансиски средства за реализација на проекните активности изнесува 350.000,00 денари. Проектот е аплициран во Министерството за култура и ќе се реализира во 2023 година.

8. **Отварање на нова "Градска Винотека 2" во центарот на градот**

Општина Кавадарци во соработка со винариите од тиквешкиот регион ќе ја отворат и втората "Градска Винотека" во ценарот на градот се со цел поголема промоција на малите винарии. Производството на квалитетно вино е носител на туристичката понуда во тиквешкиот регион преку преставување и промовирање на голем број семејни винарии со специфични традиционални и автентични сорти на вина. Се повеќе се мотивираат голем број на туристи да го посетат тиквешкиот регион и да се запознаат со винската култура и гастрономија. Општина Кавадарци за реалаизирање на овој проект ќе обезбеди финансиски средства во висина од 200.000,00 денари кои ќе се предвидат во буџетот за 2023 година.

9. **Техничка поддршка и активно учество во „ЛАГ"- Локална акциона група**

Локална акциона група (ЛАГ) е организација во која членуваат општините од Тиквешкиот регион: општина Кавадарци, општина Росоман, општина Градско и општина Неготино како и невладиниот и бизнис секторот од горенаведените општини. Локалната акциона група преставува мрежа на здружување основана согласно „ЕУ-ЛИДЕР“ пристапот за развој на локалниот економски развој.

**10. Организација за управување со дестинаци (Destination management organization - DMO)**

Општина Кавадарци во соработка со Вардарски плански регион има за цел да започне активна соработка во делот на креирање на организација за управување со дестинации (ДМО). Вардарски плански регион ќе има водечка улога во креирањето на организацијата во која ќе учествуваат сите активни чинители кои имаат големо значење за развој на туризмот во регионот.

## *4. ЕКОЛОГИЈА*

**1. Програма за намалување на аерозагадување**

Владата на Република Северна Македонија во текот на 2023 година, објавува Јавен повик за реализацијата на Програмата за намалување на аерозагадувањето. Согласно критерумите за аплицирање во делот на енергетската ефикасност, и тоа за промена на системот за греење, промена на прозорци и врати, градинки, основни и средни училишта, здравствени објекти и административни објекти, општина Кавадарци ќе аплицира со сопствени проекти согласно потребите на наведените институции.

**2. Проект со УНДП (аерозагадување)**

Општина Кавадарци заедно со уште четири пилот-опптини ќе учествуваат во изготвување на студија за испитување на причинители за загадување. Овој проект е во соработка со УНДП и Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (СИДА) и има за цел поставување на фотоволтаици за искористување на сончевата енегија со што ќе се добијат големи заштеди во буџетите на инстутуциите како и за намалување на влијанието врз животната средина. Вкупната вредност на проектот изнесува 400.000,00 евра.

**3. Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) – Министерство за финансии**

Општина Кавадарци е во фаза на реализирање на проектот “Поставување на фотоволтаични системи на јавни институции во општина Кавадарци” на следните јавни институции:

- ПОУ “Страшо Пинџур” - с.Дреново
- ПОУ “Страшо Пинџур” - с.Марена
- ПОУ “Димката Ангелов-Габерот” – с.Сопот
- ЈОУДГ “Рада Поцева” (Објекти: Снежана, Гроздоберче, Изворче и Детелинка)
- Спортска сала Партизан

Со овој договор општина Кавадарци добива 80% од финансиските средства како долгорочно позајмување и 20% се доделуваат како грант средства. Проектот ќе продолжи да ги реализизра активностите и во текот на 2023 година.

4. **Програма за работно ангажирање – Јавни работи**

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, во наредната 2023 година, Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за вработување објавуваат Јавен повик за јавни работи, за ангажирање на евидентирани невработени лица со ниски квалификации во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина на локално ниво, во период од 22 работни дена. Општина Кавадарци е апликант на јавниот повик за работно ангажирање-Јавни работи. Вкупната сума за едно лице изнесува 600 денари бруто по ден. Општина Кавадарци планира да аплицира за 20 лица. Проектот е во соработка со Центарот за вработување, при што Центарот врши трансфер на 80% од износот на средствата, а општина Кавадарци учествува со кофинансирање на останатите 20%. Потребно е да се предвидат вкупно 52.800 денари од Буџетот на општина Кавадарци.

5. **(CMSR) - Третман и подготовка на вода за пиење во Општина Кавадарци, Неготино и Росоман (КАНЕРО)**

Проектот има за цел решавање на проблемот со заматување на водата за пиење од водоводниот систем Лукар кое се јавува во време на поројни дождови за општините Кавадарци, Неготино и Росоман. Како повеќегодишен проект ќе се реализира во партнерство со Владата на Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Словенски центар за меѓународна соработка (CMSR) со финансиски средства во висина од 7.392.690,00евра. Словенски центар за меѓународна соработка (CMSR) учествува со 51% односно 3.770.271,90 евра. Општина Кавадарци ќе учествува со сопствени средства во проектот во висина од 191.484,38 евра, а средствата во висина од 3.309.996,21 евра се обезбедени од буџетот на Владата на Р.С.Македонија за 2023 година, додека останатите 120.937,51 евра ќе се обезбедат од останатите две општини. Се очекува договорот да се потпише во првата половина на наредната година.

6. **Проект за субвенционирање на фотоволтаици**

Општина Кавадарци во 2023 година планира да објави повик за субвенционирање на фотоволтаици, со цел заштита на животната средина и енергетската ефикасност. Општина Кавадарци за овој проект ќе издвои средства во висина од 30.000.000,00 денари од Буџетот на општината. Начинот и кретириумите за доделување на субвенциите ќе се определат со посебен Правилник.

7. **Проект за субвенционирање на велосипеди**

Општина Кавадарци со цел да ги стимулира граѓаните за користење на велосипеди, и да се даде поголем придонес во зачувување на животната средина и физичкото здравје на граѓаните ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средства, за набавка на велосипед. Општина Кавадарци за овој проект ќе издвои средства во висина од 300.000,00 од Буџет на општината за 2023 година. Начинот и кретириумите за доделување на средствата за субвенционирање ќе се определат со посебен Правилник.

8. **Министерство за животна средина и просторно планирање - Реконструкција на атмосферска канализација во с. Возарци (со разделување од фекална канализација)**

Согласно Конкурс за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина, општина Кавадарци ќе аплицира со проект за “Реконструкција на атмосферска канализација во с. Возарци (со разделување од фекална канализација)“. Проектот опфаќа реконструкција на атмосферската канализација со разделување од фекална канализација како и асфалтирање на дел од главната улица во с. Возарци. Вкупната должина за реконструкција изнесува 1271м. Проектот е во вредност од 22.655.725,00 денари. Се очекува овој проект да се реализира во 2023 година.

**5. *РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ***

Во текот на 2023 година, планирано е да се изврши подобрување во системот на информатичка технологија и телекомуникации во општина Кавадарци, за што се предвидени финансиски средства во висина од 3.773.800,00 денари со вклучен ДДВ. Планирано е да се изврши подобрување на следните работи:

1. Одржување на софтвер за данок на имот. Во буџетот за 2023 година предвидени се вкупно 500.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Одржување на сервер, компјутери, компјутерска мрежа, видео надзор во општина Кавадарци и одржување на телефонска централа и систем за работно време. Во буџетот за 2023 да се предвидат 120.000,00 денари со вклучен ДДВ.

3. Изнајмување на оптичко влакно за потребите на Save city – 42 локации. Во буџетот за 2023 да се предвидат 354.000,00 денари со вклучен ДДВ.

4. Одржување на видео надзор на град Кавадарци. Во буџетот за 2023 да се предвидат 200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

5. ИТ опрема (компјутери,лаптоп, фиксни телефони). Во буџетот за 2023 да се предвидат 900.000,00 денари со вклучен ДДВ.

6. Лиценци за софтвер за бекап (Nakivo) на податоци 100 клиенти во времетраење од 3 години. Во буџетот за 2023 година да се предвидат 280.000,00 денари со вклучен ДДВ.

7. Набавка на антивирусен софтвер за 100 клиенти во времетраење од три години. Во буџетот за 2023 година да се предвидат 300.000,00 денари со вклучен ДДВ.

8. Набавка на услуги за интернет и телевизија до просториите на општина Кавадарци, Територијалната Противпожарна Единица, Винска куќа Градски парк и Бизнисинформативен центар поделено во различни пакети на брзина во времетраење од две години. Во буџетот за 2023 година да се предвидат 200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

9. Изработка на нов дизајн на официјална веб страна на општина Кавадарци со комплет миграција на податоци од старата веб страна. Во буџетот за 2023 година да се предвидат 120.000,00 денари со вклучен ДДВ.

10. Изработка на нов дизајн на веб страна Визит Кавадарци со комплет миграција на податоци од старата веб страна и набавка на нов домеин. Во буџетот за 2023 година да се предвидат 70.000,00 денари со вклучен ДДВ.

11. Набавка на лиценца за Зоом платформа наменета за одржување на Советот на општина Кавадарци како и за видео конференција. Во буџетот за 2023 година да се предвидат 10.000,00 денари со вклучен ДДВ.

12. Одржување на ЕРП софтвер во Сектор за финансии. Во буџетот за 2023 година да се предвидат 118.000,00 денари со вклучен ДДВ.

13. Одржување на софтвер за менаџирање на податоци. Во буџетот за 2023 година да се предвидат 188.800,00 денари со вклучен ДДВ.

14. Одржување на софтвер за ГИС систем. Во буџетот за 2023 година да се предвидат 413.000,00 денари со вклучен ДДВ.

## *6. ОБРАЗОВАНИЕ И СОЦИЈАЛА*

### 1. Проект за подобрување на социјалните услуги

Министерството за Труд и социјална политика и Општина Кавадарци го потпишаа Договорот за Грант за подобрување на социјалните услуги во општина Кавадарци во висина од 10 889 000 денари. Овој проект се реализира во партнерство со Црвен Крст од општина Кавадарци, кои делуваат како даватели на услуги. Услугата обезбедува помош во вршење на основни (лична хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, користење тоалет, менување на пелени) и инструментални (поддршка при чистење, посредување за поправки, перење, готвење, купување продукти, надворешна мобилност, земање медицинска терапија) активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои неможат сами да се грижат за себе, со цел да продолжат да живеат во сопствениот дом и да водат независен живот во заедницата. Услугата опфаќа грижа на 100 стари лица, кои ја добиваат услугата согласно Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги помош и нега во домот. („Службен Весник на РСМ“ бр.268/2019). Во 2021 година сертификати за работа со стари лица им се доделени на 20 лица. Исто така набавено е возило за поефикасно извршување на услугите во руралните средини. Овој проект ќе продолжи непречено да се реализира и во 2023 година.

### 2. Министерство за труд и социјална политика

По објавениот јавен повик за финансирање на проекти за изградба, проширување, реконструкција и адаптација на капациетите за дневно згрижување и капацитети за давање на социјална услуга, со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2021 година, општина Кавадарци аплицираше со проект за изградба на регионален Дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост. Со целосна реализација на овој проект ќе се подобрат условите за живот на повеќе од 40 фамилии во Вардарскиот регион. Вкупната вредност на проектот изнесува 33.654.780,00 денари. Проектот ќе се реализира во 2023 година.

### 3. Опремување на Дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост

Во рамки на проектот „Зајакнување на локалните капацитети за спроведување на Агенда 2030 и принципот Никој да не биде изоставен” и „ Општински претставник за малцински прашања и права” општина Кавадарци зема активно учество за спроведување на пристап за испорака на социјална услуга „Воспоставување на дневен центар како услуга за поддршка на семејството и услуги кои се базирани во зедницата”. Најмалку два најуспешни концепти развиени од општините ќе имаат можност да бидат финансиски поддржани со цел успешна применета и пилотирање на соодветните социјални пристапи. Проектот ќе се реализира во 2023 година.

### 4. Проект „Општинско корисна работа”, финансиски поддржан од УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика.

Проектот за општинско- корисна работа е финансиски поддржан од програма на Обединетите нации –УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика.
На територијата на општина Кавадарци се реализира во периодот од 01.07.2022 до 30.06.2023 година. Времено се ангажирани 16 невработени лица, за период од 9 месеци

од кои 12 лица се во Сервисот за негуватели на стари лица и лица со попреченост, 3 лица се волонтери во Банка за храна и 1 лице е асистент за ученик во средно училиште , со работен ангажман од 20 работни часа неделно и надоместок од 9000 денари бруто. Општината го финансира делот за персонален данок на секое ангажирано лице и осигурување од повреда при работа. Ангажманот на лицата се состои од пружење елементарна помош на достава на намирници до стари лица, помагање во Банка за храна и помагање на средношколците кои имаат пречки во развојот или телесен инвалидитет

За реализација на проектот “Општинско корисна работа” во текот на 2022 година се искористени вкупно 558.000,00 денари кои се обезбедени од страна на УНДП и Општина Кавадарци. Во тек е имплементација на проектот кој ќе се реализира до 30.06.2023 година

Вкупната вредност на проектот изнесува 1.295.000,00 денари од кои 1.036.000,00 денари се обезбедени од УНДП а остатокот од 259.200,00 денари се од буџетот на Општина Кавадарци. Со оглед на тоа што проектот е во тек и е исплатен првиот квартал, во буџетот на општина Кавадарци за 2023 година треба да се предвидат 176.400.00 денари.

## 5. Министерство за образование

Согласно јавниот повик за доставување на апликации (барања) за финансирање на проекти за реновирање на училишни објекти на општински основни и средни училишта по надлежност на општините на градот Скопје со средства од буџетот на Министерството за образование и наука, во 2021 година општина Кавадарци аплицираше со следните проекти:

- Реконструкција и санација на ОУ “Димката А. Габерот” (фаза архитектура, фаза електрика и фаза машинство). Вкупната вредност на овој проект е 8.151.642,42 денари.

- Проект за реконструкција на подови, промена на дел од внатрешната столарија и реконструкција на кров во СОУ “Ќиро Спанџов Брко” – Кавадарци. Вкупната вредност на овој проект е 3.334.108,88 денари.

Овие проекти се аплицирани и одобрени во 2021 година, а реализацијата на активностите ќе продолжи и во 2023 година.

Во 2022 година општина Кавадарци поднесе барања за финансирање на 9 проекти кои се очекува да се реализираат во 2023 година. Проектите се следните:

- Промена на кров во ОУ “Тошо Велков Пепето” – Кавадарци. Вкупната вредност на овој проект е 11.177.550,00 денари.

- ОУ “Димката А. Габерот” с. Сопот – Училиштето поднесе три проекти: 1. Проект за изградба на типска спортска сала со гардероби, канцеларија и санитарии во висина од 32.133.877,00 денари, 2. Реконструкција на постоечка котловска постројка на училиштето за топловодно централно греење со финансиски средства во висина од 1.125.903,00 денари и 3. Набавка на нов котел во вредност од 611.449,20 денари.

- ОУ “Страшо Пинџур” с. Возарци - Проект за изградба на типска спортска сала со гардероби, канцеларија и санитарии во висина од 32.133.877,00 денари.

- ОУ “Страшо Пинџур” с. Марена - Проект за изградба на типска спортска сала со гардероби, канцеларија и санитарии во висина од 32.133.877,00 денари.

- ООУ “Димката А. Габерот“ с. Ваташа поднесе три апликации: 1. Пренамена и адаптација на стар руиниран простор во училишна библиотека со вкупна вредност од

309.986,00 денари, 2. Промена на врати со вкупна вредност од 278.668,00 денари и 3. Реконструкција на тоалети во висина од 552.725,00 денари.

- Реконструкција на постоечка котловска постројка на училиштето за топловодно централно греење во ООУ "Димката А. Габерот" Кавадарци со финансиски средства во висина од 1.125.903,00 денари.

- Реконструкција на кабинети и набавка на соодветна опрема по физика, биологија и хемија во СОУ Гимназија "Добри Даскалов". Проектот е со вкупна вредност од 1.036.062,42 денари.

- За училиштето ООУ "Гоце Делчев" е аплициран проект за реконструкција на ограден ѕид со цел оградување на училиштето и училишниот двор за заштита и безбедност. Вкупната сума на проектот изнесува 4.005.891,38 денари.

- За подрачното училиште во с. Бегниште под ООУ "Тоде Хаџи Тефов" е аплициран проект за реконструкција на училници и тоалети, промена на кров, поставување на нова фасада и промена на столарија. Вкупната вредснот на проектот е во висина од 6.590.329,50 денари.

6. **Реконструкција на спортски сали во ООУ "Гоце Делчев" и СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Општина Кавадарци**

Министерството за образование и наука доби Грант средства од Банката за развој при Советот на Европа со поддршка на земјите донатори - Шведска, Норвешка, Австрија и Германија и со Делегацијата на ЕУ во Скопје за реконструкција на 30 постоечки училишни спортски сали и за набавка на нова спортска опрема за вкупно 50 спортски сали. Во Општина Кавадарци се аплицирани и одобрени две спортски сали за реконструкција и набавка на нова спортска опрема односно училиштата ООУ "Гоце Делчев" и СОУ Гимназија "Добри Даскалов" - општина Кавадарци. Проектите се целосно финансиски подржани од Министерството за образование и наука и активностите ќе се реализираат во 2023 година.

## *7.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА*

**- БРР- развој на урбани подрачја –** Реконструкција и пренамена на постојан објект во Кавадарци на ул.7ми Септември. Вкупната вредност на проектот изнесува 9.536.893,28 денари од кои Општина Кавадарци во буџетот за 2023 година треба да предвиди финансиски средства во висина од 6.160.532,00 денари.

**-Проект "Го сакам Кавадарци"** Општината треба да предвиди финансиски средства во висина од 200.000,00 денари во буџетот за 2023 година.

**-Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство -** Општина Кавадарци во буџетот за 2023 година треба да предвиди финансиски средства во висина од 400.000,00 денари.

**- Набавка на високо професионални специјализирани возила.** Вкупниот буџет за реализација на проектот изнесува 24.600.000,00 ден. Општина Кавадарци во буџетот за 2023 година треба да предвиди финансиски средства во висина од 1.000.000,00 денари.

**- БРР – развој на села -** Реконструкција на водовод за населба Ресавски Залив. Вкупната вредност на проектот изнесува 4.984.869,00 денари во кои Општина Кавадарци учествува со 3.184.869 денари или 64% од вкупната вредност. Средства за кофинансирање треба да се предвидат во буџетот на општина Кавадарци за 2023 година.

**-Проект "Изработка на сувенири за туристички цели(магнети, разгледници, подметачи за чаши и приврзоци".** Општина Кавадарци за овој проект во буџетот за 2023 година треба да предвиди финансиски средства во висина од 250.000,00 денари.

**-Проект "Изработка на пропаганден туристички материјал (брошури, мапи и разгледници)".** Општина Кавадарци за овој проект во буџетот за 2023 година треба да предвиди финансиски средства во висина од 200.000,00 денари.

**-Меѓуопштински проект за заштита на културното наследство во соработка со асоцијацијата Градови-Градови од Р.Франција.** Општина Кавадарци учествува во меѓуопштински проект за заштита на културното наследство во соработка со асоцијацијата Градови-Градови од Р.Франција. Во буџетот за 2023 година потребно е да се предвидат средства во висина од 350.000,00 денари.

**- Отварање на нова "Градска Винотека 2" во центарот на градот-** Општина Кавадарци за реалаизирање на овој проект ќе обезбеди финансиски средства во висина од 200.000,00 денари кои ќе се предвидат во буџетот за 2023 година.

**-Програма за работно ангажирање – Јавни работи.** Проектот е во соработка со Центарот за вработување, при што Центарот врши трансфер на 80% од износот на средствата, а Општина Кавадарци учествува со кофинансирање на останатите 20%. Потребно е да се предвидат вкупно 52.800 денари во Буџетот на општина Кавадарци за 2023 година.

**-Проект за субвенционирање на фотоволтаици.** Општина Кавадарци за овој проект ќе издвои средства во висина од 30.000.000,00 денари од Буџетот на општината за 2023 година.

**-Проект за субвенционирање за купување на велосипеди и тротинети.** Општина Кавадарци за овој проект во буџетот за 2023 година треба да предвиди финансиски средства во висина од 300.000,00 денари.

- **Одржување на софтвер за данок на имот.** Во буџетот за 2023 година предвидени се вкупно 500.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Одржување на сервер, компјутери, компјутерска мрежа, видео надзор во општина Кавадарци и одржување на телефонска централа и систем за работно време.** Во буџетот за 2023 да се предвидат 120.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Изнајмување на оптичко влакно за потребите на Save city – 42 локации.** Во буџетот за 2023 да се предвидат 354.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Одржување на видео надзор на град Кавадарци.** Во буџетот за 2023 да се предвидат 200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **ИТ опрема (компјутери,лаптоп, фиксни телефони).** Во буџетот за 2023 да се предвидат 900.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Лиценци за софтвер за бекап (Nakivo) на податоци 100 клиенти во времетраење од 3 години**. Во буџетот за 2023 година да се предвидат 280.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Набавка на антивирусен софтвер за 100 клиенти во времетраење од три години.** Во буџетот за 2023 година да се предвидат 300.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Набавка на услуги за интернет и телевизија до просториите на Општина Кавадарци, Териоријалната Противпожарна Единица, Винска куќа Градски парк и Бизнисинформативен центар поделено во различни пакети на брзина во времетраење од две години.** Во буџетот за 2023 година да се предвидат 200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Изработка на нов дизајн на официјална веб страна на општина Кавадарци со комплет миграција на податоци од старата веб страна.** Во буџетот за 2023 година да се предвидат 120.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Изработка на нов дизајн на веб страна Визит Кавадарци со комплет миграција на податоци од старата веб страна и набавка на нов домеин.** Во буџетот за 2023 година да се предвидат 70.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Набавка на лиценца за Зоом платформа наменета за одржување на Советот на општина Кавадарци како и за видео конференција.** Во буџетот за 2023 година да се предвидат 10.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Одржување на ЕРП софтвер во Сектор за финансии**. Во буџетот за 2023 година да се предвидат 118.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Одржување на софтвер за менаџирање на податоци**. Во буџетот за 2023 година да се предвидат 188.800,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Одржување на софтвер за ГИС систем.** Во буџетот за 2023 година да се предвидат 413.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Општо корисна работа (ОКР)** - Вкупната вредност на проектот изнесува 1.295.000,00 денари од кои 1.036.000,00 денари се обезбедени од УНДП а остатокот од 259.200,00 денари се од буџетот на Општина Кавадарци. Со оглед на тоа што проектот е во тек и е исплатен

првиот квартал, во буџетот на општина Кавадарци за 2023 година треба да се предвидат 176.400.00 денари.

**Распоред на Буџетски средства**

Активностите од оваа програма се финансираат со посебни ставки од Буџетот на општината. Проектните активности се предвидени во буџетот на општината во Г програмата која содржи три потпрограми Г1, Г2 и ГА, програмата Ј-комунални дејности од буџетот на општината и програмата за урбано планирање Ф.

Завршни Одредби

Програмата влегува во сила ( 8 )осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.08- 7742/27 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на**

**Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физички лица за купена и инсталирана фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија до 6kW за 2023 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физички лица за купена и инсталирана фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија до 6kW за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/28** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година, донесе ,

## О Д Л У К А
## за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физички лица за купена и инсталирана фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија до 6kW за 2023 година

### Член 1

Сооваа Одлука се определува максималниот износ на средствата за доделување на поединечна субвенција на физички лица кои се жители на Општина Кавадарци за купена и инсталирана фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија до 6kW за 2023 година.

### Член 2

Максималниот износ за поединечна субвенција за купена и инсталирана фотонапонска електроцентрала се утврдува во износ до 30% од вкупната вредност на инвестицијата, но не поголема од 90.000,00денари, со вклучен персонален данок на доход.

### Член 3

Финансиските средства за поставување на фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија, се обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци, во вкупна вредност од5.000.000,00денари,Програма Г1 од Буџет на Општина Кавадарци за 2023 година-подршка на локален економски развој ставка 464990 – други трансфери.

### Член 4

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на физички лица за купена и инсталирана фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија е утврдена во Правилникот донесен од страна на Советот на општината.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

Бр.08- 7742/28 | СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**22.12.2022 година** | **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** | **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на**
**Правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на физички лица за купување и инсталирање на фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија до 6 kw за 2023 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на физички лица за купување и инсталирање на фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија до 6 kw за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-7975/29 | ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
23.12.2022 година | ГРАДОНАЧАЛНИК,
Кавадарци | д-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 одЗаконот заЛокалнасамоуправа (“Служен Весник на Република Македонија“ број 5/2002), а во врска со Програмата за Локален економски развојнаОпштинаКавадарциза 2023година поглавје 4 точка 6, Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физички лица за купена и инсталирана фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија до 6кWза 2023 година со арх.бр.08-7742/28 донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„ број 08/05......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ЗА КУПУВАЊЕ И ИНСТАЛИРАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ДО 6kW ЗА 2023 ГОДИНА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) СоПравилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на физички лица за купување и инсталирање на фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија за 2023 година, (во понатамошниот текст Правилник)сеутврдува целта, предметот,начинот, условите,и постапката за користење на финансиски средства од Буџет на Општина Кавадарци за 2023 година за горенаведената намена.

### Член 2

(1) Целта на субвенционирање на физичките лица за купување и инсталирање на фотонапонска централа за производство на електрична енергијае стимулирање на домаќинствата за користење на обновливи извори на енергија, кои минимално ги загадуваат воздухот и почвата, и не влијаат врз климатските промени.

(2) Предмет на субвенционирање е купување и инсталирање на фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија со

капацитет на инсталирана моќност од 4kW до 6kW на објект во индивидуална сопственост.

(3) Надоместувањето на дел од трошоците за купување и инсталирање на фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија за сопствена потрошувачка е во износ до 30% од вкупната вредност на инвестицијата, но не поголема од 90.000,00 денари со вклучен персонален данок на доход.

(4) ПравонакористењенафинансискисредстваодБуџетотнаОпштинаКавадарци согласноовојПравилникимаатфизичкилицакоисежителинаОпштинаКавадарци, коигиисполнуваатусловите од член 7 став 1одовојПравилник и јадоставилепотребнатадокументација.

**Член 3**

(1)ФинансискитесредствазаспроведувањенаОдлукатазаопределувањенамаксималенизносзадоделувањенапоединечнасубвенцијанафизичките лицазапоставување нафотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија,сеобезбедениодБуџетотнаОпштинаКавадарци, во висина од 5.000.000,00денари, Програма Г1 од БуџетnaОпштина Кавадарци за 2023 година- подршка на локален економски развој,ставка 464990 – други трансфери.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат до целосно исцрпување на истите од Буџетот на Општина Кавадарци определени за таа намена.

## II. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член4**

(1) ЗареализирањенаОдлукатазаопределувањенамаксималенизносзадоделувањенапоединечнасубвенцијанафизички лицазакупување и инсталирање нафотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергијанаподрачјетонаОпштинаКавадарцисеобјавувајавенповик.

(2) ЈавниотповиксеобјавуванавебстранатанаОпштинаКавадарциhttps://kavadarci.gov.mk/, огласнататаблавоОпштинаКавадарци и воелектронскимедиуми.

(3) Јавниот повик се распишува на почетокот на календарската година

(4) Јавниот повик ќетрае до целосно исцрпување на финансиските средства од Буџетот на Општина Кавадарци определени за таа намена.

(5) При спроведување на постапката, согласно динамиката, јавноста ќе биде континуирано известувана за степенот на искористување на

предвидените средства, односно за износот на преостанати средства,на веб страната на Општина Кавадарци.

(6) Јавниот повик ќе се реализира по принципот „прв дојден прв услужен“.

**Член 5**

(1) Општина Кавадарци ќе врши поврат на средства исклучиво на физички лица кои ќе купат и инсталираатфотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија и ќе ги исполнат условите наведени во член 7 став 1.

## III. ПОСТАПКА, НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член6**

(1) Постапката за користење на финансиски средства се одвива во две фази:

-Купување како ФАЗА 1со поднесување на барање за субвенционирање со приложена документација наведена во член 8 став 1, од страна на барателот пред инсталирање на фотонапонска електроцентрала;

-Инсталирање како ФАЗА 2 со дополнување на барање со приложување на доказ за уплата согласно член 8 став 2, од страна на барателот по поставување на фотонапонска електроцентрала.

(2) Временскиот период од првата до втората фаза односно од поднесувањето на барањето до дополнувањето на истото не треба да надмине повеќе од 4 месеци од денот на прием во архива, но не подоцна од 01.12.2023 година.

(3) Спротивно барањето ќе биде отфрлено поради неисполнување на утврдениот рок од став 2 на овој член.

**Член 7**

(1) Физичкото лице/барател е должно да ги исполни следниве услови:

- Да е жител на Општина Кавадарци;
- Да нема добиено финансиски средства за купување и инсталирање на фотонапонска електроцентрала од било кој извор во Република Северна Македонија (не го искористил правото на субвенционирање по овој основ);
- Само едно лице од домаќинството може да поднесе барање за добивање на надоместок;

- Доказ за купена и инсталирана фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија со инсталирана моќност од 4kW до 6kW на објект во индивидуална сопственост, со датум од денот на објавувањето на јавниот повик.

## Член 8

(1) Барателот во ФАЗА 1 (купување) е должен да го достави барањето со следната документација:

•Пополнет образец за барање на субвенција кој може да се подигне во Граѓански центар  во Општина Кавадарци (канцеларија бр.26),или да се обезбеди преку јавниот повик објавен на интернет страната наОпштина Кавадарциво прилог на следните документи:

- Копија од важечка лилна карта, како доказ дека е жител на Општина Кавадарци;

- Копија од имотен лист за објектот на кој се предвидува да се постави фотонапонска електроцентрала, со право на сопственост на инвеститорот, а доколку се предвидува електроцентралата да се постави на индивидуален објект кој не е во сопственост на инвеститорот се доставува и договор склучен со сопственикот/сопствениците на објектот или писмена согласност за поставување на фотонапонска електроцентрала од сопственикот/сопствениците на објектот.

- копија од основен проект

- Изјава дека не е корисник на субвенција за истата намена од било кој извор во Република СевернаМакедонија (изјавата може да се подигне од Граѓански центар во Општина Кавадарци, или да се обезбеди преку јавниот повик објавен на интернет страна);

(2) Барателот во ФАЗА 2 (инсталирање) е должен да го дополни барањето со следната документација:

• Доказ во оригинал дека е извршено купувањето на фотонапонска централа за производство на електрична енергија и тоа со:

-фискална сметка (од денот после објавувањето на Јавниот повик);

или

-фактура со извод од деловна банка или уплатница ( од денот после објавувањето на Јавниот повик).

•Копија од изјава заверена на нотар од изведувачот кој ја поставил фотонапоската централа за производство на електрична енергија со која под полна кривична и материјална одговорност потврдува дека фотонапонската електроцентрала е поставена согласно основниот проект. (Барателот е должен примерок од изјавата да достави и до Агенцијата за енергетикаво оригинален примерок).

• Фотокопија од трансакциска сметка на барателот.

(3) Некомплетните барања нема да бидат предмет на понатамошна постапка.

**Член 9**

(1) За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиски средства од членот 7 став 1 на овој Правилник, Градоначалникот на Општина Кавадарци формира Комисија за спроведување на јавниот повик.

(2)Комисијата за спроведување на јавниот повик од став 1 на овој член е составена од претседател и 4 члена од редот на вработените во општинската администрација на Општина Кавадарци, и две лица експерти во делот на енергетиката.

**Член 10**

(1) Горенаведената документацијацитирана во член 8 став 1 и став 2, физичкото лице барател ги поднесуваво АрхиватанаОпштинаКавадарци, со адреса ул.Плоштад Маршал Тито бб Кавадарци, секој работен ден од 08:00 до 16:00часот, во затворен плик одделно за секоја фаза од постапката, до Комисија за спроведување на јавниот повик.

(2) На пликот треба да е наведено "Јавен повик за субвенционирање на физички лица за купување и инсталирање на фотонапонска електроцентрала",

(3) АрхиватанаОпштинаКавадарциприменитебарањагиевидентирасоточнотов ременаподнесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

## IV. НАДЛЕЖНОСТИ НА КОМИСИЈАТА

**Член 11**

(1)Надлежности на Комисијата за спроведување на јавниот повик се:

- Подготвување на јавниот повик за физички лица со придружната документација (образец за пријавување, изјава);
- Огласување на јавниот повик и целата документација на огласна табла, како и на официјалната страна на Општина Кавадарци;
- Прием и контрола на примените барања;
- Писмени известувања за комплетни и недополнетибарања;
- Известувања до јавноста за поднесени барања;
- Утврдувањефактичкатасостојбанасамотоместо на поставување на фотонапонска електроцентрала;

- Составување наз аписник за извршен увид на лице место и приложување на фотодокументација од инсталираната фотонапонска електрана;
- Изготвување на предлог Одлуки за субвенционирање доСовет на Општина Кавадарци;
- Изготвување на Решенија за исплата на средства за корисниците на субвенции.

**Член12**

(1) Комисијата за спроведување на јавниот повик ги разгледува пристигнатите барања и документацијата во прилог, со цел да утврди дали истите се уредни и комплетни.

(2) При неуредна документација, Комисијата го известува барателот на писмено да го дополни барањето во рок од 5 дена, спротивно донесува Решение за одбивање на барањето.

(3) При уредна документација, Комисијата го известува барателот дека ги исполнува условите за субвенционирање во ФАЗА 1 од Јавниот повик.

(4)Комисијата има надлежност и е должна да изврши увид на терен во првиот и вториот дел од постапката, како и да изготви записник и фотодокументација во прилог на истото.

**Член13**

(1) По објавување на јавниот повик, претседателот на Комисијата за спроведувње на јавниот повик свикува состанок согласно динамиката на пристигнување на барањата, се до неговото завршување односно до исцрпување на средствата од буџетот на Општина Кавадарци определени за таа намена.

**Член 14**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата за спроведување на јавниот повик го утврдува исполнувањето на условите од член7, став1 на овој Правилник и изготвува предлог Одлука за субвенционирање до Совет на Општина Кавадарци.

(2) Советот на Општина Кавадарци на предлог на Комисијата за субвенционирање донесува Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на физички лица за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала.

**Член 15**

(1) Општина Кавадарци, преку Секторот за Локален Економски Развој ќе води евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци

согласно овој Правилник и сите донесени Одлуки од страна на Советот на Општина Кавадарци .

**Член 16**

(1) Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на субвенција.

**Член17**

(1) Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, со Решение за исплата по претходно донесена на Одлука од страна на Совет на Општина Кавадарци,според редот на пристигнати барања, се до исцрпување на средствата од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година, определени за намената.

**Член 18**

(1) Правилникот влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на ОпштинаКавадарци".

Бр.08- 7742/29
22.12.2022 година
К а в а д а р ц и

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2023 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-7975/30
23.12.2022 година

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК,

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („ Сл. Весник на РМ„ бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ( „Сл. Гласник на општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР ЗА 2023 година

ВОВЕД

Програмата за развој на Невладиниот сектор на Општина Кавадаци е креирана врз основа на член 36 од Законот за Локална Самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02), член 49 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ“, бр. 52/2010 и 135/2011, 55/2016) и врз основа на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и Фондации ( сл. Весник на РМ бр.130/2007)

**Оваа Програма има за цел:**

- унапредување на соработката помеѓу Општина Кавадарци и здруженија и фондации, преку воспоставување на механизми за соработка.
- да ја зголеми транспарентноста и отчетноста на Општина Кавадарци преку зголемување на протокот на потребни информации помеѓу Општината и граѓанските организации.
- иницирање на поголема партиципативност на граѓанскиот сектор, преку негово директно вклучување во работењето на Општина Кавадарци, како и креирање на заедничка програма со цел искористување на повеќе ресурси.

- да ја подобре и зајакне соработката на Општина Кавадарци со Здруженијата и Фондациите.
- да ја стимулира работата на НВО – Секторот.
- да ги зајакне кадровските капацитети на Здруженијата и Фондациите.
- Инклузивен процес и учество на граѓанскиот сектор во процесите на дефинирање на развојните активности и иницијативи на Општина Кавадарци.
- Создавање предуслови за креирање на ефикасни партнерства.
- Афирмација на Општина Кавадарци како општина со развиена мрежа на НВО кои остваруваат соработка со НВО.
- Грижата за младите и соработка со НВО- секторот, во согласност со можностите.

## НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Програмските активности предвивдени во Програмата за Развој на Невладиниот Сектор ќе ги реализира Секторот за Локален економски развој на Општина Кавадарци, кој во соработка и координација со Градоначалникот како и Невладиниот Сектор од општина Кавадарци ја изготви оваа Програма.

## СОДРЖИНА

Во Општина Кавадарци има исклучително активен граѓански сектор кои делуваат во повеќе области и нивните активности и програми се во насока на подобрување на квалитетот на животните стандарди на граѓаните на Општина Кавадарци со придонес кон поширокота зедница.

За таа цел изготвена е Стратегија на Општина Кавадарци за соработка со граѓанските организации 2021-2025, за взаемен придонес кон реализирање на стратешките заложби.

При изработката на оваа Стратегија, беа усогласени новите стратешки цели со националните политики на Владата за соработка со и

развој на граѓанскиот сектор за периодот 2018-2020 година, Програмата за развој на Вардарски плански регион 2021-2026, Програмата за одржлив развој и децентрализација 2021-2026 и Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031.

Стратегијата за соработка со ГО е поврзана со визијата на општина Кавадарци која гласи:
“Продолжување на динамичната тенденција на развој на општина Кавадарци, како атрактивно место за живеење, стекнување на образование, развој на претприемништво, како модел за добро и ефикасно управување, заснован врз традиционалните општествени вредности но и на иновативност.
Водечки принципи:
- Почитување на правото и законите
- Добро управување
- Партиципативност и демократичност во донесување на одлуките
- Транспарентност и отчетност
- Толерантност и недискриминација
- Финансиска стабилност и дисциплина
- Ефективност на инвестициите

Согласно визијата стратегијата ги опфаќа следните стратешки приоритети:

**Стратешки приоритет 1:** Јакнење на капацитетите на граѓанскиот сектор и на општинската администрација за соработка со ГО и нивен развој

**Стратешки приоритет 2:** Вклучување на ГО во креирање на ефективни локални политики

**Стратешки приоритет 3:** Ефективно управување со буџетот за одржливост на граѓанскиот сектор

**Стратешки приоритет 4:** Поддршка на активностите на ГО за промоција на туризам и поддршка на еколошките агенди на ГО

Со истражувањето на потребите на НВО секторот се утврдени слабостите, можностите и ризиците на тековните програми за развој на граѓанските организации во општина Кавадарци. Ова ќе го постигнеме преку:

- Обезбедување на финансиски услови за невладините организации за непречено функционирање преку распишување на јавен повик за распределба на финансиски средства за проекти и проектни активности за 2023 година, со цел да се зајакне нивната ефикасност и придонес кон локалната заедница.
  Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Кавадарци каде што општина Кавадарци ќе распише Јавен повик за невладини организации, утврден според веќе усвоена ЛОД- Методологија која што е изработена од страна на Проектот за регионална програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOad), финансиран од Европската Унија и спроведен од UNDP.

- Надградување на знаењата, вештините и капацитетите на општинската администрација за унапредување на соработката со граѓанскиот сектор.

- Објавување и редовно ажурирање на регистар на НВО во Кавадарци кој ќе биде достапен јавно на веб страната на Општина Кавадарци.

- Објавување на сите повици и конкурси кои се однесуваат на граѓанските здруженија и фондација јавно на веб страната на Општина Кавадарци.

- Објавување на линкови на невладините организации на WEB страницата на Општина Кавадарци.

- Воспоставување на редовна комуникација на невладините организации преку организирање на најмалку една заедничка средба во месецот за сите невладини организации во Општина Кавадарци , за размена и координација на тековните активности, можноста за развивање на партнерство за адресирање на прашања од локално или регионално значење, охрабрување и поддршка на соработката во развојот на заеднички предлог проекти и акциони планови.

- Обука за менаџирање со проектен циклус - Обуки за сите НВО како да подготват проект, како да го реализираат, мониторинг и евалуација на проектот, проценка на ризиците, како да управуваат со тим на луѓе за успешно завршување на проектот. Овие обуки ќе се осврнат на анализа на потребите, целите, акциониот план, план за комуникација, и буџет.
- Директни консултации за подготовка на одредени настани.
- Зајакнување на партнерска соработка помеѓу Општина Кавадарци и здруженијата и фондациите со аплицирање за средства до други донатори, соработка која не би била само декларативна, а со

заедничко вложување, односно кофинансирање и на двете страни, се со цел реализација на активности од заеднички интерес.

- Состаноци за поврзување со бизнис секторот и невладиниот сектор- Локалната самоуправа да ја има улогата на медијатор помеѓу НВО и Бизнис секторот во градот како и организирање на формален состанок за претставниците од бизнис и НВО секторот во Општина Кавадарци каде ке имаат можност да се поврзат и да се запознаат мегусебно, и да се информираат за тоа како заеднички можат да направат заемно корисни партнерства со интерес за поширոката заедница.

- Општина Кавадарци ќе обезбеди поддршка на здруженија и фондации преку ставање на располагање на сопствените човекови ресурси за давање на информации и стручна помош, со назначување на лице од општината кое ќе биде одговорно за комуникцаија со граѓанските здруженија и фондации
како и за толкување на правна рамка која се однесува на ингеренциите на локалната самоуправа, а која е од интерес на здруженија и фондации.

- Општина Кавадарци ќе овозможи и други форми на делување, со што здруженијата на граѓани освен со финансиски средства ќе ги помага и со: покровителство; доделување награди и признанија; обезбедување стручна; техничка и други видови помош; организирање трибини, форуми и дебати за нивен интерес; потпомагање во организирање на манифестации;

- Организирање на средба со граѓанските организации, здруженија и фондации, со цел запознавање со условите од повикот за прекугранична соработка со грција по програмата ИПА, и можноста за аплицирање и изнаоѓање на партнерска организација од грчка страна.

- Општина Кавадарци, по претходно доставено барање, а согласно сопствените потреби, им ги става на располагање општинската сала, регионалниот центар за невладини организации како и нејзината опременост за одржување на трибини, состаноци и други соодветни активности кои се непосредно поврзани со делувањето на здруженијата и фондации.

- Финансиска поддршка за младински организации на годишно ниво;

- Запознавање на младите со руралниот развој во својата општина;

- Поголема поддршка за младински културен центар во Кавадарци;
- Зголемување на свесноста кај младите за зачувување на локалната средина и свесноста од последиците од Ковид 19;
- Едукација на младите за традиционалните вредности.

Општина Кавадарци дава континуирана финансиска поддршка за реализација на активности и проекти на здруженијата и фондациите. Во Програмата за Развој на Невладиниот Сектор на општина Кавадарци за 2023 година се предвидени доделување на финансиски средства поделени во следните категории:

**11. Јавен Повик за Невладини организации за 2023година**

Општина Кавадарци ќе обезбеди финансиски средства за невладините организации за непречено функционирање преку распишување на Јавен Повик за распределба на средства за проекти и проектни активности за 2023 година со цел да се зајакне нивната ефикасност и придонес кон локалната заедница. Средствата во висина од вкупно 2.000.000,00 денари ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Кавадарци за 2023 година. Јавниот Повик ќе биде утврден според веќе усвоена ЛОД- Методологија која што е изработена од страна на Проектот за регионална програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOad), финансиран од Европската Унија и спроведен од UNDP.

**12. Статешка област - Развој на вински туризам и семејни винарии**

Општина Кавадарци е носител на туристичката понуда во тиквешкиот регион преку преставување и промовирање на голем број семејни винарии и дестилерии со специфични традиционални и автентични сорти на вина, ракија и други производи од грозје. Како стратешка област, истата има огромно значање за локалниот економски развој на општината и од затоа винариите и дестилериите од овој крај добиваат финансиска поддршка за реалзирање на нивните активности за развој на лозарството и винарството. Во 2023 година општина Кавадарци финансиски ќе ги поддржи Програмите на Здружение Тиквешки семејни винарии и Здружение Дестилерии од територијата на општина Кавадарци со финансиски средства во висина од 1.300.000,00 денари и истите ќе се предвидат во буџетот.

**13. Поддршка на Здруженија на лица со посебни потреби**

Општина Кавадарци континуирано ги поддржува здруженијата на лица со посебни потреби обезбедувајќи им ги потребните услови за учество во општеството како еднакви граѓани. Во буџетот за 2023 година општината има предвидено финансиски средства во висина од 1.000.000,00 денари.

**14. Програма на "Младински центар" за 2023 година –**

Општина Кавадарци секоја година во буџетот предвидува средства за поддршка на програмата на Младинскиот Центар. Центарот секојдневно спорведува активности од различен карактер наменети за млади и има за цел подобрување на благосостојбата на младините, воедно тие имаат место каде што можат да ги изразат совите предлози и идеи кои се од големо значење. Општина Кавадарци во буџетот за 2023 година ќе предвиди финансиски средства во висина од 600.000,00 денари за подршка на оваа програма.

Буџет за Реализација на Програмата

Табеларен приказ на расходи

| | Трансфери до невладини организации | Буџет | Програма | Конто |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Програма за НВО по Јавен повик | 2.000.000,00 денари | ГА | 463 |
| 2 | Стратешка област - Развој на вински туризам (Семејни винарии и дестилерии) | 1.300.000,00 денари | | |
| 3 | Поддршка на Здруженија на лица со посебни потреби | 1.000.000,00 денари | | |
| 4 | Програма на Младински Центар | 600.000,00 денари | | |
| | **Вкупно** | **4.900.000,00 денари** | | |

Завршни Одредби

Програмата влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 7742/30** СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за Нова Година „Среќна нова 2023та“ година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за Нова Година „Среќна нова 2023та“ година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/31** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05...75/21), расправајќи по Програмата Нова година „Среќна нова 2023та“, доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје ,

Советот на Општина Кавадарци на 21-тата седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програмата Нова година „Среќна нова 2023 та“, доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Програмата Нова година „Среќна нова 2023та“, доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје, со арх.бр.08-7820/3 од 21.12.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-7742/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-7975/32 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

23.12.2022 година ГРАДОНАЧАЛНИК,

Кавадарци д-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот на локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 132 став од Статутот на Општина Кавадарци ("Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005....75/21),

Советот на Општина на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година**

## I. ВОВЕД

Со Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на кутурата во 2023 година се определуваат културните настани од посебно значење за културниот развој на општина Кавадарци и афирмација на нејзиното историско и културно наследство , негување и збогатување на општо прифатените културни вредности.

Во рамките на надлежностите на Општината утврдени со Законот за Локалната самоуправа за негување на културните вредности , организирање на културните манифестации и поттикнување на разновидни специфични форми на творештво се предлага Програма.

## II. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа програма се :

-Обезбедување активен однос на општина Кавадарци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата

-Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Кавадарци

-Сочувување и афирмирање на културниот индетитет на Општина Кавадарци

-Презентирање и афирмирње на творци и интеретатори од областа на културата

-Интензивирање и збогатување на меѓународната културна и спорстка соработка

## III. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Кавадарци во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, подржување и помагање за остварување на целите на оваа програма.

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно –уметнички манифестации

-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Кавадарци предвидени за 2023 година.

-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Кавадарци.

-Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Кавадарци .

-Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените и пријателски градови на општина Кавадарци.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Кавадарци предвидени за 2023 година .
Средствата од Буџетотна Општина Кавадарци предвидени за 2023 година изнесуваат 10.000.000 денари и се распоредуваат за потикнување ,подржување и помагање на манифестации и проекти од областа на културата.

**Буџет**

**КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ**

**1.Културно стопанска манифестација „Св.Трифун“**

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
**Месец и ден :14 февруари**

**2. Културно лето „ Го сакам Кавадарци“**

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
**Месец: Јули и Август**

**3.Културна Манифестација „Тиквешки Гроздобер“**

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
**Месец и ден : Септември**

**4. „НОВА ГОДИНА“**
**Божиќен пазар 2024 година**

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
**Месец и ден : Декември**

**ВКУПНО : 6.600.000 денари**

**II . Трошоци за културните манифестации**

1. **Ноќевање на гости за „Тиквешки Гроздобер“ 630.000,00 ден**
2. **Репрезентации за културните манифестации 630.000,00 ден**
3. **Огномет за културните манифестации 300.000,00 ден**
4. **Озвучување на културните манифестации 200.000,00 ден**
5. **Цвеќе и цветни аранжмани за културни манифестации 200.000,00 ден**
6. **Репрезентативни поклони за делегации 150.000,00 ден**
7. **Коктел за културните манифестации 300.000,00 ден**
8. **Новогодишни пакетчиња 400.000,00 ден**

9. **Обезбедување за културните манифестации -По одлука за делегирана надлежност**

| | |
|---|---|
| **10. Набавка на часовници** | **170.000,00 ден** |
| **11. Набавка на Tv приемници** | **20.000,00 ден** |

**ВКУПНО : 3.000.000 денари**

Трошоците за културните манифестации ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година.

## IV. Други форми на активности

Други форми на активности со кои ќе се помагаат културните манифестации, приредби и проекти се следните:

- Обезбедување стручна ,техничка и друга подрш со кадри и опрема со коа располага Општината
- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации
- Организирање на протоколарни и промотивни средби на преставници на градот при одржување манифестации и реализирање на проекти од обласка на културата
- Овие форми на активност ќе се реализираат согласно можностите на Оштина Кавадарци

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Кавадарци и Комисијата за култура се грижат и го обезбедуваат спроведувањето на оваа програма.

Програмата влегува во сила осмиот (8 ) ден од денот на објавување во ,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,

**Бр.08- 7742/32**
**22.12.2022 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на**

**Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година на правно лице**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година на правно лице, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/33** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на 36 став 1 точка 15 , член 22 став 1 точка 5, член 24 став 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.05/02) а во врска со член 7 од Законот за култура („Сл.весник на РМ „ бр.31/98....11/18) и член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05, ......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**За делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година на правно лице**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Кавадарци врши делегирање на надлежноста на општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации на правно лице (во понатамошен текст : вршител на делегираната надлежност).

**Член 2**

Се делегираат надлежностите за организирање и реализација на културните манифестации, предвидени во Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа Одлука Советот на општина Кавадарци ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежностите за организирање и реализирање на културните манифестации на вршителот на делегираната надлежност.

**Член 4**

Општина Кавадарци ќе склучи посебен Договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежностите за тековната година, како и поединечни договори за организрање на секоја културна манифестација.

**Член 5**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува наративен и финансиски Извештај за секој поединечен настан до Градоначалникот и Советот на општина Кавадарци во рок од 30 дена после одржувањето на настанот.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Комисијата за култура и Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување награди и признанија при Совет на Општина Кавадарци.

Договорот со вршителот на делегираната надлежност престанува ако Советот на Општина Кавадарци не го усвои наративниот и финансиски извештај од став 1 на овој член.

**Член 6**

Надлежностите од член 2 на оваа Одлука ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година, како и од донации и спонзорства.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ( 8 ) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 7742/33**
**22.12.2022 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

### за објавување на

### Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година на правно лице

1. СЕ ОБЈАВУВА Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и

реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година на правно лице, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/34** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.05/02) а во врска со член 7 од Законот за култура (Сл.весник на РМ бр.31/98....11/18), и член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05..75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе,

П Р А В И Л Н И К

**За начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година на правно лице**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за делегирање на надлежностите од областа на културата на правно лице.

**Член 2**

Делегирањето надлежности на правно лице за вршење на работи од областа на културата за организирање и реализација по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година, се врши преку објавување на јавен Конкурс.

**Член 3**

Со пријавата заинтересираниот правен субјект покрај наведените документи од јавниот конкурс приложува и:

1.Решение за упис во Централен Регистар;

2.Полн назив и адреса на субјектите кои ќе се вклучат во текот на реализирањето на активностите од делегираната надлежност;

3.Детален опис на активностите, носители и рокови за реализирање на на делегираните надлежности – програма за начин и постапка за вршење на делегираната надлежност;

4.Финансиска структура на активностите;

5.Податоци од лицата ангажирани во реализирање на делегираните надлежности, нивна квалификациона структура и професионално искуство;

6.Име презиме и контакт телефон на одговорното лице за реализација на делегираните надлежности.

**Член 4**

Градоначалникот распишува Јавен конкурс кој што се објавува на веб страната на Општина Кавадарци, локалните медиуми и дневни весници кои се издаваат на територијата на Република Македонија и ке трае 15 дена од денот на објавувањето.

**Член 5**

За разгледување на пријавите од јавниот конкурс Градоначалникот формира 5 (пет) члена Комисија составена од претставници од културните институции и општинската администрација.

Комисијата при разгледување на пријавите по јавниот конкурс за исполнување на условите за одреден вид работа од областа на културата утврдена со закон, врши бодирање и тоа :

-соодветност на предлогот со барањата од јавниот конкурс до 20 бода;

-капацитет на предлагачот, искуство во реализацијата на проекти од областа на културата, соодветност на лицата кои ќе учествуваат во реализирањето на надлежностите по однос на образование и искуство во областа на културата, поставеност на систем на контрола на квалитетеот и работењето до 40 бода;

-план и програма за организирање и реализирање на манифестациите до 40 бод.

**Член 6**

По разгледување на пријавите Комисијата од член 5 на овој Правилник, доставува Мислење со предлог за избор на вршител на делегираната надлежност до Градоначалникот на Општината.

По доставеното мислење од страна на комисијата, Градоначалникот на Општината ке донесе Одлука за избор на вршител на делегираната надлежност по Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на култура.

**Член 7**

Врз основа на Одлуката за избор на вршител на делегираната надлежност по Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на културата , Градоначалникот на Општината ќе склучи договор со правното лице - вршител на делегираната надлежност.

Договорот за меѓусебните права, обврски и одговорности за реализација на делегираните надлежности што се склучува согласно Одлуката за делегирање на надлежностите од областа на културата содржи:

1.Краток опис на делегираните надлежност;

2.Времетраење и датум на влегување во сила на договорот;

3.Обврски на договорните страни;

4.Начин на реализирање на делегираните надлежности и редовно доставување на извештаи;

5.Осигурување и одговорност за направена штета;

6.Висината на средствата од буџетот на Општина Кавадарци што ќе се исплати на правното лице за реализирање на делегираната надлежност;

7.Начинот на исплаќање на средствата;

8.Трошоци што нема да бидат исплатени;

9.Ревизија и мониторинг;

10.Раскинување на договорот;

11.Завршни одредби.

**Член 8**

Вршителот на делегираната надлежност до Советот на Општината ќе достави Предлог –Програма за секоја културна манифестација предвидена во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата.

По донесување на Заклучок за усвојување на поединечната Предлог-Програма од страна на Советот на Општината, Градоначалникот на Општина Кавадарци ќе склучи договор за делегирање на надлежноста за организирање на културна манифестација.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 7742/34**
**22.12.2022 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во општина Кавадарци во 2023 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во општина Кавадарци во 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/35** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**23.12.2022 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** — **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ( „Сл. Гласник на општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе,

**П р о г р а м а**
за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во општина Кавадарци во 2023 година

**ВОВЕД**

Со програмата за одбележување годишнини на значајни настани и личности во општина Кавадарци во 2023 г. се определуваат значајните настани и годишнини од посебно значење, со што се продолжува континуитетот во одбележувањето од републичко и локално значење.

**ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Одбележување на годишнини и значајни настани и личности во насока на негување на историското минато,
- Обезбедување активен однос на градот Кавадарци кон задоволувањето на потребите на граѓаните за негување на традициите,
- Зачувување на историската и културната вредност на личности и настани, со цел негување на историските и културните вредности на градот.

**ЈУБИЛЕИ ВО 2023 година кои предлагаме да се одбележат**

**I. НОБ**

**1. 3 април 1921 г. 102** г. од раѓањето на **Наќо Ангелов – Рочко.** Се образува во Ваташа, Кавадарци и Скопје. Во 1940 година се вклучил во напредното младинско и револуционерно движење, а во 1941 година станал секретар на една скоевска група во Ваташа. Во 1942 година бил определен да се грижи за сместување и исхрана на една група партизани од велешкиот одред „Димитар Влахов". Во 1942 година откако се илегализирал неговиот брат Димката Габерот, Наќо и неговиот татко Ташо се уапсени и затворени во кавадаречкиот затвор. Тој е еден од првите борци на одредот „Добри Даскалов", потоа борбениот пат го продолжува во баталјонот „Страшо Пинџур" и Втора македонска ударна бригада. За политички комесар е назначен во 1944 г., на партизанската болница во Зборско (Ег.Македонија). По ослободувањето работи во просветниот оддел во кавадаречко. Почина во Прага на 13 април 2003 година.

**2. 14 април 1921** г. **102** г. од раѓањето на првоборецот од времето на НОВ, **Блаже Џунов – Млаѓо.** Блаже Џунов е роден во Ваташа каде го започнува своето школување кое го продолжува во Кавадарци и Крагуевац, а потоа се запишал на Земјоделскиот факултет во Земун. По окупацијата на земјата се запишал во Софија. Во 1942 година бил обвинет дека шири револуционерни идеи сред студентите и затоа бил исклучен од факултетот. Во почетокот на мај е еден од првите борци на одредот „Добри Даскалов". Блаже Џунов во септември 1943 година својот борбен пат го продолжил во баталјонот „Страшо Пинџур", а во декември 1943 година е и борец на Втората македонска ударна бригада. На 22 декември истата година Џунов учествува како делегат од Тиквешијата на Првиот конгрес на НОМСМ во Фуштани, каде е избран за член на Главниот одбор на младината на Македонија. На 28 април 1944 година во судир со германската војска на планината Бигла е тешко ранет и пренесен на лекување во партизанската болница на грчка територија. Поради сериозноста на раната и покрај вложените напори на лекарите, Блаже Џунов им подлегнал на повредите.

**3. 11 јуни 1921** г. **102** г. од раѓањето на **Александар Ицев - Живко**.

Александар Ицев е роден во Кавадарци на 11 јуни 1921 година. Во Кавадарци завршил Граѓанско училиште, а своето образование го продолжил во Воено занаетчиско училиште во Крагуевац. Во Кавадарци работи како металостругар. Член на КПЈ е од 1941 година. На 13 јули истата година учествува во акција во селото Долни Дисан во која беше убиен неговиот другар Диме Поп Атанасов, првата жртва на фашизмот во Македонија. По овој настан за да не биде уапсен се илегализира и е еден од првите илегалци во Кавадарци. Во јануари 1943 година е избран за член на Месниот комитет на КП за Кавадарци, а по укинувањето на Воениот комитет сите активности околу подготовките за исфрлање на партизански одред ги води Месниот комитет. Во мај 1943 година излегува во партизани во тиквешкиот одред „Добри Даскалов", но набргу

е прераспореден во одредот „Сава Михајлов“. Во август 1943 година Ицев е избран за член на Околискиот комитет на КП, а во октомври е во новиот состав на Околискиот комитет заедно со Глигор Гечевски, Рада Поцева и Стефан Хаџи Тефов. По ослободувањето работи како претседател на Околискиот комитет на КП во Неготино, а потоа и како член на Окружниот комитет во Велес. Александар Ицев беше преставник на стопанската комора во Бугарија. По враќањето од Бугарија е избран за пратеник во Сојузната скупштина на Југославија, а работи и во Сојузниот синдикат во Белград. Бил претседател на Стопанскиот собор на Собранието на СРМ. На Првиот, Вториот, Третиот и Петтиот конгрес на КПМ бил избран за член на ЦК на КПМ. Александар Ицев бил директор на Металски завод “Тито“ во Скопје. Носител е на партизанска споменица 1941 година.

**4. 13 јули 1941 г. 82** години од убиството на **Диме Поп Атанасов.**

Роден е во село Страмашево во 1918 година. Неговото семејство се преселило во Кавадарци каде што завршил основно образование и Граѓанско училиште до 4 клас. Немајќи финансиски можности да го продолжи школувањето, работи како шивачки калфа. По извесно време се вработува во општинската управа во Кавадарци како општински писар. Тој е еден од иницијаторите за отворање на градско читалиште и библиотека во Кавадарци. Во таа иницијатива се вклучиле: Страшо Пинџур, Димката Ангелов, Никола Минчев, Мито Хаџи Василев и др. Во 1937 година Диме е иницијатор за формирање на илегална симпатизерска група во која членуваат: Киро Спанџов, Илчо Стефановски, Методија Димовски и Диме Боцев – содаџијата. Во 1940 година Диме Поп Атанасов е примен во редовите на скоевската организација од страна на Мито Хаџи Василев, заедно со Киро Крстев, Пешо Кимов и Глигор Гечевски. Потоа и член на МК на СКОЈ за Кавадарци. Во 1941 година активно се вклучил на повикот на Месниот комитет на КПМ од Кавадарци за прибирање на оружје и друг потребен воен материјал и негово складирање на сигурни места. Бил назначен и за секретар на читалиштето. Во една таква акција во с. Горни Дисан (Неготинско) заминуваат: Диме Поп Атанасов, Атанас Златев и Александар (Ацо) Ицев. Предадени од домашни предавници и окупаторската војска на пат за Кавадарци во нив пука еден падар при што бил смртно погоден на 13.07.1941 година. Диме Поп Атанасов преставува прва жртва на фашизмот дадена во Тиквешијата и Македонија непосредно по окупацијата на Македонија.

**5. 5 септември 1956 г**. **67** години од загинувањето на **Ѓошо Бојаџиев,** роден е во Ваташа во 1892 година. Работел како бојаџија, а се занимавале и со земјоделство. Во август 1939 година заедно со Страшо Пинџур и Ристо Михов ја обновуваат работата на КПЈ во Кавадарци која цели 20 години била во илегала. За време на војната во 1942 г. во неговата куќа била сместена партиската техника. Несреќно загина на 5 септември 1956 година при уривање на ридот “Градот“ во месноста Моклиште.

**6. 11 октомври 1941 г. 82** години **Ден на народното востание на македонскиот народ.** Востанието е кренато против фашизмот и со тоа започнува борбата за ослободување на македонскиот народ. За почеток на востанието против фашизмот во Македонија се смета нападот кој Прилепскиот партизански одред „Гоце Делчев“ го извршува во Прилеп на 11 октомври 1941 година. Дејствија има и во Куманово. На 12 октомври 1941 година, во областа Студена вода е формиран Кумановскиот (Козјачки) партизански одред. Иако активноста на овие први партизански одреди е скромна, таа претставува иницијална announced капсла за продолжување на борбата.

**7. 17 октомври 1916 г. 107** години од раѓањето на **Димката Ангелов - Габерот**, роден е во Ваташа 1916 година. Завршил основно училиште и нижа гимназија, а Учителска школа во Белград и Неготин Краина. Работи како учител во селата Радња, Дабниште,

Горни Д'бник. Бил член на Месниот и Воениот комитет во Кавадарци, а од март 1943 година политички комесар на Трета оперативна зона. Кога на 14 мај 1943 година е формиран тиквешкиот партизански одред Габерот бил именуван за политички комесар. На 10 јуни 1943 година загинал во заседа поставена од страна на бугарската војска кај месноста "Торкови лаки", близу Клинска леса, заедно со Ило Виларов, Пано Мударов и Стојан Крстев.
**8. 6 ноември 1921 г. 102 г.** од раѓањето на **Глигор Гечевски – Ивче.** Ивче е роден во Кавадарци во 1921 година, потекнува од сиромашно земјоделско семејство. Основно училиште и нижа гимназија завршил во Кавадарци, а со гимназиско образование се стекнал во Горни Милановац и Крагуевац. Во август 1940 година со една група младинци ги испишале ѕидовите во Кавадарци со пароли против војната, против скапотијата, Хитлер и кралот Петар и т.н. Со почетокот на Втората светска војна, Глигор Гечевски ги прекинал студиите на Техничкиот факултет во Белград и се вратил во Кавадарци. Станал член на КП во 1941 година. Истата година е уапсен од бугарските власти и осуден на две години затвор. Во Кавадарци се вратил во јануари 1943 година и се вклучил во работата на револуционерната организација, во време кога се вршат подготовки за исфрлање на партизански одред. Во мај 1943 година Ивче е еден од првите борци на тиквешкиот партизански одред "Добри Даскалов", во кого е избран за политички делегат на десетина. Подоцна е избран за член на Серскиот комитет и работи во позадина. По војната работи во државната безбедност, а извесен период работи во Белград во сојузната државна безбедност. Ивче беше и долгогодишен успешен директор на АК „Тиквеш" од Кавадарци. Во 1982 година го организирал и Симпозиумот Тиквешијата во НОБ 1941 – 1945 година. Објавил и голем број на трудови и статии, а во 1998 година ја објавил својата прва книга за Тиквешкиот партизански одред "Добри Даскалов". Почина во Скопје во 2000 година.
**9. 28 ноември 1911 г. 112 години од раѓањето на Славчо Темков.** Роден е во Кавадарци на 28 ноември 1911 година. Еден е од основоположниците на културното и спортско живеење во градот помеѓу двете светски војни. Како ученик во 4 клас гимназија во Кавадарци во кафеаната "Балкан" по негова иницијатива е изведена пиесата "Кољо и Невенка", која доживеала голем успех. Во 1928 година по иницијатива на Темков, Д. Димовски, Д. Галапчев, Т. Кимов и др. е формирано културно – уметничкото и спортско друштво "Братство", во чиишто рамки бил формиран и првиот фудбалски клуб "Братство" во Кавадарци. Од 1929 година па се до почетокот на Втората светска војна Славчо Темков во аматерскиот театар работи како режисер, сценограф и костимограф. Значаен културен настан во Кавадарци била преставата "Слугата Јернеј и неговото право" во која покрај Темков , настапиле и Д. Ангелов – Габерот и Милан Даскалов во главните улоги. Славчо Темков е активен член на Соколското друштво од градот, кое постигнало значајни резултати помеѓу двете светски војни. Во 1944 година се вклучува во редовите на НО војска во Првата македонска дивизија, се до 15 јануари кога се враќа во Кавадарци. Раководи со театарот во кого настапуваат талентирани артисти како: Илија Каровски, Александар Грков, Лена Миткова и др. Преставата „Изборите некогаш и денес" ја напишал Славчо Темков. По војната работи како референт за народно општествување и описменување во градот и селата во кавадаречко. Почина во Скопје на 1 мај 1995 година.

**II. Нова историја во РСМ**

**1. 6 мај 1991 г.32** години од загинувањето на **Сашко Гешовски,** припадник на ЈНА. Роден е во Кавадарци на 31 октомври 1971 година, основно и средно училиште завршил во Кавадарци. По завршување на средното образование заминал на отслужување на воениот рок во ЈНА во Сплит – Р.Хрватска. На 6 мај 1991 година во

него пука маскиран припадник на МУП на Република Хрватска и смртно го погодил со 4 куршуми. Гешовски во критичниот момент бил на задача пред зградата на Воено поморската област во Сплит. Тој беше првата жртва во конфликтот што предизвика распад на Југославија во 1991 година. На 7 мај во Кавадарци се одржа протестен митинг на кого учествува речиси целото население од градот и околината, за да го искажат својот револт за смртта на својот сограѓанин, кои палеа свеќи на градскиот плоштад во чест на Гешовски. Неговото тело со воен хеликоптер беше пренесено во Кавадарци. На погребот присуствуваа повеќе од 20.000 граѓани, дојдени од сите краишта напоранешна Југославија. Во Кавадарци беше прогласена тридневна жалост.

**2. 1 јули 2001 г. 22** години од загинувањето на **Блашко Толев**, роден на 30 март 1981 година во кавадаречкото село Марена.
Како припадник на АРМ загина во воениот конфликт на 01 јули 2001 година на Тетовското Кале од минофрлачка граната, испукана од страна на албанските терористи. Толев во октомври 2000 година заминува од Тиквешијата да го изврши долгот и го отслужи воениот рок во АРМ, прво во Битола, а потоа во Штип. Кога започна воениот конфликт 2001 година, тој активно зема учество во борбите во Тетовско и Кумановско.
Блашко Толев беше прва жртва од овој крај во конфликтот од 2001 година. Како припадник на редовниот состав на Армијата на Република Македонија на само 20 години го жртвува својот живот за одбраната на Македонија. Вечен останува споменот како и паметникот над неговиот гроб во кавадаречкото село Марена.
Постхумно е одликуван со медал за храброст.
**3. 26 јули 1991 г.** Во воениот конфликт во 1991 година од Кавадарци загина **ПетреТодоровски**, роден во 1971 година. Тодоровски загина како припадник на ЈНА на 26 јули 1991 година во касарната Љубљана – Поље, Р. Словенија.
Својот млад живот го загуби како војник, додека бил на стража.
**4. 5 септември 1931 г. 92 год. од раѓањето на Вуко Каров.** Вуко Каров е значајна општествено - политичка личност во Кавадарци. Раководител е во неколку работни организации во Кавадарци: "Тиквеш - Транс", ДИК „Страшо Пинџур", "Тиквешко поле". Од 1963 до 1969 година ја врши функцијата потпретседател на Собранието на општина Кавадарци, а во 1964 година е претседател на Општината. Името Вуко Каров е синоним на фудбалската игра, еден од најдобрите фудбалери во историјата на кавадаречкиот фудбал. Вуко игра фудбал и во скопски „Вардар" и долго се зборувало за неговата игра против "Хајдук" од Сплит кога дал гол од 40 метри. Има настапувано и за младинската репрезентација на Македонија во Франција во 1952 година. Својата фудбалска кариера ја заврши во Тиквеш во 1963 година. Почина во Кавадарци во 1990 година. Граѓаните на општина Кавадарци, ФК Тиквеш како и ФСМ му се оддолжија со тоа што во негова чест и помен секоја година во Кавадарци се одржува традиционален фудбалски турнир, кој го носи неговото име.
**5. 7 септември 1976 г. 47** години од пуштање во употреба на" **Спомен Костурницата на паднатите борци од НОВ"**. Овој споменичен објект кој се наоѓа во градскиот парк "Љупчо Шкартов" е дело на проф. д-р Петар Муличковски и симболизира стара македонска куќа, која ќе биде вечен дом на паднатите борци и жртви на фашистичкиот терор од времето на НОВ и револуцијата 1941-45 година. Во внатрешноста се испишани имињата на 333 паднати борци од НОВ, а во внатрешноста се поместени моштите на сите загинати борци кој што можеле да се пренесат.

**6. 8 септември 1991 г.Ден на независноста на Републиката Македонија.** По прогласувањето на независноста на Словенија и Хрватска и Македонија одлучи да тргне по тој пат. На 15 јануари 1991 година Собранието на Македонија донесува

Декларација за сувереност и независност на Р.Македонија. Собранието носи решение за спроведување на Референдум за сувереност и независност, кој се одржа на 8 септември 1991 г. Од вкупно 1.495.807 граѓани со право на глас, 1.021. 981 се изјасниле за независност на Р.Македонија. 8 ми септември, денот кога Македонија ја прокламира својата независност е прогласен за државен празник. На 17 ноември 1991 година, Собранието го донесува и првиот Устав на независна и самостојна Република Македонија.

**7. 15 септември 1991 г**. Во воениот конфликт од 1991 г. покрај Гешовски и Тодоровски загина и **Мишко Митрев,** роден во 1954 година во Ваташа. Митрев загина како подофицер во ЈНА на 15 септември 1991 година при одбрана на касарната во Ѓаково.

**8. 8 ноември 1971 г. 52** години од формирањето на **Атлетскиот клуб „Тиквеш“.** Во 1971 година група на ентузијасти меѓу кои Горчо Илиев, Симо Младеновски, Коста Марковски и др. на 8 ноември го одржале основачкото собрание на АК “Тиквеш“. За претседател на клубот е избран Симе Младеновски, а за тренер Горчо Илиев. Прва активност на овој спортски клуб од Кавадарци била уличната трка на која учество зедоа младинци од Кавадарци и Неготино, како и војниците од Криволак. Клубот под раководство на тренерот Горчо Илиев успешно работи две години, а потоа на негово место доаѓа Драги Димитров. Активноста на клубот продолжила уште околу 8 месеци. По иницијатива на наставниците Андон Стоев и Горчо Илиев клубот повторно започнал со активност во јануари 1977 година. За тренери се назначени Андон Стоев и Горчо Илиев, а за претседател Киро Мајсторчев, Секретар Коста Марковски, а благајник Данчо Шемов. Клубот и атлетичарите имале големи успеси. Многу атлетичари биле државни рекордери во своите дисциплини, а некои прогласени за спортисти на годината во Кавадарци. Познати атлетичари од овој клуб биле: Лилјана Златева на 1000 и 3000 метри, Ратка Ѓорѓиева рекордерка на Македонија на 60, 100 и 200 метри, Горица Тасева рекордерка во фрлање на диск, Томе Филков рекордер на 1500 метри, Сашо Калеов рекордер во скок во височина, а Гоце Максимовски рекордер во пионерска конкуренција во скок во височина. Атлетскиот клуб “Тиквеш“ во 1979 и 1982 година е прогласен за најуспешен спортски клуб. АК “Тиквеш“ во 1985 година е севкупен победник на Републичкиот крос.

- **АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ЧЕСТВУВААТ СЕКОЈА ГОДИНА**

**Јануари**

**4 јануари 1943 г, 80** години од убиството на Народниот херој **Страшо Пинџур**. Роден на 5 март 1915 г. во Струмица, каде неговиот татко работи како учител. Завршил Правен факултет во 1940 г. По капитулацијата на Југославија станал инструктор на ПК на Македонија, а потоа и член на Покраинскиот комитет. Во јуни 1942 година е именуван за член на Главниот штаб на Македонија. Во декември 1942 г. е уапсен од бугарската полиција и по долго мачење убиен во скопскиот обаластен затвор на 4 јануари 1943 год.

Предлог на Локален Музеј – галерија Кавадарци е во иднина да се чествува 5 март раѓањето на Народниот херој Страшо Пинџур. ООУ „Страшо Пинџур“ својот патрон го празнува на денот на раѓањето на херојот.

**Февруари**

**2-25 февруари 1944г, 79** години од **Февруарскиот поход**, поход на Народноослободителната војска на Македонија, која во февруари 1944 година извршила оперативни дејства на територијата на источна, централна и западна Македонија. Во походот учествуваат борците на Втората македонска ударна бригада, Првата македонско- косовска бригада и група баталјони на НОВ и ПО на Македонија. Втората македонска бригада во која поголемиот дел од борците се од Тиквешко, дејствувале помеѓу Тиквеш и Гевгелиско, преземајќи офанзивни дејства према Кавадарци и Демир-Капија. Походот трае до 25 февруари 1944 година, при зимски услови, висок снег и многу ниски температури а притоа водејќи жестоки борби со фашистичките сили. Успешното изведување на Февруарскиот поход имало големо политичко и воено значење за развитокот на НОВ во Македонија воопшто.

**Март**

**2 март 1942 г. 81 г.** од смртта на **Лазо Филиповски – Лавски**. Роден е во с. Мрзен Ораовец – Кавадаречко на 6 април 1918 година. Рано останал без мајка и работи како пекар во Градско, а во Велес започнува неговата револуционерна дејност. Во 1937 година заминал на работа во Белград каде се вклучил во тамошното синдикално движење. По окупацијата на нашата земја станал член на Местниот комитет на КП за Прилеп и инструктор за ракување со оружје. Во почетокот на март заминал по партиска задача во Кавадарци со намера да донесат оружје и муниција. На враќање заедно со Борка Талевски наидуваат на бугарска заседа и во таа борба загинале двајцата. За Народен херој е прогласен на 11 октомври 1953 година.

**Април**

**4 април 1919 г.104** години од раѓањето на првоборецот **Лазо Мицев-Рале.** Роден е во Кавадарци во 1919 година. Во младоста бил берберски работник, а во редовите на револуционерното движење се вклучил во 1941 година. Станал борец во партизанскиот одред "Добри Даскалов", а во Втората македонска бригада е од нејзиното формирање. Загинал кај селото Тресино пред 77 години во борба против германските сили на 15 април 1944 година.

**7 април1944 г.** 79 години од загинувањето на Народните херои на Македонија **Киро Крстев и Димче Мирчев**. Во нерамна борба против бугарската војска во куќата на Иге Златев во близина на Градскиот парк, против многубројниот окупатор на 7 април 1944 година загинаа Киро Крстев и Димче Мирчев.

**Мај**

**1 мај1914 г.** 109 години од организирањето на **првата првомајска прослава** во Кавадарци. На овој ден 1914 г. во Кавадарци била организирана првата првомајска прослава, која по својата масовност и содржини не била направена на начин како што тоа било во поголемите градски центри во Македонија како Скопје, Битола и други градови, каде што работничкото движење имало подлабоки корени и поголема традиција. По иницијатива на Социјалдемократската партија во Кавадарци во централниот дел на градот се собрала една поголема група на граѓани, а на присутните им се обратил претседателот на партијата Владо Митков, од собирот била упатена поздравна телеграма до централната првомајска прослава во Скопје.

**4 мај 1903 г. 120 години од убиството на Гоце Делчев** во село Баница (Серско). На 4 мај 1903 година, во нерамна борба со турската војска и полиција загина апостолот на македонското револуционерно народноослободително движење. Еден од најзначајните личности од поновата историја на македонскиот народ. Гоце беше роден во Кукуш на 4 февруари 1872 година. По професија бил учител. Делчев е значаен и за развојот на

револуционерното движење во Тиквешијата, на два пати престојува во овој крај. Во септември 1901 година, значително ја консолидира работата на револуционерната организација во целиот Тиквешки револуционерен реон и по втор пат доаѓа во октомври 1902 година.

**4 мај 1912 г. 111** години од загинувањето на уште еден великан од македонската историја **Пере Тошев.**Роден е во Прилеп во 1865 година. Пере Тошев често престојувал во Кавадарци бидејќи неговата мајка потекнува од Ваташа, а имал и голем имот кај село Фариш. Се школувал во Прилеп и Битола, а како учител работел во неколку града во Македонија, бил и училишен инспектор во Солунскиот вилает. Тој е еден од основоположниците на ТМОРО, а подоцна успеал да формира ограноци на организацијата во Прилеп, Битола и Скопје. По Солунската провала бил затворен во Подрум Кале во 1901 до 1902 година, по амнестијата се вратил во Македонија и ја продолжил револуционерната дејност. Учествува во Илинденското востание во борбите кај прилепско и мариовско. За време на Прилепскиот конгрес изработил Проект - правилник од 142 члена. Учествува и во работата на Рилскиот конгрес во 1905 година, каде го изготвил Правилникот на Организацијатаод 216 члена. Дејствувал и во Серскиот округ со четата на Јане Сандански.
Во 1912 година по предавството што го извршил Турчинот Дељо од селото Дреново во Дреновската клисура бил убиен Пере Тошев.

**6 мај 1991 г.32** години од загинувањето на **Сашко Гешовски,** припадник на ЈНА. Роден е во Кавадарци на 31 октомври 1971 година, основно и средно училиште завршил во Кавадарци. По завршување на средното образование заминал на отслужување на воениот рок во ЈНА во Сплит – Р.Хрватска. На 6 мај 1991 година во него пука маскиран припадник на МУП на Република Хрватска и смртно го погодил со 4 куршуми. Гешовски во критичниот момент бил на задача пред зградата на Воено поморската област во Сплит. Тој беше првата жртва во конфликтот што предизвика распад на Југославија во 1991 година. На 7 мај во Кавадарци се одржа протестен митинг на кого учествува речиси целото население од градот и околината, за да го искажат својот револт за смртта на својот сограѓанин, кои палеа свеќи на градскиот плоштад во чест на Гешовски. Неговото тело со воен хеликоптер беше пренесено во Кавадарци. На погребот присуствуваа повеќе од 20.000 граѓани, дојдени од сите краишта напоранешна Југославија. Во Кавадарци беше прогласена тридневна жалост.

**9 Мај 1945 г**. се одбележува како **Ден на победата над фашизмот** и **Ден на Европа(1950) г.,** во знак на сеќавање на завршувањето на Втората светска војна во Европа во 1945 година и почеток на создавањето на Европската унија, пет години подоцна.
На 9 мај 1945 година Германија ја потпишува својата безусловна капитулација во Втората светска војна, во која животот го загубиле околу 55 милиони лица, од кои речиси 31 милион цивили, а повредени се околу 35 милиони луѓе. Војната се водела на териториите на тогашни 60 држави. Втората светска војна била првата војна водена во Европа, Азија и Африка, како и во водите на Медитеранот, Пацификот и Атлантикот. Војната е официјално завршена неколку месеци подоцна, со капитулацијата на Јапонија, но во Европа денешниот ден се одбележува како Ден на победата над Фашизмот.
На 9 мај 1945 година советскиот маршал Георгиј Жуков пред сојузниците го ратификувал договорот за германската капитулација, кој еден ден порано во име на

Третиот рајх го потпишал генерал фелдмаршал Вилхелм Кајтел. Тој ден, кога престанало најголемото крвопролевање во историјата на човештвото, крвопролевање започнато од поддржувачите на фашистичката идеологија, Европа со гордост извикнала: Никогаш повеќе!

Еден од најзначајните датуми во Европа, 9 мај, се одбележува и како **Ден на Европа,** бидејќи пет години по германската капитулација, на **9 мај 1950** година, Роберт Шуман, тогашен министер за надворешни работи на Франција, го претставил својот предлог за формирање на Европска заедница за јаглен и челик. Овој предлог, познат како Шуманова декларација, се смета за почеток на формирањето на денешната Европска унија. Декларацијата била предлог за поранешните непријатели Франција и Германија, да воспостават организација која заеднички ќе управува со нивните индустрии за јаглен и челик, со цел војната во Европа никогаш да не се повтори. Предлогот довел до создавање Европска заедница за јаглен и челик во 1951 година, претходник на Европската економска заедница, односно денешната ЕУ. Овие два важни настана во историјата на Европа, како и секоја година, се одбележуваат со оддавање почит на жртвите на фашизмот и паднатите борци во Втората светска војна и како ден кога се прославува единството и мирот на стариот континент. Меѓу другото, 9 мај треба да послужи и како потсетник дека борбата не е завршена, да се бориме секојдневно за рамноправност и почит меѓу луѓето без оглед на нацијата, верата, расата и полот кои се цивилизациски вредности кои што мора да се негуваат.

**12 мај1944 г.79** години од загинувањето на првоборецот **Мара Димова – Анка.** Во редовите на НО движење е вклучена уште од 1941 година. Во мај 1943 година пристапила во одредот “Добри Даскалов“, каде е член на санитарната служба во одредот. Загина како борец на Втора македонска бригада на 12 мај 1944 година во Егејска Македонија, како последица од тешкото ранување.

**14 мај 1943 г. 80** години од формирањето на **тиквешкиот партизански одред“Добри Даскалов“,** на планината Вишешница, една од најголемите и најборбените партизански единици во тој период под фашистичка окупација. Одредот води големи борби во селата: Гарниково, Бојанчиште, Драгожел, караулите “Шаренка“ и “Порта“. Подоцна станал јадро за формирање на баталјонот “Страшо Пинџур“.

**18 мај 1943 г. 80 г.** од загинувањето на првоборецот **Лазо Стојанов**, кој загина како последица од една акција што борците од одредот „Добри Даскалов“ ја изведоа во с. Бојанчиште против бугарската војска.

**19 мај 1943 г. 80г.** од загинувањето на првоборците Миле В'чков и Цано Поп Ристов. Двајцата другари се стрелани од страна на бугарската војска во месноста Фаришка Клисура, откако биле претходно заробени по акцијата на нивниот одред во с. Бојанчиште на 18 мај 1943 г.

**Јуни**
**7 јуни 1943 г. 80** години од убиството на народниот херој **Блажо Тодоровски** – **Чичето**.
На 13 април 1902 година во село Ресава, пред 118 години е роден Народниот херој на Македонија Блажо Тодоровски - Чичето.

Потекнува од сиромашно земјоделско семејство и од мали нозе ги извршувал најтешките физички работи. Млад се оженил и основал свое семејство. По природа бил бунтовен и непоколеблив.
Во напредното движење се вклучил во 1938 година, во агитацијата за Парламентарните избори и заедно со Страшо Пинџур, Тошо Велков и др. ја подржувале кандидатурата на д-р Илија Чулев. Соработува со Димката Габерот кој во 1938 година бил учител во с. Дабниште.
Станал член на Комунистичката партија во 1941 год., и помага за време на престојот на велешките партизани во одредот "Димитар Влахов" на територијата на ресавскиот атар и ја предводел десетината во првата борбена акција во неговото село Ресава.
Во почетокот на 1943 година заедно со Димката Габерот, Никола Минчев, Б. Крстиќ, Мито Хаџи Василев и др. бараат погодни бази за формирање на идниот партизански одред "Добри Даскалов".
На денот на формирањето на одредот "Добри Даскалов" на 14 мај 1943 година, Блажо е меѓу првите негови борци и бил заменик командир на првата чета на одредот. Загина во Јунската офанзива што ја презедоа фашистичките војски за уништување на напредното движење во овој крај на 07.06.1943 година кај село Никодин, тој е тешко ранет и за да не падне жив во рацете на окупаторот се самоубива.
Прогласен е за Народен херој на Македонија на 11 октомври 1953 година.
**10 јуни 1943 г.80** години од загинувањето на Димката Ангелов – Габерот, Пано Мударов – Фрањо, Ило Виларов – Сокол и Стојан Крстев.
**Димката Ангелов – Габерот** е роден во виорот на Првата светска војна на 17 октомври 1916 година во селото Ваташа, како второ дете на Ленка и Ташо Ангелови. Основно образование заврши во своето родно село, а нижа трикласна гимназија во Кавадарци. Уште од најмладите години по карактер бил немирен, енергичен, бунтовен. Она што посебно го одликува била неговата неизмерна љубов и почит кон слободата, кон човекот и кон својот народ. Во кругот на своите другари и пријатели бил весел, интересен соговорник и голем шегаџија. Во 1930 година се запишува на учителската школа во Белград, а со диплома се стекнал во Неготин Краина. Таму доаѓадо израз неговиот бурен темперамент, не ја трпи неправдата, ги критикува неправилните постапки на своите професори. Со диплома на учител, невработен, го прави својот прв јавен испад во 1936 година на плоштадот во Кавадарци, каде пред голема маса народ отворено и смело ја напаѓа експлоататорската политика на владата на Милан Стојадиновиќ. По загинувањето на Димката на 10.06.1943 година останаа многу дилеми, меѓу кои и денес ја разбрануваат јавноста во целиот тиквешки крај. Токму таа негова храброст и мистерија околу неговото загинување го направи да биде легенда на Тиквешијата.
**13 јуни 1943 г. 80** години од стрелањето на партизани и родољуби на Фаришката клисура, за време на Јунската офанзива од 7 до 16 јуни 1943 година.
**16 јуни 1943 г.80** година од стрелањето на **12-те младинци** од селото Ваташа во месноста "Моклиште". Младинците се на возраст од 15 до 28 години, а по извршеното стрелање нивните безживотни тела се масакрирани, што претставува едно од најгрозоморните злосторства што бугарската војска ги има извршено во Македонија во текот на Втората светска војна.
**19 јуни 1913г. 110** години од **Тиквешкото востание** (1913г.), ова востание претставува првиот масовен вооружен протест на населението од Тиквешијата против штотуку воспоставениот воено-административен режим во Тиквешијата, во периодот помеѓу двете Балкански војни. Воспоставувањето на српската воено-административна управа во Тиквешијата довела до замирање на секаква стопанска, општествена и културна дејност во овој крај. Востанието е задушено на 25 јуни од страна на голема

српска војска. Како последица од Тиквешкото востание во Кавадарци се стрелани 25 души, вкупно загинати се 545 луѓе во Тиквешијата како репресија за кренатото востание.

**Јули**

**1 јули 2001 г. 22 г. од загинувањето на Блашко Толев**, роден на 30 март 1981 година во кавадаречкото село Марена.

Како припадник на АРМ загина во воениот конфликт на 01 јули 2001 година на Тетовското Кале од минофрлачка граната, испукана од страна на албанските терористи. Толев во октомври 2000 година заминува од Тиквешијата да го изврши долгот и го отслужи воениот рок во АРМ, прво во Битола, а потоа во Штип. Кога започна воениот конфликт 2001 година, тој активно зема учество во борбите во Тетовско и Кумановско.

Блашко Толев беше прва жртва од овој крај во конфликтот од 2001 година. Како припадник на редовниот состав на Армијата на Република Македонија на само 20 години го жртвува својот живот за одбраната на Македонија. Вечен останува споменот како и паметникот над неговиот гроб во кавадаречкото село Марена.

Постхумно е одликуван со медал за храброст.

**13 јули 1941 г.82** години од убиството на**Диме Поп Атанасов.**

Роден е во село Страмашево во 1918 година. Неговото семејство се преселило во Кавадарци каде што завршил основно образование и Граѓанско училиште до 4 клас. Немајќи финансиски можности да го продолжи школувањето, работи како шивачки калфа. По извесно време се вработува во општинската управа во Кавадарци како општински писар. Тој е еден од иницијаторите за отворање на градско читалиште и библиотека во Кавадарци. Во таа иницијатива се вклучиле: Страшо Пинџур, Димката Ангелов, Никола Минчев, Мито Хаџи Василев и др. Во 1937 година Диме е иницијатор за формирање на илегална симпатизерска група во која членуваат: Киро Спанџов, Илчо Стефановски, Методија Димовски и Диме Боцев – содаџијата. Во 1940 година Диме Поп Атанасов е примен во редовите на скоевската организација од страна на Мито Хаџи Василев, заедно со Киро Крстев, Пешо Кимов и Глигор Гечевски. Потоа и член на МК на СКОЈ за Кавадарци. Во 1941 година активно се вклучил на повикот на Месниот комитет на КПМ од Кавадарци за прибирање на оружје и друг потребен воен материјал и негово складирање на сигурни места. Бил назначен и за секретар на читалиштето. Во една таква акција во с. Горни Дисан (Неготинско) заминуваат: Диме Поп Атанасов, Атанас Златев и Александар (Ацо) Ицев. Предадени од домашни предавници и бугарската војска на пат за Кавадарци во нив пука еден падар при што бил смртно погоден на 13.07.1941 година. Диме Поп Атанасов преставува прва жртва на фашизмот дадена во Тиквешијата и Македонија непосредно по окупацијата на Македонија.

**15 јули 1894 г. 129** години од формирањето на првиот комитет на македонската революционерна организација **(ТМОРО) во Кавадарци**, прв во Македонија по Солунскиот. Сите останати комитети во Македонија се формирани подоцна. На денешен ден во 1894 година Дамјан Груев дошол во Кавадарци и веднаш го побарал Иванче Минчев, негов соученик од солунската гимназија со намера да му обезбеди луѓе со кои ќе говори за училишните и црковните проблеми во Тиквешката каза. Набргу Даме се уверил дека има работа со сериозни и предани луѓе пред кои не треба да има никакви тајни. Тогаш ги запрашал дали и тие би сакале да станат членови на таква организација чија што цел е извојување на политичка слобода по пат на револуционерна борба. Откако добил потврден одговор Даме го извадил преписот од статутот на организацијата и пред евангелието, револверот и камата положиле заклетва

на верност спрема организацијата. Во првиот состав на организацијата влегле четворица членови и тоа: Пане Иванов - претседател и главен учител во кавадаречкото основно училиште, а за членови биле избрани: Иванче Минчев - чиновник и учител, Јованче Велков - трговец и претседател на црковно училишната општина и Јанаќи Илиев Ќурчиев - трговец и кожар. Следниот ден во ваташкото училиште се формирал комитет на ТМОРО во кои влегле: Тодор Поп Андов, Лазо Сојтериев, Коцо Јорданов, Зарко Димов, Трајче Дубров и Пано Поцев.

**26 јули 1991 г.** Во воениот конфликт во 1991 година покрај Сашко Гешовски од Кавадарци загина и **ПетреТодоровски**, роден во 1971 година. Тодоровски загина како припадник на ЈНА на 26 јули 1991 година во касарната Љубљана – Поље, Р. Словенија. Својот млад живот го загуби како војник, додека бил на стража.

**Август**

**1 август 1968 г. 55** години од смртта на **Мито Хаџи Василев – Јасмин.** Јасмин е роден на 21 декември 1922 година во Кавадарци, каде завршил основно училиште и нижа гимназија, а потоа продолжил во Битола. Мито Хаџи Василев е македонски комунист, политичар и новинар. Студирал на правниот факултет во Белград. Во 1940 година е примен во членството во КПЈ и бил член на МК на КПЈ, секретар на СКОЈ во Кавадарци, член на Вториот обласен комитет на КПМ, заменик политички комесар на Третата оперативна зона и на Втората бригада и член на Обласниот комитет на НОО во Битола. По ослободувањето, од крајот на 1945 година до 1 јануари 1948 г. е главен и одговорен уредник на "Нова Македонија" Во 1962 година повторно е именуван за главен уредник на весникот "Нова Македонија". Избран е за прв претседател на Здружението на новинарите на Македонија. Јасмин е член на највисоките партиски и државни органи на Републиката. На Првиот конгрес на КПМ бил избран за кандидат, а потоа и за член на ЦК КПМ. На Вториот и Третиот конгрес на КПМ повторно е избран во највисокото партиско раководство, а на Седмиот конгрес на СКЈ за член на Централниот комитет. Од 1957 година бил претседател на Идеолошката комисија на ЦК СКМ, а од 1964 до 1967 г. е член на ИК на ЦК СКМ и секретар на ЦК СКМ за идеолошкиот сектор. Бил и член на Претседателството и Претседател на Собранието на Македонија со едногодишен мандат од 12 мај 1967 година. Учествува во издавањето на речиси сите централни весници во Македонија во 1944 година. Еден е од првите главни и одговорни уредници на "Нова Македонија". Неговата публицистичка и теоретска дејност е собрана и објавена во неколку томови. Автор е на повеќе книги и брошури од областа на македонската национална историја од кои: „ВМРО Обединета", „Јане Сандански", и „За великобугарскиот шовинизам". Од областа на општествените науки: „Свртени кон човекот", „СКЈ и непосредната демократија" и др. Во негова чест од 1969 година во Македонија се доделува државната награда „Мито Хаџи Василев – Јасмин", со која се оддава признание за остварување во областа на публицистиката и новинарството. Загина во сообраќајна несреќа во Брела (Макарска – Хрватска) на 1 август 1968 година на 46 годишна возраст.

**2 август 1903** година е една од најзначајните години во историјата на македонското револуционерно движење и воопшто во историјата на македонскиот народ. На 2 август (**Илинден)** пред 120 години во Македонија избувна големо востание на македонскиот народ против Османлиската власт. Конгресот на Битолскиот револуционерен округ, одржан во Смилево од 02-07 мај, одлучил да се крене општо ослободително востание и избрал Главен востанички штаб кој донел одлука востанието да започне на денот Св. Илија.

Македонија била поделена на 6 востанички окрузи, а седмиот округ било Одринско. Тиквешко бил вклучен во вториот востанички округ "Кожуф". Востаничките сили иако

недоволно подготвени презеле нападни дејства во сите востанички реони. Востаниците од Крушевскиот востанички реон успеваат да го ослободат Крушево, каде беше прогласена Крушевска Република, прва република во историјата на Балканските народи, со Совет и Привремена Влада, избрани од народот. Организатор и водач на Крушевската Република беше македонскиот револуционер - социјалист, учителот Никола Карев, со помош на началникот на револуционерниот одред Питу Гули, по националност Влав. Привремената Влада извршила мобилизација на машкото население способно за борба. Во селата со муслиманско население бил упатен повик, познат како Крушевски манифест во кој се соопштувало дека македонскиот народ се кренал на оружена борба против тиранската власт и насилниците, а не против сиромашното муслиманско население... Крушевската Република имаше многу краток век до 13 август, таа живееше како автономна држава, симболизирајќи ја борбата на македонскиот народ за ослободување. Питу Гули со четата одлучува да се бори до крај по што Крушево е повторно завземено, ограбено и опожарено. Европските големи сили имале свои интереси во османлиската држава и во регионот, биле против оружено востание во Македонија и Одринско. Владата во Турција добила полна слобода да ги употреби сите сили и средства за задушување на востанието. Соседните балкански држави биле исто толку заинтересирани за ликвидирање на востанието и за уништување на Македонската револуционерна организација. При целосна изолираност востаничките сили опстоиле до пред крајот на 1903 година.

**2 август1944** г. **79** години од одржувањето на **Првото заседание на АСНОМ** во манастирот Св.Прохор Пчински. Од Кавадаречка околија на заседанието присуствувале: Никола Минчев, Диме Туриманџовски, Јован Радњански, Методија Џунов и Јован Ѓелев поп Шаќо.

**18 август 1943 г.** Ден на АРМ(од 1992) г. На 18 август 1943 г. на Славеј планина со наредба на Штабот на втората оперативна зона бил формиран прво баталјон на НОВМ „Мирче Ацев“, составен од борците на партизанските одреди “Даме Груев“ и “Димитар Влахов“. Ова е првата регуларна воена единица на македонскиот народ во НОБ.

**25 август 1944 г.79** години од формирањето на **Првата македонска НО дивизија** (41 југословенска). Имено на овој ден во с. Шешково од бригадите: Втора, Девета и Десета е формирана Првата македонска дивизија. Штабот го сочинувале:Тихомир Милошевски- командант, Лазар Калајџиевски - зам. командант, Наум Наумовски- полит. комесар и Коле Јовановски - зам. полит. комесар. Формирањето на Првата македонска дивизија беше еден од најзначајните настани во развојот на Народноослободителната војна во Македонија. До крајот на декември 1944 година дивизијата учествува во чистење на реонот на Качаник, Урошевац и Бујановац од одметнатите балистички банди, при што е заробено големо количество на оружје и воена опрема.

**Септември**

**7 септември 1944 година 79 години од ослободувањето на Кавадарци.**

Во селото Шешково на околу 16 км. западно од Кавадарци на 25 август 1944 година е формирана Првата македонска дивизија или (41 југословенска). Во состав на оваа дивизија се наоѓаат IX, X и XI како и Втората македонска бригада. На 2 септември 1944 година Деветтата македонска бригада под водство на командантот Најдо Стаменин - Орлов извршила многу успешна акција во селото Крњево, напаѓајќи го бугарскиот фашистички гарнизон со 1.350 војници. Оваа бригада дејствувала во Тиквешијата на комуникацијата Велес – Гевгелија. Главна цел на

бригадата било ослободувањето на Кавадарци. Покрај постоечките три баталјони, бил формиран уште еден четврти, па така организирана и вооружена бригадата на 6 септември 1944 година се упатила кон Кавадарци. Членовите на НОО од Ваташа, пред влезот во селото ја пречекале бригадата на која и подариле црвено македонско знаме, изработено од младинките од Ваташа. Во попладневните часови бригадата пристигнала во Кавадарци. На борците од бригадата која скоро без борба го освоила градот и бил организиран свечен ручек, на кој населението се здружило со борците од бригадата. Командантот на бригадата одржал смотра, а бил одржан и митинг. Пред насобраните граѓани со пригодни зборови се обратил политичкиот комесар на бригадата Ристо Стојанов - Железни, а по него говорел и командантот Најдо Стаменин- Орлов, кој зборувал за успесите на народноослободителната војска, како и жртвите што таа ги даде за ослободување на нашата земја. По одржаниот митинг со почесен плотун им е оддадена почест на сите загинати борци од овој крај. Можност да се приклучат кон НО војска им била дадена на бугарските војници кои биле стационирани во касарните во Кавадарци, а со тоа и заеднички во иднина да се борат против германските фашисти. Бугарските војници не се согласиле со овој предлог, по што со воена придружба биле упатени кон бугарската граница. По четиригодишна окупација на денешен ден 7 септември во 1944 година , Кавадарци бил конечно ослободен. Во текот на војната загинаа 333 борци и жртви на фашистичкиот терор од општина Кавадарци, а тројца од нив се прогласени за Народни херои.

**8 септември 1991 г. Ден на независноста на Републиката Македонија.**

По прогласувањето на независноста на Словенија и Хрватска и Македонија одлучи да тргне по тој пат. На 15 јануари 1991 година Собранието на Македонија донесува Декларација за сувереност и независност на Р.Македонија. Собранието носи решение за спроведување на Референдум за сувереност и независност, кој се одржа на 8 септември 1991 г. Од вкупно 1.495.807 граѓани со право на глас, 1.021. 981 се изјасниле за независност на Р.Македонија. 8 септември, денот кога Македонија ја прокламира својата независност е прогласен за државен празник. На 17 ноември 1991 година, Собранието го донесува и првиот Устав на независна и самостојна Република Македонија.

**15 септември 1991 г**. Во воениот конфликт од 1991 г. покрај Гешовски и Тодоровски загина и **Мишко Митрев,** роден во 1954 година во Ваташа. Митрев загина како подофицер во ЈНА на 15 септември 1991 година при одбрана на касарната во Ѓаково.

**Октомври**

**11 октомври 1941 г. 82** години **Ден на народното востание на македонскиот народ.** Востанието е кренато против фашизмот и со тоа започнува борбата за ослободување на македонскиот народ. За почеток на востанието против фашизмот во Македонија се смета нападот кој Прилепскиот партизански одред „Гоце Делчев" го извршува во Прилеп на 11 октомври 1941 година. Дејствија има и во Куманово. На 12 октомври 1941 година, во областа Студена вода е формиран Кумановскиот (Козјачки) партизански одред. Иако активноста на овие први партизански одреди е скромна, таа претставува иницијална каписла за продолжување на борбата.

**17 октомври 1916 г.107** години од раѓањето на **Димката Ангелов - Габерот**, роден е во Ваташа 1916 година. Завршил основно училиште и нижа гимназија, а Учителска школа во Белград и Неготин Краина. Работи како учител во селата Радња, Дабниште,

Горни Д'бник. Бил член на Месниот и Воениот комитет во Кавадарци, а од март 1943 година политички комесар на Трета оперативна зона. Кога на 14 мај 1943 година е формиран тиквешкиот партизански одред Габерот бил именуван за политички комесар. На 10 јуни 1943 година загинал во заседа поставена од страна на бугарската војска кај месноста "Торкови лаки", близу Клинска леса, заедно со Ило Виларов, Пано Мударов и Стојан Крстев.

**23 октомври 1893 г. 130 години - Ден на Македонската револуционерна борба.** Македонската Револуционерна Организација (МРО), е политичка организација формирана на 23 октомври 1893 година во куќата на книжарот Иван Хаџи Николов во Солун. Нејзините темели ги поставиле шестмина револуционери - интелектуалци: Даме Груев - професор, Петар Поп Арсов - професор, Д-р Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов - книжар, Христо Батанциев - професор и Андон Димитров - учител. МРО по одржаниот Рилски конгрес во 1905 година името го менува во ВМРО. Организацијата имала за цел по пат на вооружена борба да се извојува политичка автономија на Македонија и Одринско. Први обиди за формирање на Организацијата се датираат од крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години на 19 век, кога Пере Тошев му напишал писмо на Ѓорче Петров да формираат организација за ослободување. Во 1892 година кај Иван Хаџи Николов созреала идејата дека само една организација може да го пресече патот на Бугарската, Српската и Грчката пропаганда, како и да ја принудат Турција да ги почитува решенијата на Берлинскиот конгрес, особено чл. 23 во кој биле предвидени реформи во земјата. Според Иван Хаџи Николов биле прифатени следните начела: **1**.Организацијата да е тајна и револуционерна. **2.** Нејзината територија да ја сочинува само Македонија во нејзините географски и етнографски граници, поради што ќе се нарекува Внатрешна. **3.** Во неа ќе членуваат родени и лица што живеат во Македонија без разлика на вера и народност. **4.**Политиката на организираните македонци е автономија на Македонија**. 5.** Да се чува самостојноста на организацијата за да не падне под влијание на политиката на соседните држави. За реализирање на сите овие задачи било неопходно брзо ширење и омасовување на организацијата. Во неа подоцна се вклучиле: Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Јане Сандански, Иванче Минчев, Јованче Велков и др. Во Солун 1894 година е избран првиот Централен Комитет на чело со Христо Татарчев како претседател, и Даме Груев како секретар. Првиот Устав на Организацијата го напишал професорот Петар Поп Арсов.

**Ноември**

**2 ноември 1915 г**. **108** години од раѓањето на **Никола Минчев - Јане**. Минчев е прв министер за образование во Македонија. Никола Минчев е командант на првиот тиквешки партизански одред "Добри Даскалов", делегат на АСНОМ и член на Президиумот на АСНОМ. По војната при изборот на првата Влада на Р. Македонија бил избран за прв министер за образование. Бил министер за финансии во Белград во Владата на ФНРЈ и директор на Сојузниот завод за стопанско планирање. Во 1965 година се враќа во Македонија каде ги извршува овие функции: Претседател на Собранието на Р. Македонија и Претседател на Владата на Р.Македонија; Член на Советот на федерацијата се до неговото пензионирање, како член на Советот на федерацијата волонтерски ја извршува функцијата директор на металуршкиот комбинат ФЕНИ во Кавадарци.

Почина во Скопје на 6 април 1997 година.

**8 ноември 1914 г. 109** години од раѓањето на **Диме Туриманџов - Горски**. Роден е во Кавадарци на 8 ноември 1914 година. Потекнува од сиромашно семејство. Основно образование завршил во Кавадарци, а гимназија во Крагуевац каде завршил 5 и 6 клас, а во Неготин Краина 7 клас, за 8 клас и матура учи повторно во Крагуевац. Се запишува на воената академија во Белград во учебната 1932/33 година. По завршување

на истата се стекнува со чин потпоручник и испратен на работа во Битола. Во јануари 1941 година Диме е преместен на работа во Штип, каде и го затекнува почетокот на Втората светска војна. Станува член на КП. На 2 август 1943 година илегално доаѓа во Кавадарци, се поврзува со партиската организација и се вклучува во партизанскиот одред “Добри Даскалов“. Во одредот го добива партизанското име Горски. Назначен е за Командант на баталјонот “Страшо Пинџур“, формиран на 24 септември 1943 година. На 20 декември 1943 година беше формирана Втора македонска ударна бригада, Горски е назначен за командант на бригадата. На 2 август 1944 година како делегат од Кавадарци присуствува на Првото заседание на АСНОМ. Загина во авионска несреќа во близина на Краљево на 11 октомври 1945 година.
**8 ноември 1944** г. **79 години** од битката кај **“Смеса“** близу Стоби, каде се воделе жестоки борби помеѓу партизаните и фашистичкиот окупатор кој се обидуваше да се пробие од Грција (Лерин), повлекувајќи се на север. Во овие борби загинаа 12 партизани и многу повеќе Германци. Дошло до решавачка улога во спречувањето на фашистите при повлекувањето да направат голем терор во Тиквешијата.
**13 ноември 1882 г. 141 години од раѓањето на Добри Захарија Даскалов**. Тиквешки револуционер и војвода, роден на 13.11.1882 год. во Кавадарци. Во 1896/97 година своето образование го продолжил во Самоков, каде станал член на револуционерниот кружок “Трајко Китинчев“, основан од страна на Гоце Делчев. Во кружокот најблиски другари му се Петар Југуков и тиквешанецот Пешо Самарџиев. Нивна цел била да работат и да се борат за идејата за ослободување на македонскиот народ од повеќе вековното османлиско ропство. Во 1901 година со само 19 години станал член на револуционерната чета на Јане Сандански. Во 1902 година Даскалов започнал со интензивна револуционерна активност, подготовка на населението од Тиквешијата за вооружена борба. Добри Даскалов бил предложен и избран за делегат на Солунскиот конгрес кој се одржал на 2 јануари 1903 година, меѓутоа во тој период се наоѓал во затвор. Во пролетта 1904 година војводата Даскалов влегол во Тиквешијата на чело на една добро опремена и обучена чета. Од Околискиот комитет со седиште во Кавадарци бил именуван за тиквешки војвода. Во јуни 1905 година како делегат од Тиквешијата учествува на Солунскиот конгрес. Следниот месец малата револуционерна чета на Добри Даскалов покажала храброст во Ресавската борба, која води десетчасовна борба со десет пати побројната турска војска. Четата на Добри Даскалов во следните години води доста борби со турската војска. Добри Даскалов е убиен по наредба на војводата Милан Ѓурлуков од Прилеп, кој за оваа валкана работа го ангажирал Крсто Ристов Кимов од с. Грбавец, бивш четник во четата на Добри Даскалов на 20 јуни 1912 година пред портата од неговата куќа во Кавадарци. Со убиството на Даскалов и бил нанесен силен удар на Револуционерната организација во Тиквешијата.
**Декември**
**20 декември 1943 г.** **80** години од формирањето на **Втора македонска ударна бригада.** Со одлука на ГШ на НОВ и ПО на Македонија во Фуштани (Егејска Македонија) од баталјоните “Страшо Пинџур“, Вториот баталјон на третата оперативна зона и еден бугарски одред е формирана Втората македонска ударна бригада. Формиран е и штаб на бригадата. За командант е назначен Диме Туриманџовски – Горски, зам. командант Лазар Калајџиски – Добри, политички комесар Трифун Трифунов – Балкански и зам. политички комесар Мито Хаџи Василев – Јасмин. Бригадата води повеќе од 200 успешни борби, за што е одликувана со Орден заслуги за народ со златна ѕвезда и Орден братство и единство со златна ѕвезда.
**28 декември 1943 г. 80 години** од загинувањето на Киро Спанџов-Брко, заменик политички комесар на вториот баталјон на третата оперативна зона и Благој Крстиќ –

Јошка (загинал на 26 декември) ,заменик на политички комесар на трета чета на Вториот баталјон, првоборци од Кавадарци. Киро Спанџов – Брко, загинал на 28 декември 1943 година во борба против окупаторската војска кај пограничната караула Конско, Гевгелиско. ( Спомен биста во“ Паркот на револуцијата“- Кавадарци).

**Во 2023 година ќе се одбележат и други значајни дати и обележја кои се значајни за Кавадарци и истите ќе бидат одбележани со медиумска покриеност, одржување на трибини и свечени академии со цел граѓаните да бидат запознати со настани поврзани од поблиското и подалечното минато на нашиот град.**

**Значајни настани и личности кои се одбележуваат секоја година**

**4 јануари** – Годишнина од убиството на Народниот херој Страшо Пинџур во Спомен куќата во Ваташа.

**7 април –** Годишнина од убиството на Народните херои Киро Крстев и Димче Мирчев пред споменикот на влезот во Градскиот парк.

**12 мај** – Годишнина од смртта на првоборецот Мара Димова – Анка.
Одбележување пред бистата во “Паркот на Револуцијата“.

**14 мај –** Годишнина од формирањето на тиквешкиот партизански одред “Добри Даскалов“ на планината Вишешница.
Одбележување пред споменикот на влезот во с. Бојанчиште.

**16 јуни** – Годишнина од убиството на 12 те младинци во месноста Моклиште.
Одбележување пред споменикот подигнат во нивна чест во Моклиште.

**19 јуни** – Годишнина од Тиквешкото востание од 1913 година.
Одбележување пред споменикот во паркот “Полана“.

**15 јули** – Годишнина од формирањето на првиот комитет на Македонската Револуционерна Организација (ТМОРО) во Кавадарци во 1894 година прв во Македонија после Солунскиот.
Одбележување пред Спомен плочата во центарот на градот.

**7 септември** – Годишнина од ослободувањето на Кавадарци.
Одбележување пред “ Споменикот на Слободата и Револуцијата“ на Градскиот плоштад.

**23 октомври** – Годишнина од Македонската револуционерна борба (1893 г.).
Одбележување пред Спомен плочата во центарот на градот.

**8 ноември -** Годишнина од раѓањето на **Диме Туриманџов - Горски**.
Одбележување пред бистата во Паркот на Револуцијата.

**20 декември –**Годишнина од формирањето на Втората македонска ударна бригада.
Одбележување во Паркот на Револуцијата пред бистата на Диме Туриманџовски – Горски.

**Настани пред НОБ (1941 – 1945) г.**
**(Илинденски и предилинденски период)**

**1.** 1 ви мај –Меѓународен ден на трудот.
**2.** 4 ти мај - Гоце Делчев (1872 – 1903) г.
**3.** 4 ти мај – Пере Тошев (1865 – 1912) г.

**4.** 19 јуни – Тиквешко востание 1913 г.
**5.** 15 јули – ТМОРО во Кавадарци 1894 г. (формирање на првиот комитет на МРО после Солунскиот)
**6.** 2 август – Илинденско востание 1903 г.
**7.** 23 октомври – Македонска револуционерна организација 1893 г.
**8.** 13 ноември – Добри Захарија Даскалов (1882 – 1912) г.

**Најнова историја од 1991, 1992 и 2001 година**

**1.** 6 мај 1991 г. - 32 години од убиството на Сашко Гешовски од Кавадарци.
**2.** 1 јули 2001 г. – 22 години од убиството на Блашко Толев од с.Марена.
**3.** 26 јули 1991 г. – 32 години од убиството на Петре Тодоровски од Кавадарци.
**4.** 18 август 1992 г. – 31 години Ден на АРМ.
**5.** 8 септември 1991 г. – 32 години од независноста на Република Македонија.
**6.** 15 септември 1991 г. – 32 години од убиството на Мишко Митрев.

**III. Ликовна и уметничка дејност:**

1. **Глигор Чемерски (1940 - 2016), 9 години од неговата смрт.**

2. **Васил Хаџиманов (1906 – 1969), 118 години од неговото раѓање.**

3. **Отпочнување со работа на Музеј-галерија Кавадарци (1976 - 2022), 47 г.**

1. **Глигор Чемерски (09.03.1940 – 02.04.2016),**

**Јубилеј 9 години од неговата смрт**

**Г**лигор Чемерски остави огромна трага во македонската култура. Чемерски беше член на Македонската и почесен член на Руската академија на науките и уметностите. Уметник со безброј самостојни изложби, добитник на важни награди и признанија и еден од уметниците кои го одбележаа македонското модерно сликарство.
Чемерски е несомнено нашиот најобразован творец, сестран уметник кој се испроба и успеа во графиката, сликарството, мозаикот еден од ретките кои ја имаат способноста низ пишуваниот збор да ја изразат својата ликовна поетика. Автор е на монументални слики и мозаични композиции во кои до израз доаѓаат културните и уметничките слоеви во нашата земја. Посебно до израз доаѓа неговиот интерес за византиското сликарство во кај нас, отворајќи со него дијалог како сликар, но исто така и како извонреден есеист.

***Биографија***
Глигор Чемерски е роден на 9 март 1940 година во Кавадарци. По завршеното средно образование во Скопје се запишува на Академијата за ликовни уметности во Белград,

каде што дипломира во 1963 година. Потоа, на истата Академија завршува постдипломски студии и се стекнува со звање магистер по сликарство. Како стипендист на француската влада има студиски престој во Париз во 1969/1970 година. Оттгогаш реализирал повеќе студиски патувања во Египет, Грција, Италија, Холандија, Германија, Шведска и САД.
Уште пред да дипломира на Академијата за ликовни уметности ја има својата прва самостојна изложба ( со Насо Беќаровски ) во Скопје, во 1962 година. Оттгогаш до денес има околу четириесет самостојни изложби – во земјата и во странство ( Белград, Будва, Загреб, Александрија, Хаг, Париз, Вашингтон, Вилмингтон, Феетвил). Освен тоа учествувал на повеќе од осумдесет групни изложби во земјата и во странство ( Скопје, Белград, Загреб, Љубљана, Дубровник, Пореч, Париз, Рим, Александрија, Истанбул, Софија, Прага, Грац, Букурешт, Москва, Мадрид, Копенхаген, Мексико Сити, Њујорк, Хаг, Даблин, Белфаст, Глазгов, Лондон, Атина), од кои поголем број биле антологиски претставувања на современото југословенско или македонско сликарство. Последните години од својот живот Чемерски бил еден од постојаните сликари на "Galerie du Fleuve" во Париз.
Сликите на Глигор Чемерски се застапени во Музејот на современа уметност – Скопје, Уметничката галерија Даут-пашин амам, колекцијата на цртежи и графики во НУБ „Св. Климент Охридски", колекцијата во МАНУ, Музеј на Македонија – Скопје, Музеј – галерија Кавадарци, Уметничка галерија – Штип, Музејот на современа уметност – Белград, интернационалната колекција на музејот „Св. Кирил и Методиј" – Софија, Музејот на уметноста во Феетвил во САД, во колекцијата на Ватикан, како и во многубројни приватни колекции во Скопје, Париз, Амстердам, Стокхолм, Рим, Њујорк, Вашингтон, Вилмингтон, Феетвил и др.
Особено значаен дел од творештвото на Глигор Чемерски претставуваат неговите монументални споменици.

- „Топла земја"- Стопанска банка - Скопје (1971), современа техника на фреско-сликарството

- „Човекот и светлината" во ХЕЦ „Вруток" кај Гостивар (1975/76), 75 м2, Мозаик
- „Раѓање на културата" во Кавадарци (1976), 9 м2, Мозаик
- „На тиквешките танчарки" во Кавадарци (1977), 24 м2, Мозаик
- „Писма и пораки" во Кавадарци (1981), 12 м2, Мозаик
- „Споменик на слободата" во Кочани (1981). Овој последен споменик содржи во себе 330м2 мозаична површина, што претставува несомнено еден од најголемите потфати од овој вид во европски размери.

Својата богата ерудиција од областа на историјата на уметноста и од историјата на цивилизациите воопшто, Глигор Чемерски ја изразил во низа есеистички текстови што ги објавувал во нашата периодика, почнувајќи од 1957 година а исто така реализирал неколку театарски претстави во вид на целосна ликовна поставка – од сценографија, преку костимографија, до плакат.
Но, неговата суштествена вокација е без сомнение сликартсвото. За резултатите постигнати во оваа за него доминантна и средишна по значење област, Чемерски добил повеќе значајни награди и признанија. Почнувајќи од Првата награда за цртеж на Академијата за ликовни уметности во Белград (1960) и наградите што се редат во студентските денови, преку наградите на ДЛУМ „Нерешки мајстори" за сликартсво (1978); „Климент Охридски" за цртеж (1979); „Климент Охридски" за графика (1980); „Никола Мартиноски" за цртеж (1991); наградата „Гран при" на изложбата „Зимски салон" (1994) до анајвисоките награди „13 Ноември (1990) и „11 Октомври" (1975).

Избаран е за член на МАНУ во Одделението за уметност во 2012 година.
Од горенаведеното, несомнено е дека треба достојно да се одбележи јубилејот, 6 годони од смртта на овој познат македонски културен деец, во неговиот роден град, Кавадарци.
Одбележувањето на овој јубилеј би се реализирало на 2 Април, 2023 г, во просториите на Локален Музеј Галерија – Кавадарци, во соработка со сродни институции и приватни лица кои располагаат со негови дела.

2. **Васил Хаџиманов (14.01.1906 – 16.12.1969),**

**Јубилеј 117 години од неговото раѓање**

На 14.01.1906 година во Кавадарци роден е Васил Хаџиманов, еден од најпознатите македонски етномузиколози, мелографи и промотори на македонската народна музика и фолклор.
Васил Хаџиманов бил и член на Друштвото на композитори на Македонија, Друштвото на фолклористи на Македонија и Интернационалното здружение на фолклористи и етномузиколози во Лондон и Њујорк и учествувал на голем број меѓународни конгреси и симпозиуми ширум светот на кои го афирмира македонскиот фолклор и музика.
Неговата дејност опфаќа и настапи на радио и концерти (честопати хуманитарни, во служба на народот), диригирање со хор, патување со инструментални групи, собирање и истражување на фолклорот, печатење збирки...

***Биографија***

Завршил нижа гимназија во Кавадарци а гимназија во Скопје и Велес а во 1926 година се запишал на Фармацевскиот факултет во Загреб за да во 1935 година магистрира на истиот. Кога заминал за Загреб со себе понел околу 1000 македонски песни.
Со нотно запишување на македонски народни песни започнал во 1927 година,а нотното свирење и читање го научил самоуко и свирел скоро на сите жичани и дувачки музички инструменти.
Додека студирал во Загреб се прославил како најдобар изведувач на македонски народни песни што ширум му ги отвора вратите во Радио Загреб, Белград, Љубљана и други градови во Југославија.
Во 1935 година работел како наставник по музика во гимназијата во Кавадарци а во 1937 година започнал да ги снима своите први грамофонски плочи и истата година во Кавадарци ја формира "Тиквешката фолклорна група"
Во 1938 година Хаџиманов станува член на Здружението на Југословенски музички автори а во периодот до 1947 настапува на различни фестивали и радио станици каде добива многубројни награди.
Во 1947 година започнал да работи како музички уредник во Радио Скопје.
Во меѓувреме паралелно студира и во 1956 гоидна дипломира на Музичката Академија во Скопје.
Од вкупниот негов собирачки опус издадени се само 4 збирки македонски народни песни.
За време на својот живот собрал околу 8000 македонски народни песни, 800 албански, 500 тажалки и сите нив успеал да ги сочува од заборавот.
Од горенаведеното, несомнено е дека треба достојно да се одбележи овој јубилеј, 116 години од раѓањето на овој познат македонски етномузиколог, промотор на нашиот фолклор и музика, во неговиот роден град Кавадарци.

Одбележувањето на овој јубилеј би се реализирало на 14 Јануари, 2023 г, во просториите на Музејот на вкусовите во Кавадарци каде има Спомен соба посветена на Васил Хаџиманов, со пригоден настан.

**7 септември 1976 г. 47** години од почнување со работа на **Музеј – галерија Кавадарци.** Со изложбата на словенечкиот сликар и скулптор Марио Вилхар од Љубљана започна со работа Музеј-галеријата од Кавадарци. Музеј-галеријата е општ музеј во кого делуваат историско, археолошко, етнолошко одделение, оддел за заштита на спомениците на културата и одделение за Историја на уметност (ликовно одделение). За ова чествување Музеј-галеријата предлага презентација на изложба и промоција на фотомонографија.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила осмиот (8) ден од денот на со денот на објавувањето во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.08- 7742/35 — СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**22.12.2022 година** — **Претседател,**

**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2023 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-7975/36
23.12.2022 година
Кавадарци

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК,
д-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**аа активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2023 година**

## |.ЦЕЛИ

Основните цели на на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Кадаварци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита;
- Изнаоѓање форми на згрижување на социјално ранливите групи;
- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Подобрување на стандардот на граѓаните;
- Создавање услови за поквалитетни услуги на децата и младите во локалната заедница;
- Осовременување на воспитните и образовните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови и услуги на инклузија на лица со посебни потреби.

## ||.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон потикнување, подржување и помагање за остарување на целите на оваа Програма и тоа:

- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на семејства погодени од елементарни непогоди (пожар, поплава);
- Помош на семејства за лекување;

- Помош на поединци во областа на културата;
- Помош на семејства од семејно насилство;
- Информирање на социјално загрозените семејства на правата и обврските;
- Набавка на опрема (помагала) за хендикепирани лица;
- Новородени деца во 2023 година;

Финансиските средства наменети за Програмата се распределени,

- За социјална помош на Заедницата по сите основи во висина од 2.000.000 денари:
- Помош за новородени деца во висина од ..........,..................2.000,000 денари

Се вкупно за Програмата: 4.000.000 денари

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите во областа на социјалната заштита утвредени со оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година.

## IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на Општина Кавадарци.

## V. АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Во Општина Кавадарци има граѓански сектор со цели за социјализација, едукација и инклузија на социјално ранливи групи, деца без родители. Општина Кавадарци ќе ги поддржи нивните напори за иновативни форми за згрижување и социјализација на овие граѓани.

## VI. Други форми на активности

Општина Кавадарци ќе ги спроведува и тоа:

- Обезбедување стручна, техничка помош и друга подршка со кадри и опрема со која располага
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти во областа на социјалната заштита.

VII.ЗАВРШНИОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот (8) ден од денот на на објавувањето на „Сл.гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 7742/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена**
**заштита за 2023 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-7975/37 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита за 2023 година**

|.ЦЕЛИ

Основните цели на на оваа Програма се:

- Унапредување на здравствена заштита активен однос на Советот на Општина Кадаварци кон задоволување на потребите на граѓаните и здравстените институции во областа на здравствена заштита;

||.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита ќе бидат насочени кон потикнување, подржување и помагање на здравстените институции за остарување на целите на оваа Програма и тоа:

- Општа Болница со проширена дејност;

Финансиските средства наменети за Програмата се распределени на следниот начин:

- Финансиска средства на ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност во висина од 500.000,00 денари;

Вкупно: 500.000,00 денар

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите во областа на здравствена заштита утвредени со оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година.

IV.ЗАВРШНИОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот (8) ден од денот на на објавувањето на Сл.гласник на Општина Кавадарци.

Бр.08- 7742/37 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација сојавноста“ во 2023 година**

1 **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за активностите на општина Кавадарци во промоцијана „Комуникација сојавноста“ во 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр.09-7975/38** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **23.12.2022 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **д-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

ПРОГРАМА
**за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста“ во 2023 година**

Комуникацијата со јавноста е приоритет во воспоставувањето на добри релации на Локалната Самоуправа со граѓаните и сите корисници на услугите на Општината. Од тука произлезе потребата за подготовка на оваа

Програма за Комуникација со јавноста,која се базира на искуствата во работењето на Службата за Комуникации со јавноста во општина Кавадарциво изминатите години.

## I. Развојниприоритети и цели

| |
|---|
| Програмата дефинира повеќе приоритетни активности од областа на комуникациите, поточно односите со јавност на Локалната самоуправа со целните групи: граѓаните на Општина Кавадарци како општа јавност и сите сегменти рани јавности, медиумите, институциите, НВО-секторот како и сите други заинтересирани страни:<br><br>-Транспаретно и секојдневно информирање на граѓаните за работењето на Општината.<br><br>- Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација.Затаа цел неопходни сеследните активности кои ќе бидатфинансирани од Буџетот на Општината. |
| Проекти |
| **1.Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.)** |
| **2. Издавање на општинско јавно гласило „Кавадаречки ИНФОРМАТОР“** |
| **3. Изработкана: Плакети, признанија, сувенири и друг вид на обележја** |
| **4. Летоци и брошури (отчет)** |
| **5. Брошуратуристичка** |
| **6. Туристичкакарта** |
| **7. Пригодна хартиена и картонска амбалажа** |

## II. Проектниактивности

## ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА

| 1. | **Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување, јавен повик, соопштение и сл.) во државни печатени** |
|---|---|
| **Описнаактивности:** | Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалнит емедиуми(**печат**),согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон |
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Освен транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатитепублики, посилата на неколку различни предметни закони, од различни сферина работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди.<br>✓ Некои закони предвидуваа тогласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик различен од македонскиот.<br>✓ На овој начин се постигнува поголема видливост и отчетност на локалната самоуправа за работи кои се од директени |
| **Очекуванирезултати:** | ✓ Подобрување надвонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современиканалинакомуникација, но и поголема и благовременаинформираност |
| **Целнагрупа:** | Граѓаните на Општина Кавадарци, инвеститори, медиуми, ученици, пензионери, спортисти и останати корисници. |
| **Предвиденафинансискарамка:** | **600.000**денари |
| **Реализатор:** | Општина Кавадарци преку -Печатени медиуми избрани на тендер. |
| **Трошоци:** | - За огласување по сите основи |

| 2. | Издавање на општинско јавно гласило „Кавадаречки ИНФОРМАТОР“ |
|---|---|
| **Описнаактивности:** | Општината во континуитети здава општинско информативно гласило-магазин „Кавадаречки ИНФОРМАТОР“кое бесплатно се доставува до граѓаните во единечен тираж од 500 примероци, во 12 броја годишно. |
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Целта е информирање и афирмација на активностите на општината на најнепосреден начин преку традиционален печатен медиум.<br>✓ Со новинарски пристап и отвореност на магазинот за позначајни сегменти од животот на Општината да постигнеме и информираност на граѓаните (посебно младата популација преку достигнувања во спортот, културата, но и бизнис заедницата). |
| **Очекуванирезултати:** | ✓ Позитивен пристап кајситецелнипублики.<br>✓ Поголематранспарентностзаработата.<br>✓ Зголемувањенарејтинготналокалнатасамоуправа, но и вклученостнаграѓанитевокреирањенасевкупниот позитивен лик. |
| **Целнагрупа:** | Сите граѓани, од училишна возраст до трето доба |
| **Предвиденафинансискарам** | **425.000**денари |
| **Реализатор:** | компанија избрана на тендер |
| **Трошоци:** | -Печатење на „Кавадаречки ИНФОРМАТОР“ |

| 3. | -Плакети, признанија, сувенири и друг вид на обележја |
|---|---|
| **Описнаактивности:** | Општината има обврска да одбележува значајни датуми и настани од својата историја. Општината е должна да ја негува традиција и култура во правец на зачувување и афирмација на трајните вредности. |
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Општината да оддава признание на свои заслужни и истакнати граѓани, поединци и групи, кои постигнале резултати во одредени стопански и општествени области.<br>✓ Преку негување и чување на својата историја, традиција и култура, општината го јакне позитивниот имиџ за своето работење.<br>✓ Скромно се оддолжува кон членови од заедницата, како поттик за натамошни постигнувања и успеси во унапредувањето и |
| **Очекуванирезултати:** | ✓ Подобрена слика во јавноста, како и подобрена медиумска перцепцијаза Општината, која знае да ги почитува нејзиниот потенцијал, традиција култура и ресурси. |
| **Целнагрупа:** | Поединци кои со својата работа, залагање и активности постигнуваат значајни резултати во афирмација на Општината и граѓаните на Кавадарци. |
| **Предвиденафинансискара** | 100.000денари |
| **Реализатор:** | Компанија избрана на тендер |
| **Трошоци:** | Изработка на Плакети, признанија, сувенири и друг вид на обележја. |

| 4. | Летоци и брошури |
|---|---|
| **Описнаактивности:** | Општината има обврска да ги информира граѓаните за трошењето на нивните пари од Буџетот. |
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Да се издаде публикација во која на соодветен начин со текст, бројки и фотографии, ќе се презентираат резултатите од работењето на општината во буџетската година. |

| | |
|---|---|
| **Очекуванирезултати:** | ✓ Зголемена транспарентност во запознавањето на граѓаните за тоа како и каде се трошени нивните пари. |
| **Целнагрупа:** | Граѓаните на општина Кавадарци. |
| **Предвиденафинансискара** | 90.000 денари |
| **Реализатор:** | Компанија избрана на тендер |
| **Трошоци:** | Летоци и брошури |

| 5. | **Брошуратуристичка** |
|---|---|
| **Описнаактивности:** | Во делот на развојот туризмот Општината има задача да изготви промотивни материјали. |
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Да се изработи и отпечати брошура во која преку текст, бројки и фотографии ќе се претстават: природните, историските, културните и стопанските потенцијали на општина Кавадарци. |
| **Очекуванирезултати:** | ✓ Преку туристичката брошура на традиционален начин (печатена) се претставува туристичкиот потенцијал и можностите на општината. |
| **Целнагрупа:** | Туристи, патници намерници, граѓани и медиуми. |
| **Предвиденафинансискара** | 90.000денари |
| **Реализатор:** | Компанија избрана на тендер |
| **Трошоци:** | Брошуратуристичка |

| 6. | **Туристичка карта** |
|---|---|
| **Описнаактивности:** | Во делот на туризмот и неговиот развој Општината има задача да изготви промотивни материјали. |
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Да се создаде продукт на хартија согласно стандардите кој ќе претставува туристичка мапа со претставени знаменитости на градот, општината и регионот. |
| **Очекуванирезултати:** | ✓ На туристите, патниците намерници и на граѓаните да им се понуди мапа за подобрена ориентација при посетата на градот, општината и |
| **Целнагрупа:** | Туристи, патници намерници, граѓани и медиуми. |

| | |
|---|---|
| **Предвиденафинансискара** | **90.000**денари |
| **Реализатор:** | Компанија избрана на тендер |
| **Трошоци:** | Туристичка карта |

| | |
|---|---|
| 7. | **Пригодна хартиена и картонска амбалажа** |
| **Описнаактивности:** | Општината во делот на протоколот има потреба од пригодна хартиена и картонска амбалажа за претставување пред гости и пријатели, дома и во странство. |
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Преку брендиран производ со ознаките и обележјата на општината се надополнува протоколарното претставување. |
| **Очекуванирезултати:** | ✓ Да се подари во културно спакувана амбалажа. |
| **Целнагрупа:** | Гости, деловни партнери, соработници на општина Кавадарци |
| **Предвиденафинансискара** | **30.000** денари |
| **Реализатор:** | Компанија избрана на тендер |
| **Трошоци:** | Пригодна хартиена и картонска амбалажа |

Вкупно предвиде на финансиска рамка со ДДВ:1.425.000 **денари**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **1.425.000 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Кавадарци за 2023година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќ е се појават во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци.

## IV. Завршни одредби

Секторот за Финансии -Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансискии временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма.

Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози за радио стварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Градоначалникот и останатите сектори.

Оваа Програма влегува во сила осмиот (8) ден од денот на на објавувањето на Сл.гласник на Општина Кавадарци.

Бр.08- 7742/38 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за волонтери во Општина Кавадарци за 2023 година**

**1 СЕ ОБЈАВУВА** Програма за за волонтери во Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-7975/39 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 6 став 2 од Законот за волонтерството („Службен весник на Република Македонија" бр. 85/07, 161/08, 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19 и 103/21) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ВОЛОНТЕРИ ВО
## ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2023 ГОДИНА

I. Општа одредби

Член 1

Со оваа Програма се утврдува потребата од ангажирање на волонтери, видот на услугите и начинот на вршење на волонтерството и постапката за обезбедување на истите.

Член 2

Волонтерството претставува активност од интерес за Република Северна Македонија кое придонесува за подобрување на квалитетот на животот со активно вклучување на луѓето во општествениот живот, како и за развој на хумано и рамноправно демократско општество.

Член 3

Под волонтерство се подразбира доброволно давање на лични услуги, знаења и вештини и /или вршење на други активности во корист на други лица,органи,организации и други институции, без надоместок.

Со Законот за волонтерство не се ограничува можноста да се даваат волонтерски услуги кои се дел од непостојана или случајна природа на доброволна основа, без надоместок.

Под волонтерство, според Законот за волонтерство, не се подразбира вршење на волонтерски стаж, согласно со Законот за работните односи.

Член 4

Волонтер е физичко лице кое дава услуги,вештини и знаења во корист на други лица, органи, организации и други институции, на доброволна основа и без финансиска или друга лична добивка.

II. Услови и начин на вршење на волонтерството

Член 5

Волонтер може да биде домашно физичко лице.

Волонтер може да биде и малолетно лице со писмена согласност од неговите родители или старатели. Договор за волонтирање со малолетни лица може да се склучи само со писмена согласност од неговите родители или старатели.

Одредбите од Законот за работните односи, кои се однесуваат на заштита на лицата од 15 до 18 години, соодветно се применуваат на малолетните лица кои волонтираат.

Член 6

Организатор на волонтерската работа е Општина Кавадарци.

Член 7

Организаторот на волонтерската работа не смее волонтерот да го стави во нееднаква положба поради расата, бојата на кожата,полот,возраста,здравствената состојба, односно инвалидност,религиозното,политичкото или друго убедување,националното или социјалното потекло, статутот на семејството,имотната состојба,половата насоченост или заради други лични околности.

III. Потреба од ангажирање на волонтери

Член 10

Општина Кавадарци има потреба од ангажирање на волонтери, за извршување на работи од надлежност на локалната самоуправа, за спроведување на активности по проектот „За чисто и убаво Кавадарци” и спроведување на тековни непредвидени волонтерски активности.

IV . Вид на услуги

Член 11

Волонтерските услуги се однесуваат на доброволно извршување на активности за почист и позелен град и тоа:

- оплеменување на зеленилото низ градот,
- засадување на нови садници,
- подигање на нови зелени површини низ градот,
- средување на јавните зелени површини низ градот,
- кастрење на вегетацијата,
- и одржување на селските патишта и фудбалски игралишта ,
- како и чистење и одржавање на чистотата на повеќе локации како што се: просторот на поранешна дискотека Ла Луна, градски парк,

месноста Моклиште, околината покрај новиот суд, главните влезови на градот, околината кај споменикот 12 те Другари и други локации,

- и други тековни непредвидени волонтерски активности.

V. Начин и постапка за обезбедување на волонтерските услуги

Член 12

Постапката за ангажирање на волонтер започнува со објавување на Јавен повик за аплицирање на кандидати за волонтирање во Општина Кавадарци на веб страната на општината и на огласна табла во општината.

По објавениот јавен повик за аплицирање на кандидати за волонтирање во Општина Кавадарци се поднесува пријава од страна на кандидатот- волонтер, по што се поднесува предлог до Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Доколку од страна на Градоначланикот е одговорено позитивно во врска со предлогот за склучување на Договор за волонтирање, со барателот за волонтирање се склучува договор за волонтирање помеѓу волонтерот и општина Кавадарци застапувана од страна на Градоначалникот.

Во договорот за волонтирање се утврдуваат правата и обрврските на двете договорни страни и се прецизира периодот за извршување на волонтерската работа.

VII. Надоместоци за трошоци на волонтерите

Член 13

Волонтерот за давањето на услугите, знаењата и вештините за работи од надлежност на Општината има право на надоместок на трошоци за храна и трошоци за превоз до и од местото на волонтирање во висина од 15% од просечната месечна плата во Републиката, исплатена за претходната година.

За волонтирање со пократко работно време од полното работно време процентот за трошоци за храна и трошоци за превоз за доаѓање во Општината за волонтирање и враќање до местото на живеење ќе се пресметува пропорционално согласно процентот утврден во став 1 на овој член во зависност од утврденото времетраење на работното време.

Секторот за управување со човечки ресурси изготвува месечен извештај за исплата на ангажираните волонтери и го доставува до Секторот за финансиски прашања.

Во буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година, буџетска програма ГА, конто 425990, има обезбедено финансиски средства во висина од 1.620.000,00 денари.

VIII. Евиденција на волонтерската работа

Член 14

Општина Кавадарци води евиденција на волонтерската работа на сите волонтери во која се внесуваат следните податоци: лични податоци на

волонтерот, број на договор склучен со физичкото лице, времетраење на договорот , евидентна листа за присуство со потпис на волонтерот. Месечнатаевиденција за спроведените активности на волонтерите ја врши државен службеник од Одделението “Мој општинар”.

IX. Преодни и завршни одредби

Член 15

Оваа Програма се донесува за 2023 година.

Оваа Програма влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 7742/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци**

1 **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/40** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**За обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци**

**Вовед**

Општина Кавадарци покрај постојаната поддршка на програми проекти за спортска и рекреативна активност на младите од градот кои се предуслов за правилен раст и развој на младите, континуирано инвестира во инфраструктурни објекти кои се во насока на оставрување на овие цели.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од од Законот за Локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 38/96, .... 35/19 и 275/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19 и 89/22), член 82 став 1 точка 30, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05....... 75/21), расправајќи по Финансискиот План за 2023 година на МХЕЦ „Лукар“ ДООЕЛ Кавадарци,

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе ,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Финансискиот План за 2023 година на МХЕЦ „Лукар“ ДООЕЛ Кавадарци**

**1.СЕ УСВОЈУВА** измената на Финансискиот План за 2023 година на МХЕЦ „Лукар“ ДООЕЛ Кавадарци, со арх.бр. 02-2240/11, донесена на седница на Управен одбор на ЈП„Комуналец“ Кавадарци, одржана на ден 13.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 7742/57** СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност на Одлука за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на**
**ЈП „Комуналец“ Кавадарци од минати години**

**1 СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност на Одлука за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП „Комуналец“ Кавадарци од минати години, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/58** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002), а во врска со член 11 став 1 точка 5

од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96....35/19 и „Сл.весник на РСМ“ бр.275/19.....89/2022), член 82 став 1 точка 31 , член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП „Комуналец“ Кавадарци од минати години**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлука со арх.бр. 02-2240/15 за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП „Комуналец“ Кавадарци од минати години, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, на седница одржана на ден 13.12.2022 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 7742/58** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност на Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плакање на долг на физички лица корисници на**

**комунални услуги и трошоци во постапка (судска такса, нотарска награда и нотарски трошок) спроведена пред надлежен суд или нотар**

1 СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плакање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка (судска такса, нотарска награда и нотарски трошок) спроведена пред надлежен суд или нотар, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/59** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност на Одлука**
**за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци,**
**донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци**

1 СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/60** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.12.2022 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002), а во врска со член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96....35/19 и „Сл.весник на РСМ“ бр.275/19.....89/2022), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање согласност на Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка (судска такса, нотарска награда и нотарски трошок) спроведена пред надлежен суд или нотар**

### Член 1

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлука со арх.бр. 02-2240/4 за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка(судска такса, нотарска награда и нотарски трошок) спроведена пред надлежен суд или нотар, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, на седница одржана на ден 13.12.2022 година.

### Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 7742/59** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРАЦИ“ Кавадарци за 2023 година**

1 **СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРАЦИ“ Кавадарци за 2023 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/61** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од од Законот за Локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96....35/19 и „Сл.весник на РСМ“ бр.275/19.....89/2022), член 82 став 1 точка 30, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05 ........ 75/21), расправајќи по Програмата за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРАЦИ“ Кавадарци за 2023 година,

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе ,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на**
**Програмата за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРАЦИ“ Кавадарци за 2023 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРАЦИ“ Кавадарци за 2023 година, со арх.бр. 02-2660/3 донесена на седница на Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРАЦИ“ Кавадарци, одржана на ден 19.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 7742/61** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од од Законот за Локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02) член 82 став 1 точка 30, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05 ........ 75/21), расправајќи по Програмата за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРАЦИ“ Кавадарци за 2023 година,

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе ,

З А К Л У Ч О К

1.Советот на Општина Кавадарци го задолжува менаџментот на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, да изготви анализа од аспект на приходи, за искористеноста на паркинг

зоните за периодот од 21-22 часот во работни денови како и за сабота и недела, и истата да ја достави Совет на Општина Кавадарци до првата наредна седница.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08- 7742/61 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност на Одлука утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност на Одлука утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-7975/62 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" 5/2002) а во врска со член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96....35/19 и „Сл.весник на РСМ" бр.275/19.....89/2022), и член 82 став 1 точка 31, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлука со арх.бр. 03-2524/3 за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, на седница одржана на ден 28.11.2022 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08- 7742/62 — СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**22.12.2022 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Одлука за давање согласност на Одлука утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци**

1 **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност на Одлука утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр.09-7975/63** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **23.12.2022 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **д-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02) , а во врска со член 3 став 2 и член 42 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15...275/19), Записник од Комисија за процена на вредност на автобуски постојки во Општина Кавадарци со арх.бр.11-7743/1 од 15.12.2022 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење, стопанисување и одржување на урбана опрема – автобуски постојки, без надомест на Јавно претпријатие за превоз на патници**
**ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци дава на трајно користење, стопанисување и одржување на урбана опрема – автобуски постојки, без надомест на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, и тоа:

1 Автобуска постојка бр. 2 со локација од двете страни на регионалниот пат Кавадарци - Неготино во с. Марена. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 16 м2
**Поставени две постојки со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 120.000,00 денари.**
2Автобуска постојка бр. 3 се одредува локација на ул „Страшо Пинџур" во Ваташа –пред Иле Мак од едната страна на улицата; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2
**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**
3. Автобуска постојка бр. 4 на ул „Страшо Пинџур" во Ваташа – од двете страни на улицата кај училиштето. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 16 м2
**Поставени двепостојки со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 120.000,00 денари.**
4. Автобуска постојка бр. 5 на на ул „Страшо Пинџур" во Ваташа – од двете страни на улицата кај Карамбол; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 16 м2
**Поставени двепостојки со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 120.000,00 денари**.
5. Автобуска постојка бр. 6 на ул. „Страшо Пинџур" во Ваташа-од двете страни кај Ваташката пошта. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 16 м2
**Поставени двепостојки со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 120.000,00 денари.**

6 Автобуска постојка бр. 7 на ул. „Страшо Пинџур" од едната страна кај зграда број 59б; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2
**Поставенаеднапостојкасо вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**

7. Автобуска постојка бр. 8 - на ул. „7 Септември" спроти Дом на Култура „Иван Мазов Климе" Кавадарци; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2
**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**

8. Автобуска постојка бр. 9 - на ул. „7 Септември" пред Градски Музеј Кавадарци. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2

**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**
9. Автобуска постојка бр. 10 - на ул. „Шишка" кај Пела од едната страна на улицата; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2
**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**
10. Автобуска постојка бр. 11 - на ул. „Шишка" кај Расадникот од двете страни на улицата ; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 16 м2
**Поставени две постојки со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 120.000,00 денари**.
11. Автобуска постојка бр. 12 - на ул. „Шишка" кај Болницата од една страна на улицата; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2
**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**
12. Автобуска постојка бр. 13 - на ул. „Шишка" кај куќен број 156, од една страна на улицата; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2
**Поставена една постојкасо вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**
13. Автобуска постојка бр. 14 - на ул. „Шишка" во нас. Глишиќ од двете страни на улицата; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 16 м2
**Поставени две постојки со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 120.000,00 денари**.
14. Автобуска постојка бр. 16 - на ул „Илинденска" кај „Екстра Бус" од двете страни на улицата; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 16 м2
**Поставени две постојки со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 120.000,00 денари**.
15. Автобуска постојка бр. 17 - на ул „Вељко Влаховиќ" кај Гранична полиција од двете страни на улицата; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 16 м2
**Поставени две постојки со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 120.000,00 денари**.
16. Автобуска постојка бр. 18 - на ул. „Гоце Делчев" на потегот помеѓу бул. „Моша Пијаде" и ул. „Ѓуро Салај" одедна страна на улицата; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2

**Поставенаедна постојкасо вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**

17. Автобуска постојка бр. 19 - на ул. „Гоце Делчев" кај ТВ сервис на患Перодршко од една страна на улицата; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2

**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**

18. Автобуска постојка бр. 20 - на ул. „Пионерска" кај ООУ „Тоде Хаџи Тефов" од двете страни на улицата; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 16 м2

**Поставени две постојки со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 120.000,00 денари**.

19. Автобуска постојка бр. 21 - на ул. „Народен Фронт" кај куќен број 32 (вториот триаголник) од двете страни; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 16 м2

**Поставени две постојки со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 120.000,00 денари**.

20. Автобуска постојка бр. 22 - на ул. „Слога" пред спојот со ул „Браќа Џунови" од една страна на улицата; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2

**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**

21.Автобуска постојка бр. 23 - на ул. „Киро Крстев" кај Брушански мост од двете страни на улицата; Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 16 м2

**Поставени две постојки со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 120.000,00 денари**.

22.Автобуска постојка бр. 26 - на ул. „Димката Ангелов Габерот" кај ООУ „Страшо Пинџур" од едната страна. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2

**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**

23.Автобуска постојка бр. 27–на ул „Димката Ангелов Габерот" кај ООУ „Тошо Велков Пепето" од едната страна. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2

**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**

24.Автобуска постојка бр. 29 - на ул „Булевар Моша Пијаде" (кај детската градинка Гоце Делчев) од една страна. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2

**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**
25.Автобуска постојка бр. 31 - град Кавадарци кон с.Возарци на влезот во с.Возарци. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2
**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**

26.Автобуска постојка бр. 34 - на ул „Вишешница" кај Градски Базен од едната страна на улицата. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2
**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**
27. Автобуска постојка бр. 35 - на ул „Западен Булевар" кај Градска Капела на патот Кавадарци - Прилеп од едната страна. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2
**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**
28. Автобуска станица бр. 36 - во село Марена после мостоткон с.Сопот од левата страна. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2
**Поставена една постојка со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**
29. Автобуска постојка бр. 37 - на ул „Ресавска" пред нова градинкаод двете страни. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 16 м2
**Поставени две постојки со вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 120.000,00 денари**.
30. Автобуска постојка бр. 38 – на ул „Западен булевар" кај спортска сала Јасмин од една страна. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2
**Поставена една постојкасо вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**
31. Автобуска постојка бр. 39 село Раец од една страна. Типска опрема за автобуска постројка Тип – А на површина од 8 м2
**Поставена една постојкасо вкупна цена за изработка и монтажа со вредност од 60.000,00 денари.**

<u>Вкупен број на постојки 43 x 60.000,00 денари = 2.580.000,00 денари</u>

**Член 2**

Урбаната опрема-автобуски постројки од член 1, Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци може да ги користи и отстапува како рекламни и информативни паноа.

Цената за рекламирање ке биде утврдена со посебна одлука.

**Член 3**

На урбаната опрема-автобуски постројки што е предмет на отстапување на оваа Одлука, не смеат да се рекламираат содржини, текстови, слики, цртежи и сл.од навредлива природа, содржини кои што имаат за цел или претставуваат повреда на достоинството на човекот и/или предизвикуваат чувство на омраза, страв или создаваат непријателско, понижувачко или навредливо однесување во однос на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба.

**Член 4**

Корисникот на урбаната опрема – автобуски постројки, е должен да ја осигура урбаната опрема од член 1, да обезбеди чување и заштита на истиот, економично и соодветно користење и уредно и навремено извршување на обврските што произлегуваат од користењето на урбаната опрема-автобуски постројки.

**Член 5**

Со оваа Одлука се овластува Градоначалникот да склучи Договор за уредување на мегусебните односи со Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци", а ќе започне да се применува од 10.01.2023 година.

**Бр.08- 7742/63** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на
### Одлука за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Росоман

1 **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Росоман, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр.09-7975/64** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **23.12.2022 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **д-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 23 од Законот за превоз во патниот сообракај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/2011, 53/2011, 6/2012, 23/2013, 120/2013, 163/2013, 187/2013, 42/2014, 124/15, 125/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19 и 67/2022), член 132 став 1, член 82 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Росоман**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Росоман и тоа:

**С П О Г О Д Б А**
**за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Росоман**

**Заклучена на ден ____________ година, помеѓу:**

1. **Општина Кавадарци - Локална самоуправа** со седиште на Плоштад Маршал Тито бр.2 Кавадарци со ЕМБС 5995965 и ЕДБ 4011004124215 застапувана од Градоначалникот на Општината д-р Митко Јанчев, од една страна , и

2. **Општина Росоман - Локална самоуправа** со седиште на ул.„Пролетерска" бр.1а ,Росоман со ЕМБС 5995965 и ЕДБ 4011004124215 застапувана од Градоначалникот на Општината Стојан Николов , од една странаод друга страна.

Член 1

Со оваа Спогодба, Општина Кавадарци и Општина Росоман се спогодија заеднички да го организираат меѓуопштинскиот линиски превоз на патници, што се врши на територијата на Општина Кавадарци и територијата на Општина Росоман (во понатамошниот текст општините), и тоа :

1. Единствена мрежа на линии;
2. Возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување;
3. Локација на автобуски стојалишта, нивно обележување, опремување, одржување и користење;
4. Тарифен систем и систем на наплата и
5. Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на мегуопштински линиски превоз.

Член 2

Меѓуопштинскиот линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци и територијата на Општина Росоман, ќе го врши ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци (во понатамошниот текст –јавното претпријатие).

Член 3

Заедничкиот организиран линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци и Општина Росоман јавното претпријатие ке го врши врз основа на лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници издадена од страна на Општина Кавадарци, како и регистриран возен ред од страна на градоначалникот на општина Кавадарци кој ја издава лиценцата и дозвола за линија издадена исто така од страна на градоначалникот на општина Кавадарци.

Член 4

Заедничкиот организиран линиски превоз на патници се врши со автобуси кои ги исполнуваат техничките стандарди за вршење на превоз на патници, согласно Законот за превоз во патниот сообраќај и Правилникот за посебните технички експлоатациони услови, за возилата за вршење на одделни видови на превоз во патниот сообраќај за формата и содржината на потврдата за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови.

Член 5

Јавното претпријатие по добивање на лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превоз на линијата откако ќе добие дозвола и регистрира возен ред.

При вршењето на заедничкиот организиран линиски превоз на патници превозникот е должен во возилото да има извод од лиценца, дозвола, регистриран возен ред, уредно пополнет патен налог и иститe треба да бидат во оригинал.

| ПРИГРАДСКИ ПРЕВОЗ ЛИНИЈА БРОЈ 30 | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КАВАДАРЦИ | | | | МАНАСТИРЕЦ | Трстеник | СИРКОВО | РОСОМАН | РИБАРЦИ | | КАВАДАРЦИ | | |
| 05:10 ; 16:15; 19:30 | | | | | | | | | | 1 | 2 | 3 |
| Тргнување од Депо Кавадарци | Тргнување | | | Тргнување | Тргнување | Тргнување | Тргнување | Тргнување | Пристигнување Кавадарци Постројки | | | |
| | 05:10 | 16:15 | 19:30 | 05:28 | 05:35 | 05:46 | 05:54:00 | 06:05:00 | | | | |
| 40. Екклузив | 05:12 | 16:17 | 19:32 | 17:11 | 17:02 | 16:51 | 16:43:00 | 16:34:00 | 40. Екклузив | 06:20:00 | 17:23 | 20:28 |
| 16.Стрит бар | 05:14 | 16:19 | 19:34 | 20:26 | 20:17 | 20:06 | 19:58:00 | 19:49:00 | 16.Стрит бар | 06:22:00 | 17:25 | 20:30 |
| 32. Стара Автобуска | 05:16 | 16:21 | 19:36 | | | | | | 32. Стара Автобуска | 06:24:00 | 17:27 | 20:32 |
| 33. Москва | 05:18 | 16:23 | 19:38 | | | | | | 33. Москва | 06:26:00 | 17:29 | 20:34 |

Член 6

ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци., ке го врши меѓуопштинскиот линиски превоз на патници, на територијата на двете општини, по добивање на согласност на оваа Спогодба Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија.

Член 7

***1 .***Со оваа Спогодба се утврдува единствената мрежа на линии, траса , возен ред и тоа :

Линијата е одредена релација и правец на возење од почетната автобуска станица до крајната автобуска станица на која се превезуваат патници во линискиот патен

превоз, согласно со однапред утврден, регистриран и објавен возен ред и цена на превозот.

Член 8

Линијата во мегуопштинскиот линиски превоз на патници има свој број и назив.
Називот на линијата се означува со името на почетно - крајното свртувалиште.
Бројот на називот на линијата се поставува во возилото, на автобуските стојалишта.

Бројот на називот на автобуската линија е испишан на бела основа со црни печатни букви на македонски јазик со кирилско писмо.

Бројот и називот на автобуската линија се истакнуваат на предната и бочната десна страна на автобусот.

Член 9

***2.*** **Возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување**

Возниот ред содржи: број и назив на линијата, почетно-крајно свртувалиште, доаѓање и поаѓање на возилата од почетно-крајните свртувалишта односно терминалите и рокот на важност на возниот ред.

**Член 10**

Возниот ред се истакнува:
1.во возилото;
2.на автобуските стојалишта каде што минува линијата;
3.на огласната табла во населеното место каде поминува линијата.

**Член 11**

Јавното претпријатие е должно линиите да ги одржува согласно со регистрираниот возен ред.
Влегувањето и слегувањето на патниците се врши само на постојките согласно утврдениот возен ред.
При одржување на возниот ред на секоја линија, превозникот е должен да застанува само на постојките и свртувалиштата утврдени со оваа Спогодба.

**Член 12**

Во текот на возењето според возниот ред, превозот на мегуопштинската линија може привремено да биде запрен поради прекинување на сообраќајот на трасата.
ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци е должно за привремено запирање на линијата веднаш да ги извести општините и јавноста преку средствата за јавно информирање.
Јавното претпријатие е должно возниот ред и секоја негова промена да ги објавува на својата веб страна и да ги истакнува на почетно-крајните свртувалишта и попатни стојалишта.
ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци е должен преку средствата за јавно информирање да го објави започнувањето на мегуопштинскиот линиски превоз според возниот ред .

ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци има обврска до го запази временскиот интервал на станиците од делот на заедничката траса на одобрените возни редови за мегуопштински линиски превоз, во возниот ред на кој е сотавен дел на оваа спогодба.

Член 13

***3.* Локација на автобуски постојки, нивно обележување, опремување, одржување и користење**

Локацијата на автобуските стојалишта е утврдена во член 7 од оваа одлука, а автобуските свртувалишта лоцирани на подрачјето на општините се на следните места:

-Кавадарци и

-Росоман.

Работите на опремување, одржувањето и користењето на постојките во мегуопштинскиот линиски превоз на патници ги врши ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци

**Член 14**

Автобуските постојки се обележуваат со табла.

Таблата од став 1 на овој член содржи: натпис на автобуското стојалиште , како и други натписи што служат за известување на патниците (возен ред и сл.).

Таблата од став 1 на овој член се истакнува на видно место на самото автобуско стојалиште.

Коловозната површина на автобуските стојалишта и свртувалишта, се обележува со стандардната ознака ”БУС” со жолта боја, од страна на субјектот задолжен за обележување да улиците.

**Член 15**

Автобуските постојки треба да имаат:

1. настрешница за заштита на патниците од атмосферски влијанија, изградена од погоден материјал;
2. број и назив на линиите што поаѓаат, доаѓаат и поминуваат од основното стојалиште или свртувалиште;

- автобуските т стојалишта можат да имаат и:

1.урбана опрема;

2.рекламни паноа;

3.други содржини.

**Член 16**

Авотбуските постојки може да се користат за реклама, пропаганда и известување.

**Член 17**

**4.Тарифен систем и систем на наплата**

Тарифниот систем го утврдува Советот на Општина Кавадарци на предлог на Управниот Одбор на Јавното претпријатие.

**Член 18**

Во мегуопштинскиот линиски превоз на патници се утврдува единствен тарифен систем.

Возните билети, цената на услугата, систем на наплата и начин на контрола на наплатата на превозната услуга се единствени и нивната примена е задолжителна.

Возните и претплатните билети ги обезбедува Јавното претпријатие.

**Член 19**

Во возилото со кое се врши мегуопштински линиски превоз на патници треба да има андроид мобилен уред, за евиденција, регистрирање на билетите .

Јавното претпријатие може и на други организирани места да продаваат возни билети само за одобрените линии за кои е издадена дозвола во согласност со одбрениот возен ред и цената.

Возниот билет што го издава превозникот содржи:

-назив на превозникот

-место на тргнување и пристигнување односно зона за вршење за мегуопштинскиот линиски превоз

-период на важење на билетот

-Цена на превозот.

Превозникот може на целата линија да врши превоз и со повеќе возила(бис возење).

**Член 21**

За користење на услугите на превозот, патникот е должен во возилото да има поништен билет, претплатен билет, или друга возна легитимација.

Патникот е должен на барање на службеното лице во возилото да покаже возен билет кој е поништен за време на користење на услугата, исправен претплатен билет или друга исправна возна легитимација.

Патникот кој нема исправен билет, претплатен билет или друга легитимација должен е да плати казна.

Член 22

5. **Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на мегуопштински линиски превоз**

Критериумите за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на мегуопштински линиски превоз се утврдени во Законот за превоз во патниот сообракај.

Измена и дополнување на одредбите може да побара секоја општина потписник на оваа спогодба .

Раскинување на оваа спогодба може да бара една од договорните страни по птретходно писмено известување за причините за раскинување.

**С П О Г О Д Б Е Н И С Т Р А Н И**

| | |
|---|---|
| Општина Росоман | Општина Кавадарци |
| Градоначалник | Градоначалник |
| Стојан Николов | д-р Митко Јанчев |
| --------------------------- | ----------------------------- |

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната Спогодба за заедничко организирање на мегуопштински линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Росоман .

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

| | |
|---|---|
| **Бр.08- 7742/64** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **22.12.2022 година** | **Претседател,** |
| **К а в а д а р ц и** | **д-р Стојанчо Рамов** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на**
**Програмата за работа на Јавното претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРАЦИ" Кавадарци**
**за 2023 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРАЦИ" Кавадарци за 2023 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/65** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од од Законот за Локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96....35/19 и „Сл.весник на РСМ“ бр.275/19.....89/2022), член 82 став 1 точка 30, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05 ........ 75/21), расправајќи по Програмата за работа на Јавното претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци за 2023 година,

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе ,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на**
**Програмата за работа на Јавното претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРАЦИ“ Кавадарци**
**за 2023 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Јавното претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРАЦИ“ Кавадарци за 2023 година, со арх.бр. 02-37/3 донесена на седница на Управен одбор на Јавното претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРАЦИ“ Кавадарци, одржана на ден 20.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 7742/65** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност на Информација**
**бр.01-35/1 од 19.12.2022 година од**
**ЈП„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност на Информација бр.01-35/1 од 19.12.2022 година од ЈП„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр.09-7975/66** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **23.12.2022 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **д-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Информација**

**бр.01-35/1 од 19.12.2022 година од**

**ЈП„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**Член 1**

Се дава согласност на Информација бр.01-35/1 од 19.12.2022 година од ЈП„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена од Вршителот на должност Директор на ЈП„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 7742/66** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7975/67** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**23.12.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр.5/2002), а врска со член 9, 19 и 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/2011, 53/2011, 6/2012, 23/2013, 120/2013, 163/2013, 187/2013, 42/2014, 124/15, 125/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19 и 67/2022), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци**

Во Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци ( „Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр. 24/22 ), се врши следната измена и дополнување:

**Член 1**

Во член 5 , Линии Јавен приградски превоз, Линија 30 СЕ МЕНУВА и гласи:
„Кавадарци-Манастирец-Трстеник-Сирково-Росоман-Рибарци-Кавадарци„

Во член 23, Линии Јавен приградски превоз, Линија 30 СЕ МЕНУВА и гласи:
„Кавадарци-Манастирец-Трстеник-Сирково-Росоман-Рибарци-Кавадарци„

Се менува и прилог бр.1 –Возен ред, составен дел на оваа Одлука.
Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 7742/67** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

| | Пропратни автобуски постојки | Тргнување/ Враќање | | Пристигање | Враќање | | Пристигање | Враќање | Пристигање | Враќање | | Пристигање | Враќање | Пристигање | Враќање | Пристигање | Враќање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 16.Стрит бар | 09:02:00 ;15:32 | 11:59:00 ; 17:55 | 09:47 | | | 09:54 | | 10:06 | | | 10:18:00 | | 10:38:00 | | 10:45:00 | 11:00 |
| | 32. Стара Автобуска | 09:04:00 ;15:34 | 11:57:00 ; 17:53 | 16:49 | | | 16:56 | | 17:08 | | | 17:20:00 | | 17:40:00 | | 17:47:00 | 17:55 |
| | 21 Втор тријаголник | 09:07:00 ; 15:37 | 11:55:00 ; 17:50 | | | | | | | | | | | | | | |
| | 7 Бела Ема | 09:09:00 ; 15:39 | 11:53:00 ; 17:48 | | | | | | | | | | | | | | |
| | 6 Ваташка Пошта | 09:11:00 ; 15:41 | 11:51:00 ; 17:46 | | | | | | | | | | | | | | |
| | 5 Карамбол | 09:13:00 ; 15:43 | 11:49:00 ; 17:44 | | | | | | | | | | | | | | |
| ВРЕМЕ | 4 ООУ Д.А.Г.-Ваташа | 09:15:00 ;15:45 | 11:47:00 ; 17:42 | | | | | | | | | | | | | | |
| | Иле мак | 09:17:00 ; 15:47 | 11:45:00 ; 18:40 | | | | | | | | | | | | | | |

Возен ред Ученици

| Возрн ред Училишен преовоз | | доаѓање | Враќање Од училишта |
|---|---|---|---|
| Сопот | кавадарци | 07:15 | 14:10 |
| марена | кавадарци | 07:21 | 14:10 |
